**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на Сто дваесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 9 февруари 2006 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа по Сто дваесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Иван Стоилковиќ, Рафет Муминовиќ, Ванчо Ѓорѓиев, Али Ахмети, Абдулаким Адеми, Љубчо Георгиевски, Абдулади Вејсели, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Продоложуваме по 14 точка -Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот јавните собири, со Предлог на закон**

Продолжуваме по претресот по Предлогот за донесување на закон.

Има збор пратеникот Бонева Силвана, повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, веќе два дена дискутираме за Предлогот на закон за измена и дополнување на законот за јавни собири. Во дводневната расправа слушнавме многу кажувања и од страна на пратениците од опозицијата и од страна на предлагачите, пратениците на парламентантарното мнозинство. Но, јас лично и пратеничката група на која што јас припаѓам не не убедивте во добронамерноста на носењето на овој закон, зошто тргнавте во оваа авантура иако од ваша страна беше кажувано дека целта е да се заштитат гаѓаните во Република Македонија кои што не протестираат од, како што беше овде кажано теророт од стана на оние кои што протестираат.

Останаа отворени многу прашања кои што ги предлагате со законот за кои што поставувавме прашања да ни се даде одговор, зошто решенијата не се доречени, зошто нема јасно прецизирани одредби за да се знае кој за што одгорвара и кој што цени, но во расправата место тоа добивме само напади и квалификации и имавме овде расправа како да расправаме по информацијата за протестите кои што се одвиваа во предходниот период, наместо да слушнеме аргументи и одговори за сите прашање кои што ги поставивме, а кои што навистина се уште се нејасни во овој Предлог на закон.

Јас ќе се осврнам накратко најпрвин на решението на членот 1 во кој што се вели дека правото на гаѓаните на јавно собирање може да се ограничи за да се спречи дејствувањето на граѓаните насочени кон насилно уривање на уставниот поредок и кон поттикување или повикување на воена агресија или разгорување на национална, расна или верска омраза и нетрпеливост.

Не добивме одговор и нејасно е сеуште според кои критериуми тоа ќе се прави, во каква постапка и кој тоа ќе го цени. Кој ќе го контролира тоа и како и на кој ќе му се референира за активностите кои што ќе ги преземе власта. Нејасно е според кои критериуми, на кој начин може да се прекине јавен собир доколку власта оцени дека говорниците на јавниот собир поттикнуваат расна, верска или национална омраза, или пак со нивното зборување сакаат да го срушат уставниот поредок на Република Македонија. Значи, дали ќе се имаат предвид само конкретно искажаните зборови или ќе се цени целиот контекст на искажувањето, кој во тој момент има право да прави таква оценка и кој во тој момент има право да го прекине таквиот собир. Значи, наместо аргументирано да расправаме за сите овие битни прашања кои што ги допира членот 1 имавме само напади од страна на парламентарното мнозинство врз опозицијата дека ВМРО-ДПМНЕ е организатор на протестите кои што се случуваат во Република Македонија.

Не беше даден одговор и што значи тоа соодветно место за таа намена, значи место на кое што ќе можат граѓаните на Република Македонија да одржуваат собири, кој ќе оцени кое е тоа соодветно место и дали местото кое што се бара од страна на оние кои што го најавуааат јавниот собир е токму тоа соодветно место за кое што власта мисли дека е соодветно. Колкав е тој радиус кој што е околу институциите кои што се набројани, пред кои што не смее да се одржуваат јавни собири, еве ќе го земам на пример Собранието на Република Македонија, тука е наблизу Градската болница, кој ќе биде тој радиус во кој што ќе нема да бидат дозволени протести и дали Собранието на Република Македонија заштитено од протестанти бидејќи овде блиску е здравствената усанова Градска болница и за да не довикнуваме требаше тоа јасно да биде кажано од предлагачите на законот, да биде објаснето, или со амандмани да биде прецизирано се со цел да не се прави злоупотреба на овластувањата кои што може да ги има власта и неосновано да забранува да се одржуваат протести на одредени локации.

Значи, нема воопшто јасно кажано врз основа на кои критериуми ќе се определува дека јавниот собир исто така би можел да го попречи слободното движење и работа на граѓаните.

Исто така потребно е да се каже дали конечно во овој закон ќе се прецизира рокот во кој што надлежниот орган потребно е да го извести организаторот на јавниот собир дали и поради кои причини собирот не се дозволува на планираната локација. Значи, многу работи кои

што оставаат простор за злоупотреба, многу одредби кои што прешироко се оставени за да се толкуваат остава простор за злоупотреба од страна на власта. Сега не зборуваме дали во моментов тоа е СДСМ, ЛДП и ДУИ или утре ќе биде било која власт, зборуваме за едно демократско начело и за јасноста на законите кои што треба овде да ги носиме се со цел било која власт да не ги злоупотребува против слободите и правата на граѓаните во Република Македонија.

Во дискусиите кои што се водеа овде во Собранието на Република Македонија посебно ќе се осврнам на дискусијата на господинот Кондарко, јасно беше кажана целта на власта за носењето на овој закон и не само од неговата дискусија, тука се влкучи и потпретседателот и другите пратеници и беше јасно дадено на знаење дека овој закон се носи заради постојните пропусти во Република Македонија и со тоа практички се праќа порака дека треба да им се забрани на лошите граѓани, а тоа се, нели, ВМРО-вците да протестираат и да ги малтретираат другите добри граѓани во Република Македонија.

Почитувани колеги комунистичката пропаганда како и нацистичката во суштина почиваше на параноична матрица на размислување, таа пропаганда постојано се пресметуваше со нивните постоечки и непостоечки странски и домашни народни непријатели. Во образложениото на господинот Кондарко го имавме истиот начин на размислување, се разбира со цел да се претставаат предлагачите на овој закон како спасители од божемниот ВМРО-вски заговор против демократијата, а божемните документи за таквата констатација се извлекуваа од божемните изолирани инциденти кои евентуално се случиле во актуелните протести. Значи, изолираните испади на некој или на некои од протестантите за кои не верувам дека се случиле бидејќи нема ништо пријавено во Министерство за внатрешни работи, се препознава домашен непријател на македонската демокаратија.

Понатаму, госпоѓата Грковска во својата одбрана на предложениот закон, госпоѓицата Грковска, пардон, препознава исто така ВМРО-вски заговор против демократијата, во тоа што претставниците на здружението Глас на светлината ја одбиле поканата за разговор од премиерот на Република Македонија. Барањето на споменатото здружение и е познато на целата македонска јавност. Не бива, не чини не е чесно, премиерот да глуми дека не е информиран за барањата на здружението, а од тоа како споменатото здружение ќе го искористи своето право да оди или не оди на разговор кај премиерот, па да се гради уште една појдовна премиса, инсинуацијата дека ВМРО-ДПМНЕ ја злоупотребува демократијата, дека ги инструментализира споменатите протести за свои, пред изборни маркетиншки цели.

При тоа се заборава дека на сите им е јасно дека партијата на која што и припаѓам е доволно бројна и добро организирана така што може за само неколку часа да ги блокира сите магистални патишта во Република Македонија. Ако ВМРО-ДПМНЕ го избереше тој пат на предизборен маркетинг како вие што велите, верувајте, не неколку раскрсници во Скопје, туку, цела Република Македонија ќе беше паралицирана. Но, ќе се согласите дека не е така. Значи, ВМРО-ДПМНЕ ниту ја злоупотребила демократијата во Република Македонија, ниту ги организира протестите на споменатото здружение. Ние како партија само им даваме морална подржка, како што им даваат и многу не владини организации и други политички партии од опозицијата, се додека тоа го прават културано, достоинствено и согласно постоечките законски прописи. Во тоа што дававме морална подржка на здружениот Глас на светлината во тоа што имало мои сопартици на овие протести, нема ништо не демократско, ништо не морално, како што се сака да се импутира на адресата на ВМРО-ДПМНЕ. Инсинуациите упатени на адреса на ВМРО-ДПМНЕ се измислица на некој од подржувачите на овој закон да се претстави како спасител на демократијата во Република Македонија. А, заборавате почитувани колеги дека демократијата покрај другото е начин на заштита на граѓаните од самоволието на власта. Затоа и во Уставот на Република Македонија стои ограничувањето на правото на протест кое е дадено како можно само во услови на воена или вонредна состојба. Преку дискусиите кои што ги слушавме овде во Собранието, од колегите од парламентарното мнозинство, се покажа јасно дека од дневно политички протреби се предлага закон за да се замолкнат граѓаните да не го искажуваат јавно незадоволството преку протести за владеењето на оваа Влада и за водењето на вашата политика. Па сите граѓани кои што си дозволуваат да протестираат ги жигосавте како лоши ВМРО-вци или граѓани заведени од тие лоши ВМРО-вци и кои што си дозволува да ги малтретира другите граѓани. Заборавивте дури и да продолжите да ги плашате граѓаните со тоа што овде јавно од говорница признавте дека ги следите граѓаните, ги бележите кој каде оди, со што присуствувал, со што учествувал на протестите и ставивте јасно на знаење на македонската јавност дека не се откажувате од старите добро проверени удбашки методи, на следење, на сликање на граѓаните на Република Македонија, да почитувани колеги, тоа во меморијата на граѓаните на Република Македонија не е избришано и вие јасно се потврдивте зошто парламентарната делегација која што требаше да го осуди комунизмот и комунистичкиот режим, репресиите, тоа не го направи. Очигледно е преку ваквото однесување, преку сликањето, преку жигосувањето и јавното прозивање на граѓаните кои што се дрзнале да излезат да протестираат против власта. Вие јасно ставивте на знаење дека не сте се откажале од

овие стари удбашки методи. Само разликата е во тоа што сега го немате Голи оток и Идризово.

Тоа што му го одзедовте правото на народот преку референдум, да го каже своето мислење за мноштво прашања кои што го засегаат за функционирањето на оваа наша држава, ви даде за право и понатму да продолжите во вашиот од кон кратењето на демократските права на граѓаните на Република Македонија и да си носите закони за задоволување на вашите моменталните потреби. И токму од тие причини е на дневен ред овој закон. Како инаку да го протолкуваме вашиот променет став за само неколку месеци, вие, значи оваа гарнитура на власт, оваа Влада и овој состав на пратеници, само за неколку месеци веќе има драстично изменето мислење по однос на овој закон кој што е речиси идентичен со законот кој беше претходно беше предложен исто така од нашите колеги пратеници кои што и сега се потписници на овој закон.

Многупати во овие два дена расправа ве потсетувавме што кажа Владата на Република Македонија за решенијата кои што се нудат во овој закон. За да не заборавите, уште еднаш ќе ви прочитам од мислењата на Владата, што кажавте вие за решенијата кои што се нудеа, а кои што се, повторно ќе кажам идентични, и врз основа на што се одлучивте сега да го промените вашиот став и како тогаш можеше овој предлог на закон да не биде уставен, да не биде демократски, а сега да имаме закон кој што е уставен, е демократски и ги штити правата на граѓаните во Република Македонија, нормално од лошите граѓани кои протестираат.

Само ќе ви прочитам дека: Владата во мислењето кажа, со закон не може да се ограничи правото на јавно собирање, односно граѓаните имаат право мирно да се собираат и да изразуваат јавен протест, без претходно пријавување и без посебна дозвола. Значи, не само што го потврдивте уставното начело, дека е кажано нема потреба граѓаните претходно да се најавуват, туку кажавте дека тоа навистина со закон не може такво нешто да се уреди. Кажавте дека не смее да се ограничи слободата на говорот, бидејќи овие права се загарантирани со Уатавот на Република Македонија и можат да се ограничат само со Уставот. Понатаму, Владата вели, смета дека одредбите од членовите 1 и 4, од предметниот закон не се во согласно со Уставот. Идентичен е се уште членот 4, а членот 1 е само видо изменет и намалени забраните, меѓутоа се уште стојат. Сега, зошто велите дека не се во согласно со овие одредби со Уставот и продолжувам, значи, пак цитатот: од причина што согласно одредбата од членот 51 од Уставот во Република Македонија, законите мораат да бидат во согласно со Уставот и секој е должен да ги почитува Уставот и Законите. Дури и вие кои што во моментов сте на власт, сте должни да ги почитувате Уставот и Законите на Република Македонија, а не да си носите закони според моменталните потреби за да им забраните на граѓаните на Република Македонија да протестираат.

Што стана со таа ваша констатација? Зошто оваа констатација, ова ваше видување за уставноста и законитоста на законот кој што се предалгаше сега не важи. Дали во меѓувреме го промeнивте Уставот, па ние не знаеме. Колку што знам со уставните амандмани, членот 21 и сите други членови, кои што зборуваат за слободата и правата на граѓаните во Република Македонија и за правото на слободни протести, ништо не се промени. Само вашето видување на одредбите на Уставот, значи вашето толкување се измени и сега овде сите не правите заговорници против демократијата, заради тоа што вие сте демократи и вие давате толкување на Уставот и на законите во прилог на граѓаните на Република Македонија и заборавивте што зборувавте пред 3 месеци. Навистина, почитувани колеги, повторно ќе кажам што ве наведе да го промените вашиот став. Знам само дека премиерот на последната интерпелација лично на мене а и на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ се закани дека ќе не европеизира. Да, ние не сме европјеци, ние не сме демократи и тој треба да не европеизира. Наместо европеизација во моментов токму од премиерот, од парламентарното мнозинство, на ВМРО-ДПМНЕ, на граѓаните на Република Македонија им се заговара за жал, болшевизација. За жал, ништо друго не можеме да заклучиме од ваквото ограничување на правата на граѓаните во Република Македонија.

Морам да ве потсетам дека никаква забрана на протести нема да ги реши проблемите во државата. Тие сеуште стојат и за жал, растат. Наместо да работиме заеднички, на решавање на тие проблеми, губиме само скапоцено време. Очигледно е дека почитувани колеги, претставници на власта, на парламентарното мнозинство, очигледно е дека ве фатила предизборна паника, па мислите дека ако ги замолкните граѓаните со закон да не протестираат, дека ќе ја избегнете неизбежната катастрофа на изборите. Верувајте грешите со тоа уште повеќе ќе тонете, бидејќи демократијата не може да се ограничува. Треба да им дозволите на граѓаните на Република Македонија, согласно со Уставот, кој што важи и за вас, не само за другите граѓани во Република Македонија, треба да го почитувате правото на слободен протест и правото на ограничување на тоа право само во услови на војна и вонредна состојба. Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Молам од пријавените кој е за реплика. Момент да запишам. Госпоѓица Грковска, Томиќ, Топузова-Каревска. Вие госпоѓо Топузова и за дискусија сте пријавени? (Само за реплика). Есад

Рахиќ, госпоѓа Ивановска, госпоѓа Гашовска и господин Анастасовски. Други нема.

Пред да му дадам збор на првиот репликант, не знам од кои причини госпоѓо Бонева мене ме спомнавте во вчерашната дискусија. Вчера не дискутирав. Ме поврзавте за некои плаќања на демонстрантите, на протестантите. Така што јас вчера воопшто не дискутирав. Тогаш ќе се разбереме кога ќе дискутирам и ќе ви кажам како перфидно преку локална самоуправа се плаќаат дел од поддржувачите на "Светлина".

Прва за реплика се јави госпоѓица Грковска Славица.

Повелете госпоѓице Грковска.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе, госпоѓо Бонева да бидам искрена ние ниту имавме намера, ниту пак бевме убедени дека ќе ве убедиме во добронамерноста на овој закон, затоа што мислам дека некој што е главен иницијатор на актуелните протести, едноставно, не може да се убеди во спротивното, затоа што мислам дека дури и милион пати да повториме дека со ниту еден збор во овој законски предлог, не се забранува правото на протест, вие тоа нема да го прифатите од две причини: или не сакате да разберете, или навистина не разбирате. За тоа сега ќе ви кажам побавно, за да можете да запишете. Не се забранува правото на протест. Ако како што велите им давате само морална поддршка на "Глас за светлината" и ако имате доволна бројка и доволно сте организирани да ги блокирате сите патишта, зошто тогаш им плаќате по 500 денари на граѓани да излезат на протест.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓице Грковска.

Една минута контра-реплика пратеникот Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитувана колешке, мојот одговор на вашата реплика е: против уставно се ограничува правото на протест на граѓаните на Република Македонија. Запишете си.

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме понатаму со репликите.

Повелете госпоѓа Роза Топузова-Каревска.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам потпретседателе, многу горчина, многу жолчност, во излагањето на госпоѓата Силвана Бонева беа искажани квалификации. Нема да ја прифатам нејзината провокација. Не станавте поголема Христијанка, ако отидовте на молитвениот доручек, всушност, ве одведе вашиот самобендисан и самопрогласен лидер, затоа што овде промовиравте нова терминологија, луѓето кои што протестираа, ги нарековте протестанти и слушнав евангелие за биографијата на Христос. Но, за тоа друг пат впрочем, ќе дискутираме. Сакав само да ви кажам читајте ги онака како што пишува членовите, а не како што ги интерпретира ДПМНЕ. Правото на граѓаните на мирно собирање може да се оствари на начин, со кој мирно ќе се изразува јавниот протест и притоа, нема да се ограничува правото на граѓаните кои не учествуваат на јавниот собир, на слободно движење и другите права утврдени со Уставот на Република Македонија. Никакви војни, никакви јавни морали, никакви изразувања на нетрпеливост, расна, партиска, или не знам што, што овде беше спомнато.

Второ, не се бара дозвола. Токму тоа беше разликата помеѓу оној закон од 4 месеци и овој. Не се бара дозвола. Само се известува подрачната единица на Министерството за внатрешни работи каде ќе се одржи јавниот протест. Тоа е суштинска разлика и ако не разликувате што значи здравствена установа, детски градинки и училишта, кога децата престојуваат во нив, јас навистина не сакам да има протести пред градинките и пред училиштата кога децата се во нив. Можеби за вас тоа не е толку важно и на автопатиштата и на магистралните патишта. Што се однесува дека тоа нема да се знаело дали го прифатил некој протестот како ќе се одржи, уште еднаш ви повторувам. Не се бара, само се известува. И веднаш потоа, од кога ќе биде известено Министерството, секој што е незадоволен од било што од оваа власт, дали е на централно или на локално ниво, може да го изрази своето незадоволство онаму точно каде што му е местото: пред Владата на Република Македонија, пред Собранието на Република Македонија и пред зградите на локалната самоуправа и секако, ако оцени и на некое друго место, каде што нема да го загрози слободното движење. Ве молам, да ги прочитате добро и немојте да ги интерпретирате членовите и Законот онака како што му одговара, единствено на ВМРО-ДПМНЕ. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Топузова.

1 минута контра-реплика пратеникот Бонева Силвана.

**Силвана Бонева:** Почитувана колешке, ви препорачувам да не го интерпретирате Уставот на Република Македонија туку да си го прочитате членот 21 од Уставот на Република Македонија, а јас ќе ви помогнам во тоа, бидејќи очигледно, штом се согласувате за едни вакви решенија, кои што се нудат со овој закон, убедена сум дека ниту сте го разбрале, ниту сте го прочитале. Граѓаните имаат право мирно да се собираат и да изразуваат јавен протест, без претходно пријавување и без посебна дозвола. Ова право може да биде ограничено, само во услови на војна и вонредна состојба. Тоа го толкувајте онака како што е напишано во Уставот.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Следен за реплика е пратеникот Есад Рахиќ.

Повелете господине Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Благодарам господине Најдовски.

Бидејќи госпоѓа Бонева милува да чита член од Уставот, јас ќе и го прочитам членот 27: "секој граѓанин на Република Македонија има право слободно да се движи на територија на Републиката и слично".

Сега сакам на неколку тези нејзини да и укажам каде и е грешката. Дефинитивно после 3 ипол години бавење со политика еволуирала и не само во гардеробата и во изгледот во тенот, меѓутоа вокабуларот и останал ист.

**Слободан Најдовски:** Ве молам, господине Рахиќ, ако продолжите вака ќе ви го одземам зборот. Дискутирајте за дискусијата.

**Есад Рахиќ:** Благодарам.

Да расчистиме. Што се однесува до соработници на УДБА. Први соработници на нејзиниот лидер се поранешни соработници на УДБА и поранешни вработени во УДБА. Толку од УДБАта.

Втора работа, дека ВМРО-ДПМНЕ, само морално и добри и лоши вмровци ги помага не е потребно да се снима, бидејќи ние што сме родени во Скопје, ним ќе им треба малку подобро да го запознаат Скопје и луѓето. Ќе ви кажам нав улицата "Иво Лола-Рибар" има еден цариник од редовите на ВМРО кој што го паркира своето тешко заработено БМВ со СК-010-ИЦ и го блокира моето право да стигнам на работа и на луѓето кои што имаат болни деца. Никој не го ограничува правото на луѓето да протестираат. Апсолутно се согласувам. Но се обидува со овие измени на законот да се стави ред за тоа кој може да протестира. Јас мислам дека ова што ние го носиме како закон, како измени на законот, оди токму во корист на ДПМНЕ, кои што пледираат да бидат следните властодршци во Република Македонија, затоа што со нивното владеење, ако дојде до таква ситуација, јас ви гарантирам дека вториот ден ќе има масовни демонстрации, кога ќе го покажат вистинското лице. И нема потреба тие да се плашат, затоа што ние под наводници сами си го уништуваме правото. Треба во оваа држава еднаш засекогаш да се поставаат правила. Не можете да блокирате магистрални патишта. Има меѓународни конвенции кои што не дозволуваат тоа да се внесе над законот во една држава. Така да, разни обвинувања од типот ова или она, не држат. Дајте да поразговараме и да работиме нешто што е во интерес на државата, а не да се служиме со опструкции, инсинуации и сл. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Рахиќ.

1 минута контра-реплика пратеникот Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Немам намера почитуван потпретседателе да одговарам на вакви безобразни и непристојни реплики, а вам ви забележувам што вчера си зедовте за право да ме прекинувате во репликата, иако никого лично не навредив. А сега дозволувате, значи пратениците што се на парламентарното мнозинство, можат да зборуваат во овој Парламент што ќе посакаат, без притоа, вие да им го одземете зборот. Тоа од ваша страна е непринципиелно.

**Слободан Најдовски:** Госпоѓо Бонева, дали завршивте?

Земете прочитајте го од вчера стенограмот по однос на мојата забелешка, што се однесува. Вие прво ги изговоривте речениците по однос на демон, ѓавол, параноичен и ве опоменав дека доколку продолжите така ќе ви го одземам зборот. Земете го стенограмот, а синоќа можевте да видите и на телевизија. Вие повторно ги повторивте истите реченици и реков дека ќе ви го одземам зборот, продолживте така и затоа ви го одзедов зборот. Господинот Рахиќ при првите два збора кои беа непристојни по однос на вас го опоменав и прекина со тоа. Земете го стенограмот и ќе видите вчера зошто ви го одзедов зборот. Заради тоа што го повторувавте истото по втор пат и по трет пат. Така да, забелешката воопшто не ви е на место.

Продолжуваме понатаму со реплики.

Реплика има 3 минути господино Зоран Томиќ.

**Зоран Томиќ:** Се откажувам.

**Слободан Најдовски:** Следна за реплика е госпоѓата Цветанка Гашоска.

**Цветанка Гашоска:** Благодарам потпретседателе.

Невиден и нечуен почеток на дискусија со поистоветување на комунистичка и нацистичка пропаганда.

Госпоѓо Бонева, ваше незнаење , или ваша слабост од историја. Ги ставивте го еден контекст или ги поистоветивте дијаметрално различните историски светски движења. Онаа напредната, комунистичката, ќе дадам едно мало појаснување, настанала како резултат на злогласната нацистичка. Значи, не одат заедно. Дали сте вие дел од комунистичката пропаганда или не, сосема е сеедно, но вашето јавно пукање по она што е дел од нашата историја, ќе ви донесе вам и на вашата партија многу негативни поени.

Демократската позиција на Република Македонија не ви пречи, ниту да се собирате колку сакате, ниту да зборувате од парламентарната говорница што сакате, како пред малку. Ќе ве оценува македонскиот народ. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** 1 минута контра-реплика пратеникот Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитувана колешке, очигледон не сте разбрале што сакав да ви порачам. Ги спомнав комунистичката и нацистичката пропаганда и ви кажав дека таа почиваше на параонична матрица на размислување, бидејќи постојано се пресметуваше со нивните постоечки и непостоечки, странски и домашни народни непријатели. Значи, во тој контекст беше кажано,

исто, како што вие се пресметувате со ВМРО-ДПМНЕ дека е главен непријател во оваа држава и сака да ја дестабилизира Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Следен за реплика е господинот Иван Анастасовски.

**Иван Анастасовски:** Мислам џентлментски е да ја гледам колешката Бонева, кога и реплицирам да не и вртам грб.

Почитувана колешке Бонева, знаете, демократија е право на слободно изразување. Вие се изразивте овде слободно од оваа говорница, меѓутоа, ќе се согласите бевте малку навредлива према нас колегите од позицијата и затоа, треба и ние да реагираме.

Во принцип, јас не потекнувам од таа комунистичка матрица која вие овде ја рековте, со оглед на моите години, за вас не знам, вие најдобро си знаете. Меѓутоа, вие овде спомнавте некои термини, кои навистина, не доликуваат овде на ова место да се спомнат. Како УДБА, болшевици, голи оток и на крајот го спомнавте Идризово. Јас сакам едно да ви кажам. Не знам зошто токму овие 5 члена, прв пат кога беа овие измени на дневен ред немаа толку интерес три дена да се расправа, туку помина едногласно со сите парламентарни партии, беа против, освен нас 5 пратеници кои тогаш бевме за, меѓутоа, сега е изборна година и три дена расправаме за истите измени кои се денес на дневен ред. Меѓутоа, лично да ви кажам, кога правите паралела со Голиот Оток и Идризово и јас лично би ја блокирал Владата, за што не го наполни Идризово за овие три години наназад. Тогаш ќе имавме овде слободно изразување, слободно говорење, слободно играње, слободно пеење. Сите слободи кои ни ги дава Уставот тогаш ќе можевме да си ги изразувавме овде во Република Македонија. Меѓутоа, за жал, Идризово не се наполни, Владата не го наполни во овие три изминати години и јас лично, верувајте, би ја блокирал Владата. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Една минута контра реплика пратеникот Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитуван колега,

Па вие, со Вашата реплика, само потврдивте тоа што го зборував. Без оглед што не сте роден во тоа време, самиот размислувавте со апсолутно истата матрица што ја имаа луѓето од тоа време. Самиот потврдивте, со вашето кажување дека не сте ништо подалеку од таа матрица. Благодарам.

**Слободан Најдовски: Благодарам.**

Следен за реплика е пратеникот Ивановска Лилјана.

Повелете госпоѓо Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе.

Почитувана колешке Бонева,

Навистина, после овие реплики размислував дали да се откажам од реплика, меѓутоа сакам да кажам некои работи, затоа што нивото на дискусијата во Собранието во овие денови навистина многу, многу ниско се спушти. Во вашата денешна дискусија, единствено се согласувам само со забелешката на господинот Есад Рахиќ да не коментира работи за личниот изглед на било која пратеничка и пратеник, за тоа што тоа го сметам за невкусно.

Меѓутоа, еве ќе го кажам тоа што сакав да ви го кажам, иако размислував дали да се јавам за реплика, не можам, навистина, ние долго се знаеме, двете живееме во Струмица, навистина не можам да ве сфатам овие три години. Секако, амбицијата е разбирлива, меѓутоа тонот и репликата со која што се служите, навистина не можам да ве разбирам.

Зборувате дека настапувате од името на пратеничката група на ВРМО ДПМНЕ. Овие три години вашиот лидер, кој се самопрогласи за лидер на опозицијата, воопшто не доаѓа во Собранието. Троши пари на Собранието, не доаѓа овде да го каже својот глас, го кажува надвор, како да е вонпарламентарна опозиција, на пресс конференции. Тоа го кажува рејтингот. Разбирливо е дека на чувствата на граѓаните, најмногу на сиромашните, многу лесно се игра. Меѓутоа, тоа е скапа цена што се плаќа.

Затоа, регирам на вашето однесување и вашиот вокабулар и вашиот речник. Се надевав дека вие ќе се поправите во тој правец.

Во мојот политички ангажман вие добро знаете дека повеќе бев опозиција отколку позиција. Единствено овие три години. Либерално-демократската партија во Струмица била на позиција и на државно ниво. Меѓутоа, добро ми е познато опозиционото однесување, но како активист на Либерално-демократската партија, никогаш не сме играле на чувствата. Можевме и 1998, кога исто така бев кандидат за пратеник, да играме на чувствата на сиромаштијата и на барањето на правдата на граѓаните, меѓутоа тоа никогаш не го правевме ниту пак во иднина ќе го правиме.

Велите дека власта е против лошите луѓе. Власта, тоа е многу лош начин на изразување на зборот, не власта , можете да кажете Владата, Собранието, пратениците. Ова е предлог на пратениците. Белким разбравте овие три години дека државата е поделена на законодавна, извршна и судска власт. Секој има свои одговористи во своето однесување и носење на закони и спроведување на закони. Меѓутоа, вие не сакате на тој начин да разговараме во ова Собрание. Секогаш го издигате нивото на политичка кампања, се како изборна година и многу добро се знае како се профитира.

Знаеме дека при носење на овој закон јавноста не ни е наклонета. Видовме на анкетите на телевизија и синојка на "Црн-бел бумбар".

Меѓутоа, заради јавноста, не се забрануваат протести. Убаво кажа колешката Грковска. Не се забрануваат протестие. Протестите се ограничуваат на одредени места. Дел од граѓаните дадоа бели бумбари за тоа меѓутоа јавноста треба да знае дека не се забрануваат протесетите, туку се залагаме за ред во државата. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Ивановска.

Една минута контрареплика пратеникот Бонева Силвана.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Прво, почитувана колешке да ве потсетам дека овој Предлог што го имаме денеска и за кој што толку жестоко расправаме е поддржан од Владата на Република Македонија. Значи, не е само предлог на пратеници.

Понатаму, ќе ви го поставам прашањето зошто вие пред само неколку месеци гласавте против, а сега жестоко се борите за овој закон. Значи, тоа е во однос на вашата доследност.

Реагирате на моето однесување и зборување како опозиционер. Па, почитувана колешке, ликот на вистината понекогаш е грозен и често пати многу боли. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Завршуваме со репликите.

Продолжуваме со дискусија.

Следен е господинот Љубисав Иванов - Ѕинго, може да ни каже за оние времиња, господине Ѕинго, за кои се расправаат овие помладите, така да ги упатите.

Повелете господине Иванов.

**Љубисав Иванов-Ѕинго:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Со големо внимание ја следев дискусијата овие неколу денови. Како никогаш до сега, овој закон го прочитав пет пати. А, стариот Закон три пати. Од сето ова произлезе заклучокот, за мене, дека сум повикан да се јавам од оваа говорница затоа што директно се нападнати придобивките на социјалистите во светот, Европа, овој регион, Македонија, кој заедно со сите прогресивни сили во тој свет, па заедно и со правите социјалдемократи и со оние кои припаѓаат и десно и лево низ еден долг временски период, преку барикади преку протести, преку штрајкови, крвави, преку револуции се изборија за корпусот на човекови права и слободи.

Вие, почитуван потпретседателе, бевте пратеник, ако не се лажам, кога го донесувавме Уставот на нашата татковина или подоцна. Меѓутоа, толку сте возрасни што ја следевте таа работа. Сега, тука има некој, тогаш кога беа девојчиња и момчиња и веројатно ги заборавија тие процеси или не ги следеа. Ние, настојуваме, тогаш, заедно сите тука во Парламентот, левица, десница таканаречена, а сите сме исти, настојуваме да донесеме најсовремен Устав. Устав што практично, од оваа држава ќе направи демократска, современа, социјална, развиена држава во која што сите граѓани убаво ќе живеат. Најголемо внимание во Уставот беше посветено на корпусот на човековите пава и слободи.

И тогаш, кога расправавме тука, во Парламентот, уставотворците јасно ни ставија до знаење дека тоа е најважниот дел на тој најзначаен документ на секоја држава, а тоа е Уставот и дека сето тоа практично е преземено од Уставот на една Франција, на една голема Британија, Германија итн. И тогаш, нашиот Устав, во тој поглед, од најмеродавните фактори во светот беше оценет како нешто што е највисок дострел во однос на човековите права и слободи.

Ние сме сведоци дека ниту една држава, особено од државите што имаат по 200 години демократија, не се дрзнал и не предложил нешто што ги скратува тие права и слободи. Меѓу кои еве и протестите. Туку, било која влада да доаѓа, било да е конзервативна, било да е левичарска влада, сите на тоа прашање, со најголемо внимание, се однесуваат, за да не ги скратат, туку, ако може уште повеќе да ги зголемат. Во таа насока овде никој не зборуваше за декларациите на Обединетите нации за човековите права и слободи, за многубројните документи што ги имаа издадено Европска унија, за Хелсиншкиот комитет, за разни здруженија што постојат во светот, што жестоко се борат за тие права и што се се повеќе присутни во животот на тие, особено демократски земји.

Ако е тоа така, а така е, тогаш ние тоа сме го вградиле и во нашиот Устав. И ние имаме примери дека се блокираат автопатишта, магистрални патишта, улици и во тие најразвиени земји. Па, јас ќе ве потсетам само кога ги блокираа автопатиштата, земјоделците во Франција. 400-500 километри имаше возила не само од Франција, од Шпанија, од Португалија, кои носеа најразлична работа, па дури и роба што се расипува. Француската влада, што беше десничарска влада, Ширак, практично е десничар и сегашната влада е десничарска, не пристапи кон тоа да го промени законот или Уставот за да ги ограничи правата на протест на земјоделците.

Еве, сега најсвеж пример, имаме кога се блокирани улиците во Нинберг, поради тоа што "Грундинг" ги пренесува своите преработувачки капацитети во Полска. Па, германската влада која што е десничарска сега, на памет не и паѓа дека го менува законот или Уставот во таа земја. Според тоа, тоа што ние овде велиме дека во Уставот, во членот 21 е дадено потполно слободното право на протестирање, правото на слободно изразување, искажување, а со друг член па тоа право се судира со правото на слободно движење на граѓаните, такво нешто постои и во овие земји. Ние, тие права ги препишавме од нивните устави. Меѓутоа, праксата, времето, јасно

покажа дека првото право е поголемо право од она второто.

Ама, некој ќе рече од каде може тоа така да произлегува. Тоа е работа што треба да ја разработуваат нашите еминентни професори, научници итн. Дали е тоа така возможно или не. Но, во праксата, тоа се покажа како такво и како такво тоа живеење и постои во земјите со големи демократии.

Зошто ние, кога имаме еден прекрасен Закон, што се покажа во праксата како многу користен, сакаме да го промениме? Па ние, имаме еден период од околу 15 години на развој на демократијата во Македонија и за тие 15 години нашите демонстранти или протестанти, како што ги викате, малку тука некои ќе ги измешаа со верските протестанти, тие покажаа висока свест на однесување. Тие не направија такви девијантни однесувања, појави и последици од нивните протести да ние навистина седнеме и размислулваме како тоа да го поправиме.

Во исто време, морам да кажам дека нашата полиција извонредно се однесуваше. Таа исто така покажа голема толеранција и висока свест и правилно да ја менаџираше кризата која што можеше да произлезе од нарушувањето на јавниот ред и тн. Спрема тоа, тоа што сега ни се случи тоа на нас, а поради што сакаме да го промениме законот, не е резултат на неквалитетност на законот, туку е ррезултат на нашето практично погрешно однесување. Ако ние имавме стратегија за развој на земјоделието, ако имавме волја во таа насока да направиме позитивни решенија, немаше нашите замјоделци да излезат, да протестираат, да штрајкуваат, да прават блокади итн.

Еве, се виде дека само со еден разговор од четири часови и со некој дополнителен разговор се најде решение. Но, тоа решение можеше да се најде многу порано, да таквите решенија имаат трајна вредност, и нема причини да се излегува на протести. Како тоа што се прави со овие земји, во овие развиени земји, во овие земји каде постои голема демократија.

Другиот случај што се јавува како отпор и реакција на приватизацијата и продажбата на делови од Електростопанство на Македонија, Дистрибуцијата, можеше исто така многу елегантно да се разреши. Да се распише референдум. Ако народот се изјасни за една таква работа, тогаш никој нема право да протестира. Затоа што тоа е волјата на граѓаните, на луѓето. И, не само тоа, туку уште стотина и стотина други работи.

Ако ние овде, во Парламентот и Владата ги решаваме точно на време и онака како сакаат луѓето и граѓаните во Република Македонија кои не избрале овде, тогаш ќе бидат ретки тие протести, ретки ќе бидат штрајкмовите, ретки ке бидат блокадите и нема потреба ние тоа сега да го ограничуваме за да се спасуваме со некои промени на закони, внесување на одредени рестрикции итн. Една држава, дали е демократска или не, се мери по овие елементи, по корпусот на човековите права и слободи во кои што спаѓаат и протетите. Дали ние и понатаму, како општество кое 15 години се развиваме во насока на демократијата ќе продолжиме или ќе ги сопреме тие процеси со вакви норми и вакви закони што не враќаат назад зависи од нас и зависи од прогресивниот дел на нашите граѓани во Македонија.

Во секој случај, секоја влада што држи до себе, настојува да ги развива тие демократски процеси. И, нашата Влада за тоа мора да биде свесна. Тоа што одредени пратеници во овој момент предложиле еден закон, тоа е нивно право. Тоа е нивно сознание. Тоа е нивно размислување. И тука, никој не може да им забележи, затоа што тоа им го овозможуваат законите, Уставот, итн. Меѓутоа, владата е таа која што мора многу подлабоко да размисллува. И, владта мора да размислува и за иднината што може да ја предивикаат ваквите закони.

А тоа значи дека во иднина, ние, тие процеси ќе ги развиваме, како што до сега Владите во Македонија, морам отворено да кажам ги развиваа и поддржуваа не само во овој дел, туку и во поширокиот дел на корпусот на слободите и правата на граѓаните во Македонија, и оваа Влада е должна тоа да го направи.

Јас како човек кој сметам и кој сум сметал и ден денеска сметам дека само излезот на човештвото е во развојот на демократските процеси. И, Римската империја се одржала 600 години, само затоа што дозволила право на протести. Тогаш протестите се искажувале и со белите марамчиња. А системите кои што ги спречувале тие права, тие системи пропаѓале. И, затоа денеска и во најкапиталистичките земји на ова право се посветува најголемо внимание за да се спречат било какви внатрешни нереди и пореметувања. Замислите вие каква примената на овој закон ќе биде кога на еден автопат каде што е забрането да се прават протести и така натаму излезат пет илјади, десет илјади, петнаесет илјади луѓе, која е таа Влада што ќе нареди да интервенира полицијата, кој е тој министер што ќе го преземе ризикот на себе, кој е тој командант и генерал на полиција што ќе влезе да ја развива таа маса. Според тоа, тоа не е така. И, според тоа, ние не треба да си играме со демократијата.

Јас предлагам Владата да изрази недоверба спрема овој закон, да предложи овој закон да не се усвои, а ние да продолжиме со нашиот развој на демократските односи во државата. Благодарам.

(Со седната продолжи да раковиди Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Господине Дојчиновски, три минути реплика, повелете.

**Киро Дојчиноски:** Благодарам претседателе,

Јас сакам да реплицирам само на една работа на господинот Љубисав.

На почетокот на неговата дискусија употреби дека ние сите овде сме исти. Ако сме исти, нема три дена да расправаме различно. А, што се однесува за него, мислам дека на овој 15-годишен мандат, што е реткост во Македонија, навистина е ист, во зависност од потребите некогаш се приклонуваше таму каде што имаше интерес.

Второ, што се однесува на тоа за кое што денеска конкретно расправаме, јас би го запрашал дали господинот Иванов најде време или барем некаква можност да излезе, тука пред нас беа блокадите па да слушне што се разговара помеѓу тие што се блокатори. Јас ги чув пред два дена кога се расправаа зошто парите не им ги дале на време на луѓето при размената на личностите. Таму не чув никакви други пораки. Видов само коли.

И, трето, евалуирало неговото сознание за јавни собири, блокади и штрајкови од она време кога Кратово цело беше блокирано и кога оттаму вестите можеа да излезат само напишани на торти. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Барате една минута господине? Ова исти, јас мислам дека е тоа ехо, инаку вашиот став е дека сме сите социјалисти.

Повелете имате една минута.

**Љубисав Иванов - Ѕинго:** Колку имам време?

**Љупчо Јордановски**: Повелете имате една минута.

**Љубисав Иванов - Ѕинго:** А, овој колку имаше?

**Љупчо Јордановски:** Е, тука не сме исти бидејќи научивме некои работи. Реплика од три минути, а контра реплика од една минута. Еве, јас ќе ја сопрам.

**Љубисав Иванов - Ѕинго:** Господ рекол: Раѓајте се, множете се, заборавил да каже дека имал и процес на еволуција. Има луѓе кои време ги прегазило, има луѓе кои размислуваат, има луѓе кои што се злобни, има луѓе кои што имаат говор на омраза има луѓе кои се родени со злоба. Е, тука се разликите. Инаку, ние идеолошки големи разлики немаме. Имаме разлики во својата интелегенција, интелект, во своето создавање.

**Љупчо Јордановски:** Благодрам помина една минута.

Господине Оровчанец имате збор.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Господине претседателе, на пратениците не сакам да им се обратам, ќе се обратем на народот. Зошто го правам ова. Размислував дали да се јавам воопшто за збор после овие три дена дискусија и излегов затоа што веќе почуствував срам да ги слушам овие недолични дискусии за овие три дена во ова Собрание.

Мојата порака до народот ќе ја кажам најкратко дека ова е еден популизам кој се реализира и надвор и во Собранието и да не го слушаат и да не го прифаќаат, нити едните се борат да ги подигнат човековите права и слободи, нити другите да го спасат Електтрростопанство. Она што го прават и го направија да го нахушкаат народот еден против друг за минорни работи. Народот треба да се воздигне над таа ситуација и да им каже не на вакви апсурдни ситуации во оваа држатва затоа што има механизми, има начини како да одиме напред. И мислам дека им ее поука на оние што беа и што видоа кој се бори за човекови права, кој се бори за Електростопанство и незнам што.

И трета работа, незадоволство кое е јасно и со било какви промени да го направиме и било што да внесеме на крај дали е тоа јавен собир или нешто, ако ситуацијата на социјален економски план пропаѓа на овој начин тоа веќе нема да биде ни собир, нема да биде ни протест, тоа ќе биде бунт, бунт кој не ќе можите да го спречите никако, а до тоа оваа држава не смее да дојде. Затоа бидете внимателни.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Халими имате збор.

**Иљаз Халими:** Благодарам гопосине претседател, почитувани колеги пратеници, имајќи го во предвид времето, бидејќи се одолжи малку оваа точка од дневниот ред, јас ќе настојувам колку што можам да бидам што е можно пократок.

Разбирливо е од страна на сите нас дека законите кои се донесени до сега не мора да значи дека сте недопирливи, дека не може да се изменуваат и дека се табу тема. Меѓутоа, ниту еден закон не е ниту совршен до бескрај. Затоа, во зависност од тоа, од времето, од околностите и другите фактори, тие може и да се изменат и дополнат. Така јас ја разбирам и оваа иницијатива на оваа група пратеници, на оваа парламентарна група за изменување и дополнување на Законот за јавни собири. Меѓутоа, според мене индикативен е моментот и начинот како тие се определиле за оваа иницијатива, првенствено бидејќи се говори за еден закон кој што не интересира сите нас и позицијата и опозицијата. Ќе беше упатно, да претходно иницијаторите на изменувањето на овој закон се консултираа со опозицијата за изнаоѓање на заеднички јазик за тоа дали е вистински момент за интервенирање и изменување на овој закон, доколку да, тогаш што би се изменило за што ние мислиме дека е потребно и задолжително второ. Тргнувам од фактот дека оваа група на пратеници не постигна да обезбеди една координација со опозицијата за еден заеднички пристап кон овој закон и имајќи го во предвид моментот, кога се предлага да се направат овие измени и дополнувања на законот, само по себе се создава можност да толку долго се расправа во Парламентот. Така што ни се губи многу време и напор, меѓутоа формално треба да

се има предвид и материјалните трошоци кои што ова население и граѓаните ги обезбедуваат. Бидејќи изменувањето на овој закон се предлага само 4-5 месеци пред одржувањето на парламентарните избори, значи на крајот на мандатот на овој парламентарен состав или владин состав, ова е и разбирливо зошто се прави. Затоа и има интерпретирања и разни проценки за оваа иницијатива.

Имајќи го предвид и тоа дека политичката, економската и социјалната ситуација е доста отежната, нормално е и разбирливо е да сега, отсега натака се очекуваат и почести протести од страна на оние, отколку тие што се одржаа до сега, каде граѓаните манифестираат свој револт и незадоволство од власта, односно од партиите кои што се на власт. За ова мислам дека се свесни и самите партии кои што се во позиција за недостатоците, слабостите, пропустите во нивната работа речиси во сите области на општествениот живот. За да ги ограни тие протести на граѓаните, предлагачите излегуваат со став за изменување и дополнвување на овој закон, со цел на определување на локациите или местата каде може луѓето да се собираат за манифестирање на своето незадоволство. Доколку размислуваат понаку, значи доколку не беше оваа намера, оваа цел, се поставува прашање зошто порано немаше вакви иницијативи кога се знае дека и порано имало протести кои што сигурно некому му пречеле, исто така и сега има против секој што верува дека на една маса луѓе им смета и утре протести кои што ќе би се организирале, секако на една категорија на граѓани би им сметале. Сепак јас мислам дека секој протест кој што се организира, независно од тоа колку трае, доколку за ова добро се инфромираат граѓаните, за тоа каде ќе се одржи протестот и колку ќе трае истиот, тогаш тие граѓани, сигурно нема да дојдат до ситуација да се соочат со разни барикади или да бидат спречени во нивното движење, каде што с упатени да тргнат.

Значи, докоплку пред Парламентот се организираат протести, секако дека ние како пратеници ќе изнајдеме алтернативе пат за доаѓањето до зградата на Парламентот, и тоа сме го правеле и во минатото. Со тоа што ни требало едно 15 или 20 минути време да изгубиме и ништо друго повеќе.

Доколку сакаме да нема протести, проблемот не кај граѓаните, поголемиот проблем е кај Владата. И најголем е проблемот кај Владата. Значи Владата навреме треба да работи на реализирање на своите ветувања, значи да ги исполни обврските кои што ги има земено пред граѓаните и со ова сигурно немаше да има потреба да се организираат протести. Така, на пример, доколку Владата ја исполнеше својата обврска дадена, превземена порано пред електоратот дека ќе се ангажираат од секое семејство да вработи по еден член од семејството, секако дека доброто, ова доброто значи дека луѓето немаше да излезат и да протестираат. Или доколку Владата на време ги исплатеше по 140 денари за килограм тутун или навреме го направеше откупот на тутунот, секако дека неколку дена по ред немаше да има протести на производителите на тутунот пред Владата и тоа по патиштата, било во Скопје или во другите градови.

Исто така, доколку оваа Влада посебно ДУИ доколку се ангажираше да институционално го реши статусот на инвалидите од војната и нивните семејства, семејствата на жртвите, тие сигурно немаше да протестираат. Така е и со Електростопанството на Македонија или со дел од Електростопанство на дистрибуција која што сега веќе се инсистира да се продаде.Нешто што е направено без потребна транспарентност, за тоа каде ќе одат средствата, каде ќе се потрошат и секако дека тоа е општествено благо кое што толку лесно и не може да се продаде.

Секако дека има и други примери кои што пред мене ги спомнаа и многу други колеги. Ова сака да каже дека проблемот е до власта, значи, а не кај граѓаните кој секогаш мислеа дека во локалните избори или на парламентарните избори имаат направено еден добар избор на екипата која што ќе владее со државата, меѓутоа за жал, ова не секогаш излегува така како што тие би посакале.

Овие денови, поради многуте протести кои што беа организирани од позицијата, беше обвинета опозицијата, дека таа ги организира граѓаните да протестираат. Значи, според позицијата, и кога протестираат граѓаните независно од нивните мотиви или проблемите кои што ги имаат, значи опозицијата треба да молчи, затоа што инаку, доколку го дигне гласот, произлегува дека е организатора на собирите.

На крајот, независно од тоа што сме членови на разни партии, припадници на разни партии треба да прифатиме дека истовремено сме членови на разни општествени групи, било да се етнички или верски и така натака, што како граѓани и имаме и разни потреби кои што често пати се и заеднички. Токму поради ова никој не може да ни го земе правото, да за животните проблеми за кои е причинител Владата, доколку може и самите ги виде, за да не протестираме и да не им се придружиме на масите за да манифестираме свое незадоволство.

На крајот, јас имајќи го во предвид ова што го кажав, предлагам да предлагачите на изменувањата и дополнувањата на овој закон го повлечат својот предлог, така што да оставиме можност да поминат 4-5 месеци да се одржат парламентарните избори и веднаш на почетокот после конституирањето на Парламентот да седнат позиција,опозиција, и уште еднаш да ја разгледаат можноста каде може да се интервенира во овој закон и за тоа како може да стигнеме до тоа да направиме колку што е можно

подобар закон, за кој што ќе бидеме сите нормално консултирајќи ги и законите на земјите членки на Европската унија кои што закони го уредуваат ова прашање, затоа што ние тежнееме да еден ден бидеме составен дел на Европската унија, каде што секако се бара усогласување на законодавството со нивното. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Халими.

Повелете господине Чашуле имате збор.

**Слободан Чашуле:** Благодарам господине претседател, почитувани колешки и колеги,

Стекав впечаток дека денешново продолжение од оваа седница добива просветителски карактер па ќе ми дозволите јас на почетокот да употребам една поговорка. Кој сее ветар, жнее бура. Тоа што ни се случува денеска и што како обрач на социјален бунт се стега околу Скопје е како оаза на некаков попристоен живот од друг дел од државата го повикавме ние.

Подобро речено во изминатите години ние успеавме со повеќе дејствија некој во овој Парламент да го озакониме насилството за постигнување на политички цели, а народот да го викаме да ги зема равботите во своите раце и на 15 септември да изврши револуција, е по револуцијата сега е на улица. Не може правото на некој да ги узуропираат Уставот и да повикуваат на бунт, да биде само за нив ексклузивно а за суте граѓани кои во таквите повици треба да будат вијници или тиоивсји месо да биде забранет. Затоа не му е местото и времето на овој закон сега, заради тоа што одзема премногу драгоцено време а имаме многу поважни работи за расправија, и второ нема да го реши проблемот. Ние можеме, мнозинството има бројка да го донесе законот. Меѓутоа, тоа нема да го спречи социјалниот бунт ако не сториме нешто да ги отстраниме генераторите на ова незадоволство.

Вие пропишете каде сакате да се манифестира во оној момент кога незадоволството ќе ја надмине критичната граница, тоа нема да прашува за закони, нема да прашува за устав, и нема да бидеме првата демократска држава која ќе биде соочена со таков излив на политичка енергија надвор од нејзините институции.

Но, кој повикува на тоа? Вратете се назад вие 15 години, постојано си игравме со огнот на народниот бунт, демонстрации, митинзи, референдуми и не се исклучувам себе си. Зреевме сите и дојдовме до една ситуација во која извршивме дури и промени на Уставот за да хармонизираме долго време манипулирање на доноси во нашето општество.

Меѓутоа, сега со ваков пристап, набрзина, непромислен, не доволно договорен, а сепак потребен пристап кон правото на пристап ние немаме да решиме ништо.

Господа не смееме сега на дострел до изборите да се играме повторно со оган и на ваков начин да се обидене да кодифицираме две темелни права, правото да не се согласам и правото да бидам слободен, да мислам што сакам и да се движам слободно. И двете ги ограничува само една, вредности таа аксиоматски поставена насекаде во светот, а тоа е моето право не смее да го ограничува правото на другиот. И ние сега се обидуваме со кодифицирање на едно право, на еден одреден начин ограничиме друго право и се доведуваме самите до ниво на општествен конфликт кој со сета искричавост, достоинство но и отсуство на достоинство го гледавме овие неколку дена овде во овој Парламент. Мислам дека пристапот ни е погрешен.

Овој закон, без оглед кој го предлага , и добро е што и пратениците во составот на ова Собрание се активни па предлагаа закони, требаше да оди во трите нормални фази, оти овој закон измени се. Ќе речете навидум едноставно, да ја гледате комплексноста на проблемите што ги исфрли пред нас. Тука требаше да седнеме и подолго време да се договараме како ќе изгледа овој закон и преку јавна расправа и преку расправата на комисии, конечно до расправата овде, што е најважно, да се ислушаме, а не да ја користиме говорницата на овој Парламент за митинзи и просторот овде да го претвориме во најпримитивната и волгарна смисла сфатен простор за држење митинг за кој не ме интересира мислењето на тој што не мисли исто како јас, туку ме интересира јас да поентирам и неколку пати во разговорите кои не се достапни до јавноста, или мумлањата овде во оваа сала ќе чуете овие поентираат, овие не поентираат.

Господа, никој не поентира со ваков пристап. Никој овде не ќе може, не знам колку да биде вешт во своите искази да се промовира како бранител на правото на протести, или како бранител на правото на движење. Не, само се промовираме како немоќни политичари кои во отсуство на каква и да е друга понуда, сосема популистички го повикуваме народот да дојде овде и да ни го одземе мандатот. Трпени, мандатот ќе ни биде на проверка за неколку месеци. Порано или подоцна, најдоцна до за тоа со Устав пропишаниот рок. Меѓутоа, прашањето како да се протестира и прашањето како мнозинството кој не знам каков да биде исходот од изборите во Република Македонија, мнозинството на граѓани нема да биде соодветно застапено тука , заради тоа што народот, граѓаните, според интересите кои им се наметнуваат во текот на животото, атхок и сосема оправдано и конјуктурно се групираат, така што, во овој момент имаме гласачи, кои гласале и за и против за оваа комбинација на партии на власт, кои не се сосема задоволни со одредени нејзини постапки, како што е начинот на кој се третира тутунот, како што е начинот на кој се продава дел од ЕСМ и тие луѓе треба да имаат право и ние тоа право да кажат дека размислуваат поинаку треба да го заштитиме. Но, дали тоа го чиниме со ваквиот пристап, кој ќе се сведе на дневно популистичко наддавање меѓу нас без некоја

мирна разгледба и во крајна линија не изнуден договор , за што закон кој треба да регулира две темелни слободи, ако е последица на аритметика, на повишени тонови, на гласност, кој може да викне повеќе, кој може да искаже што полошо мислење или да даде што полоша слика за својот противник, нема да донесе среќа и набргу ќе се најде во ист дом во поинаков состав на нова ревизија во која повторно како и сега ќе се троши време. Три дена трошиме за тоа како на тутунарите да им обезбедиме да протестираат и како награѓаните да се движат слободно, ама законот за тутун не е на дневен ред, а тоа е решение подобро, отколку да определуваме кој каде има право да протестира. Сега треба да се прашаме зошто протестира и можеме ли причината поради која протестира да ја отстраниме. Со законот за тутун вреди да се расправа три дена, за да видиме што оваа држава ќе направи прво монокултурно да не биде зависна и второ, како на тие граѓани кои долги години живеат од таа макотрпна работа да им обезбеди некаква перспектива, некаква иднина, во време кога тутунот ја губи коњуктурата во светот. Значи, губиме минути, во време кога и секундите ни се повеќе од драгоцени, заради тоа што ви велам социјалното негодување, без оглед на тоа кој мисли дека популистички ќе го каптира е дојдено пред вратите и бара одговори, а ние упорно се расправаме околу тоа како да го канализираме тоа да биде според некаков закон, а не како да им ги решиме проблемите. Не господа, дајте да бидеме сосема разумни. Овој закон да го вратиме назад, да не биде само измени и дополнувања, туку еве, јас сум спремен да седнеме да работиме еден нов навистина закон кој ќе му даде должно внимание на овој проблем кој ни се провлекува од првиот состав на Собранието. Јас се сеќавам тогаш како член на Комисијата за политички систем, со денови, тука е господинот Крстевки да се сети, се расправавме и тоа најголемата расправија со луѓето што денеска се на власт, што беа на некој начин и тогаш околу тоа како да направиме хиерархија на вредности што треба да ги заштитуваме. Да не биде државата прва, туку да биде прво имотот, здравјето и животот на граѓаните. Од тој аспект гледано, овој закон може да има свои вредности, односно нов закон за тоа како ќе се протестира, без да се повреди правото на другиот, ќе добие свои вистински вредности, ако од таа низа и од перспективата на тие вредности ги согледаме потребите кои ни се поставуваат пред нас. Бидејќи точно е и тука никој не може да ме убеди дека не се во право сите оние што велат дека тешко се живее вака во блокиран град, во блокирана држава. Да. Но исто така мизерно се живее, ако не знаете тоа што сте го сработеле, кому ќе го продадете, по која цена ќе го продадете, дали некој ќе ви го купи и што е недопусливо, дали некој ќе ви го плати. Има илјадници грешки во нашата стратегија, во економијата, но најстрашната е таа што толерираме сработеното, продаденото да не се плати и потоа размислуваме како на тие луѓе ќе им го ограничиме правото да кажат еве луѓе не ограбија. Сега не велам еден, друг, трет. Тука не правам разлика, сите сме кабаетлии, зашто од овој ќор сокак, од овој клинч не можеме да излеземе. Ако во овој момент ЕСМ, без оглед на тоа дали некој тоа го предизвикува како отпор против неговото продавање, па ЕСМ станува проблем или не. Без оглед на тоа дали или не мислиме дека постапката е оправдана. Дајте да се вратиме назад и да ја проследиме самата расправа во овој дом. Се гледа дека нашето општество, нашата јавност повторно велам, без оглед на потребната коњуктурна злоупотреба е поделена околу ова прашање. Демократиите се разликуваат од поредоците на тоталитаризмот во тоа што кога ќе се најдат во таква комплексна ситуација која предизвикува сериозни бранување во општеството, која предизвикува осојузување на граѓаните од различни политички, етнички и верски потекла околу тоа за и против, демократиите не го наметнуваат решението што го донело мнозинството во Парламентот, кој во споредба со новото прегрупирање е малцинство, туку го ставаат на проверка. Па најдобриот начин да се реши сегашниот ќор сокак со блокадите на нашата држава е да почнат да се решаваат проблемите, но во конкретниот случај, јас да ви понудам едно решение овде од трибината на овој Парламент и вам и на оние луѓа кои надвор сосема демократски протестираат и оние надвор кои сосема демократски се бунат дека им е спречено правото на слободно движење . Дајте, продажбата на ЕСМ да ја одложиме. Да одржиме избори, а на изборите кои се за мене најмоќниот демократски инструмент, продажбата на ЕСМ да биде тема за консултација на граѓаните, бидејќи не сакавте да одиме на референдум. Овде со по продлабочен и пофунционален договор го донесовме со делба, ако веќе сега тоа повторно не доведува до ваква парализација на животот, а еве со овој закон и до парализација на Парламентот, тогаш дајте да го оставиме ЕСМ како тема број 1 на овие избори.

Ако бегате од таа жешка тема има демократијата и други преседани. Дајте за време на парламентарните избори и референдум со прашање, дали ќе го продаваме ЕСМ или не. Тогаш ви гарантирам со една ваква одлука на Собранието ќе престанат блокадите и ургентната потреба, која повеќе е ургентна, за да биде употребена во дневно политички и предизборни цели, ќе исчезне и кон овој проблем, како да се обезбедат две темелни права загарантирани со Уставот, ќе ги хармонизираме со закон на кој ќе работиме подолго, заради тоа што никој не ни го дал правото нам на 120 граѓани на Република Македонија да расправаме вака како што расправаме, а уште повеќе воопшто да расправаме за тоа како на 2.000.000 граѓани на Република Македонија или ќе им го ограничиме или ќе им го загарантираме едното од овие две права, кои во овој момент благодарејќи на илјада

погрешни решенија, се наоѓаат во меѓусебен конфликт.

Господа, дајте да не ни се случи повторно во некој друг состав, за некој месец да жнееме повторно бура, со тоа што ќе направиме закон кој ќе биде повеќе плод на меѓусебно наддавање за гласови, одколку што ќе биде вистинско решение. Да го одложиме законот за после изборите, а на изборите ги канам граѓаните, без оглед на тоа што ќе сториме од овде ние, ги канам граѓаните на Република Македонија на изборите да гласаат за тие што понудат решение за продажбата на ЕСМ. Бидејќи ако и успее на оваа Влада , наспротив целиот отпор и раслојување, за кој јас неможам како неексперт да проценам дали е вреден или не, но за него политички реагирам како граѓанин, ако успее и покрај сето тоа раслојување и прегрупирање да продаде еден дел, ЕСМ има уште други исто толку, ако не и повитални сегменти, а на изборите ќе гласаме за нив, па ќе видиме врз основа на таа преформанса, кој ќе ја добие довербата на граѓаните, па во наредниот состав на Собранието нека го заврши и тој проект, но над се, нека го заврши овој проект што го почнавме сега и несреќно ќе го завршиме, а тоа како да усогласиме не едно, туку две права, правото на протест и правото на движење. Благодарам.

(Со седницата продолжува да претседава господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието)

**Љупчо Јордановски:** Господине Џелили имате збор.

**Зиди Џелили:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Јавните собири се отворени собири, кои можат да се организираат, од страна на разни субјекти. Целта на политичките собири е да се разгледуваат размислувањата на сите во врска со значајни прашања, кои ги загрижуваат сега граѓаните. Во конкретниот случај, во моментот, граѓаните ги тангираат многу прашања и тие имаат право да ги искажат своите грижи.

Прашањата кои најмногу ги тангираат граѓаните овие денови се продажбата на ЕСМ, проблемот на земјоделците, посебно на тутунарите, други проблеми на работниците кои се технолошки вишок, стечајот на разни претпријатија и многу други проблеми кои кореспондираат со една тешка економска состојба и со едно осиромашено население.

Политичките собири се средство за неколку причини. Поволна е нивната функција под еден, изградбата на взаемната доверба, која е од посебно значење за создавањето на стабилна демократија.

Второ, информирањето на граѓаните за значајни јавни прашања.

Трето, обезбедување на јавноста во врска со одредени прашања, на еден начин опфаќајќи ги граѓаните во процесот на одлучување, преку информирање на јавноста.

Политичките собири, исто така, се прават со цел одредени прашања на еден начин опфајќајќи ги одредени прашања од јавен карактер, опфатот на граѓаните во овој процес е целосно, легитимно и законско.

Организаторите на јавните собири доста добро успеваат да ги искористат нивните собири како една можност  за да укажат забелешки и предлози до актуелната власт.

Значи, политичките собири воопшто не се спорни дека треба да се одржат на време и на погодно место. Граѓаните сакаат да учествуваат на собири. Но, уште еднаш ќе нагласам дека моментот во кој се предлагаат овие законски измени, односно измени и дополнувања на овој закон е непогоден бидејќи сме при крајот на мандатот, затоа ограничувањата или условувањата се неприфатливи. Како последица на овие измени и дополнувања на законот, доколку се донесат како такви, треба отворено да признаеме дека со еден ваков закон, ќе се изврши насилство врс правата и слободите на човекот.

Изразот на слободата ќе се ограничи и ќе се ограничат јавните собири. Не само формално, туку и како една конкретна противуставна постапка. Пред се, аргументите на организаторите на собирите, јавните собири, бес сомнение ја откриваат индиферентноста на институциите на валста. Овие собири како да ја даваат својата порака дека актуелните, социјално-економски теми ги преокупираат доста граѓаните на Република Македонија кои и покрај ладното време не се откажуваат од нивните барања. Значи, користат едно легитимно право, законско и уставно право.

Сега, на сите треба да ни биде јасно дека оваа тема, значи прашањето околу тендерот и продажбата на Електростопанство на Македонија има голем публицитет. Затоа, залагањата да се преземе нешто во име на попречување на бариерите од протестен карактер пред одредени државни институции, во овој момент ценам дека ќе се проследат и со одредени настојувања што ќе ја оштетат видно демократијата.

Не треба да се запостави ниту фактот дека овие протести и некои слични, со овие, како оние од тутунопроизводителите, говорат дека во Република Македонија доминира тешка економска состојба и на еден начин имаме криминализација на самата држава. До колку направиме една анкета по  патиштата на нашите градови, во најголема брзина, ќе забележиме дека граѓаните се чувствуваат разочарани од ветувањата на оваа Влада и од досегашното сработено од оваа Влада.

Затоа предлагам да се повлече овој закон пред да се гласа, затоа што до колку ги ограничиме правата за протести, до колку ги ограничиме правата за слободен говор и доколку и понатаму

го осиромашуваме народот, се плашам дека може да нис е случи народ. Ви благодара,.

(Со седницата продолжи да раководи господин Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија ).

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Ѓорчев имате збор.

**Марјан Ѓорчев:** Почитуван господине претседателе, почитувани дами и господо пратеници,

Еве и јас, со неколку пристојно склопени реченици ќе се обидам да се произнесам по овој Предлог-закон за измена и дополна на Законот за јавни собири, со Предлог на закон.

Уставен основ има за поднесување на ваков Предлог на закон од предлагачите. Тоа го дозволува и Деловникот за работа на Собранието, меѓутоа прашање е дали е време за ваков закон. И, тргнувајки од тоа дека основна доктрина, светска доктрина за уредување на односите во сите држави, вклучувајќи и во македонската, е доктрината за човековите рпава и граѓанскислободи. За таа доктрина Македонија направи такви жртви, дури направи уставни измени во 2001 година и донесе огромен број на закони што ги унапредуваат, ги подобруваат човековите права и граѓански слободи на граѓаните во Република Македонија.

Тука, во време кога се организираат низ целата држава јавни протести, државната администрација е должна, пред се и пратениците да се погрижат за тоа тие јавни протести или собири да се смират, граѓаните да бидат на некој начин, да им биде одговорено што е со нивните барања, а дури потоа да се оценипотребата за една јавна дебата. А не само неколку пратеници од одделни политички партии да поднесуваат предлог за измена и дополна.

Ова е мошне чувствително прашање. Во изборна година, кога се има желба, одредени пратеници, според нивен агол на гледање на нештата нешто да се смени, меѓутоа објективно, јас од мој агол на гледање не ги оправдувам, затоа што тоа е, на некој начин, во изборна година непримерно да се поднесува ваков закон каде што се рестриктираат, се ограничуваат човековите права и граѓаниски слободи на граѓаните на Република Македонија.

На страна што по овој закон, пред 6-7 месеци Владата на Република Македонија се произнела негативно. Но, не е толку и до негативното мислење на Владата, според мене, за вакви закони многу е важно да се произнесе организираната сила, класна сила би рекол во Република Македонија, а тоа се синдикатите. Веќе во Македонија постојат два синдикати, тоа е Сојузот на синдикатите на Македонија и Конфедерацијата на Слободни синдикати.

Ова е прашање што е особено чувствително после, на некој начин, суспендирањето на правата на штрајк што се донесе со Законот за работни односи, каде што дефакто, штрајк повеќе во Република Македонија тешко може да се организира на ниво на работна организација, така што степенувано сега со овој закон, со кој што се рестректираат правата на граѓаните на Република Македонија да се ограничи местото, начинот на кој што се организираат јавните собири , на некој начин влегуваме, запаѓаме во еден лавиринт на, според мене, тоталитарно општество кое што на секој начин гледа да ги рестриктира човековите права на граѓаните на Република Македонија.

Ние сме свесни какви жртви направивме како држава во 2001 година, за да ги подобриме човековите права, и сега во 2006 година не ми личи да отстапуваме од тој курс, особено кога станавме земја кандидат членка на Европската унија, да носиме закони кои што се спротивни на она што претставува веќе нормиран кодекс за наш однос кон човековите права.

Отука нормативниот начин на кој што се однесуваме ние кон граѓаните кои што се организираат на јавен собир, сакаме тоа да го нормираме, да го ставиме во калап и притоа не водиме сметка, односно предлагачите водат сметка за некои граѓани чие што право е рестриктирано, имаме значи судир, ги подвојуваме граѓаните на едни граѓани кои го организираат јавниот собир и чие што право е несомнено дека може да го организираат и на други граѓани, кои што според предлагачите се оштетени од таквите јавни собири, дали завршиле некоја работа, дали во однос на пристигнување некаде на време, меѓутоа што правиме со граѓаните што не излегуваат на јавни собири или пак чие што право не сакаат да биде заштитено, човеково право, а ги подржуваат јавните собири или не ги подржуваат? Ние тоа не го знаеме како Парламент. Не знаеме дали еден милион граѓани во Македонија ги подржуваат собирите за ЕСМ или не ги подржуваат? Не знаеме дали 200 илјади земјоделци во Македонија го подржуваат протестите на тутунарите или не ги подржуваат?

Значи, ние тука, едноставно, без една широка јавна дебата, каде што на некои, пресечни консесуални точки Синдикатот, пак ќе кажам, многу важно е тоа, затоа што Република Македонија, кажав од оваа говорница е веќе класно општество, има подвоени интереси на класи и социјални групи и тие интереси државата е праведна само тогаш, во однос на човековите права, ако покрај интересот се грижи и за човековите права на сите граѓани подеднакво.

Тука ние, со овој закон за измена и дополна ги подвојуваме граѓаните, сме против оние, со овој Предлог на закон, кои организираат јавни собири на ваков начин, а ги штитиме правата на некои граѓани кои, еве, не се задоволни од ваквио тначин на организирање на јавни собири. Такво нешто, во современите европски и светски држави, на развиени човековите права и граѓаниски слободи не е дозволено.

Еве, да речеме, ќе дадам пример со Франција. Секоја година транспортните работници во Франција ја блокираат цела Франција. Безмалку во последните 5 години. Цела Франција е блокирана од транспортерите, големи камиони, дампери, сите тие кои работат во Франција и нивниот синдикат ги блокира сите паатишта, буквално. И кон Германија, и кон Шпанија и кон земјите од Бенелукс. Владата седнуца, разговара со синдикатот, ја вика комората, претприемачите кои даваат капитали за камионите, се изнаоѓа годишен договор и се продолжува до следната една, втора или трета година. Тоа е организирано француско општество.

Втор пример. Речи си секоја втора година во Франција од Пиринеите кон француската земја се блокира патото по кој што шпанските земојделци носат градинарски производи по поефтини цени од француските. Тоа го прават канализирано, со блокада, не класична блокада, туку се постројуваат по десната крајна лента на автопатот и тука, со илјадници трактори, камиони, на некој начин навестуваат дека тоа што го прави француската влада не е дозволено, дека тоа е нелојална конкуренција во однос на француските градинари.

Тоа се само два примери од една држава што е стожер на Европската унија, фундамент од 1952 година кога со Италија, Германија и земјите од Бенелукс ја потпишаа Спогодбата за челик и јаглен.

Значи, ако земеме компаративно да гледаме на високо развиените европски држави, човековото право е врвен приоритет и граѓанските слободи, па дури потоа доаѓа, на некој начин, тоа што се вели, административната улога на државата.

Оттука, таа јавна дебата ќе ни каже дали терминолошки, некои термини што тука се употребуваат во членот 2-а, на пример, каде што се додава после член 2, па каде што вели "јавен собир заради мирно изразување на мислење или протест може да се одржува на секое место кое е соодветно за таа намена". Тука треба терминолошки да назначиме, терминолошки да протолкуваме и појмновно што значи зборот "соодветно". Што тоа значи соодветно? Ливади во Тиквешијата, некоја парцела во Овче Поле, плац пред Владата во центарот? Тоа соодветно не може да го определи ниту пратеничката Славица Грковска, "во центарот", ниту пратеникот Марјан Ѓорчев. Тоа "соодветно" ќе го оценат граѓаните на Република Македонија. Затоа што нема јавен собир, нема искажување на протест ако се собирате на некоја ледина при центарот тука и никој не ве слуша, се собирата 10 дена, тогаш нема цел организирањето на јавен собир. Тогаш, Владата си ја работи својата работа, никого не го интересира тоа. Граѓаните, со своите интереси, кои се собираат, не можат да ги остварат, не можат да ги остварат преку Парламентот, преку пратениците, парламентарното мнозинство ќе ги надгласа оние кои се во малцинство, не може да ги остварат затоа што Владата не ја интересира. Нормално си работи, си има патишта, сирените ќе свират, моторите ќе дојдат, Владата ќе си одржи седница и сето тоа не е демократија. Тука нема вистински човековите права и граѓаниски слободи, има фингирани човековите права и граѓаниски слободи.

Значи, кога 2001 година некој зборуваше во макеоднскиот Парламент за вистинските човековите права и граѓаниски слободи, тоа го кажа и Меѓународната заедница, тогаш сме подготвени, кога ќе не поучи како се донесуваат и уставни промени и закони за човековите права и граѓаниски слободи. А, кога сме ние сами тука, во својот двор, стопани, тогаш 5 пратеници од позицијата, во изборна година, кога пречат тие собири на политичкиот рејтинг на партиите во власта, тогаш ние сега, 5 месеци пред изборите, откако поминале 3,5 години носиме рестриктивен закон, ограничувачки закон, затоа што, еве, Владата сега била оневозможена во промоција на она што претставува успешна политичка програма на Влада во овие 4 години.

Простете, но Владата се произнесе негативно поовој Предлог-закон. Бидејќи секогаш во Парламентот, барем во овие 3,5 години гласавте како што веровaтно Владата се произнела, така треба да се гласа и овој пат, односно предлагачите овој закон треба да го повлечат затоа што не е примерно во година на избори да се носат вакви рестриктивни закони за ограничување на човекови права и граѓански слободи.

Тука, притоа, во членот 2-а, зборот "соодветно", членот 4 зборот "не смее",потоа "може", не "може", туку "должен е", "мора", тоа се термини што во современа демократска држава не поминуваат. Тоа се термини од едно друго време како: должен, мора, соодветно, ние ќе го одредиме. Кои се тоа "ние", кои се тоа "вие", ние сме тука еднакви, рамноправни и сметам дека овој закон, вака како што е конципиран, без мислење од синдикалните организации, без мислење од еден класен интерес, без мислење од опозицијата, и ние исто така застапуваме интереси, без позитивно мислење од Владата, во јули 2005 година се произнела негативно, едноставно овој закон нема поткрепа.

Ја разбирам желбата на пратениците од позицијата да помогнат на политичките партии кои сега се опозиција да си го задржат или да го подигнат рејтингот, но не ја разбирам желбата да ги рестриктираат човековите права и да ги ограничуваат тие граѓански слободи за кои што недвосмислено Република Македонија се определи дека ќе ги почитува, дека ќе ги надградува и дека ќе ги облагородува.

Од тие причини мојот став и ставот на Земјоделската народна партие е дека овој Предлог-закон предлагачите треба да го повлечат, а пратениците,нормално, после повлекувањето да најдат сили, ако можат

позитивно да поднесат закон за подигнување и надградување на човековите права на граѓаните на Македонија, а не за нивно ограничување. Благодарам.

(Со седницата продолжи да раководи господин Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија )

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ѓорчев.

Госпоѓо Грковска се јавувате за реплика или за дискусија.

Реплика има пратеникот Грковска Славица.

Повелете госпоѓице Грковска.

**Славица Грковска:** Повеќе како информација за господинот Ѓорчев.

Членот 11 од Конвенцијата за заштита на човековите права и основни слободи вели: "Секој има право на слобода на мирно собирање и слобода на здружување со други, вклучувајки го и правото на формирање синдикати и пристапување кон нив заради заштита на своите интереси.

За вршење на овие права, нема да се поставуваат никакви ограничувања, освен оние што се пропишани со закон и што се неопходни во демократско општество: во интерес на националната безбедност и јавна сигурност, заради спречување на нереди или злосторства, заради заштита на здравјето или моралот и (ова сакам да го потенцирам) или заради заштита на правата и слободите на другите".

Ако веќе се повикуваме на меѓународни конвенции, тогаш треба дословно да ги цитираме и да знаеме на што се повикуваме, а не да ги користиме паушално.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Господине Ѓорчев, една минута контра реплика, повелете.

**Марјан Ѓорчев:** Добро би било овие ставови да ги презентирате пред Европскиот парламент во Стразбург или случајно во Францускиот парламент, па да ви укажат како француските парламентарци, чија што демократија е 200 години, подобро од нас ги знаат меѓународните конвенции, па не ги спречуваат француските земјоделци и транспортери да протестираат, да ги блокираат улиците во Франција. Нема други, први или трети. Сите граѓани се еднакви. Вие, со овој закон, сакале или не да признаете, ги ограничувате односно ги делите граѓаните на едни, кои според вас пречат и на други кои според вас треба да им го заштитите интересот. Такви граѓани во Република Македонија не псотојат. Нема први, втори, трети, сите се еднакви.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Како предлагач пратеникот Грковска Славица бара збор.

(Дофрлање од пратеници).

Имате право на реплика после, доколку почувствувате потреба да реплицирате.

Има збор пратеникот Грковска Славица.

Повелете госпоѓице Грковска.

**Славица Грковска:** Од страна на пратениците, не би сакала да го употребам зборот злоупотребува, меѓутоа се користи текст на закон што не е актуелн, не е официјален. Чувствувам потреба повторно да потенцирам дека не се забранува правото на протест. Во една демократска држава протестите се добредојдени. И покрај тоа што граѓаните се свесни дека со блокади на сообраќајниците не може да се постигне ништо, протестите се право на израз на граѓаните, на видување на одредени состојби во државата. Тоа никој не им го спори.

Меѓутоа, спорно е правото на протести да биде на сметка или на злоупотреба на друго уставно право на слобода на движење на граѓаните и тоа што со овој закон ние би сакале да го постигнеме е балансирање на двете уставно загарантирани права. Односно, правото на граѓаните на јавен протиест да не биде за сметка на правото на граѓаните за слободно движење. Тоа е единствената цел што се сака да се постигне.

Друго е прашањето ваквата намера ја толкуваат злонамерно одредени политички субјекти и тоа е прашање од кои причини го прават тоа.

Меѓутоа, сакам да потенцирам дека има држави во светот и најголемиот дел се тавки, во моето воведно излагање кажав дека нашиот Устав е можеби еден од најлибералните во тој поглед и ако веќе кажуваме примери, еве да го кажам примерот на Германија. Во Германија треба да барате посебна дозвола за протест. И, доколку надлежните иснтитуции ви дозволат, тогаш ќе го одржите протестот. Ако протестот се забрани, тогаш оние кои сакаат да протестираат одат на суд, па доколку судот дозволи, тогаш ќе го остварат тоа право. Во спротивен случај постапката тука завршува и намерата на граѓаните на Германија за протест во тој случај нема да се реализира.

Во случај да се одобри протестот, треба да се најави претходно комплетната маршута по која што ќе се одвива протестот и местата каде што ќе се одвива протестот, се разбира, не за сметка на слободното движење на останатите граѓани.

Тука ја земаме за пример Хрватска. Хрватска ги има истите речи си истите решенија кои што ние ги предлагаме, само што има направено дополнувања и тоа минатата година во кои што, повторно ќе повторам, во радиус од 100 метри од објектите во кои што се одржуваат седниците на Собранието-на Парламентот, на Владата, на претседателот на државата и на Врховниот суд не се дозволуваат протести. И, тоа не значи дека на граѓаните им се забранува протест, туку само им се определува, им се ограничува местото каде што тие можат тоа да го направат. За разлика од нив ние немаме таква регулатива. Ние со

предлозите не забрануваме граѓаните да се собираат пред Владата, пред Собранието каде што сметаме дека се вистинските места каде што граѓаните би требало да го изразат својот протест доколку се незадоволни со одредени политики на Владата или парламентарното мнозинство, пред министерствата, пред другите институции кои што реално ги спроведуваат одредени решенија со кои граѓаните можат да бидат незадоволни. И, тука е суштинската разлика, тоа што вие или не сакате, или не можете да го разберете. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Три минути реплика, пратеникот Марјан Ѓорчев.

Повелете господин Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** Благодарам господине потпретседателе. Јас уште еднаш ќе повторам, фалинката на овој Предлог-закон е што се носи во време и се сака да се помогне на начин кој што е непримерен. За вакво крупно прашање каде што има рестрикција на човекови права и граѓански слободи се отвора широка јавна дебата, тоа е домен на цивилното општество, не на политичките партии. Политичките партии имаат искривен поглед на реалноста, имаат апологетски, идеолошки поглед на реалноста. Имате граѓански здруженија "Мост, "Транспарентност", да не ги набројувам можете да организирате, па беа дури и промовирани канцеларии за соработка со граѓаните, организирајте јавна дебата, има стотина граѓански здруженија, поканете ги нивните претставници да ви го кажат мислењето на граѓание. Ова е домен на цивилно општество, на човеково право, ова не е домен на политичка партија, дури не е домен ни на Влада, тука е есенцијата на онаа разлика што вие секако бранители на политичка кауза ја браните и она што претставува вистинска потреба на граѓаните. Кого вие сте го консултирале, кое граѓанско здружение? Каде имавте дебата, јавна, некоја трибина каде што вие го докажавте ова шт денеска го зборувате? Употребувате терминологија која што да речеме некаде е запишана, се кажа во Германија, во Франција, за тоа можеме да дискутираме, но и јас и вие сме припадници на политички партии, ова е дебата потреебна за цивилно општество. Тука е потребно да дискутираат граѓанските здруженија, да кажат што мислат тие и дури откако ќе се кристализира тоа, кога ќе се соберат сите мислења што мислат за тоа претприемачите, стопанствениците во Комората, што мисли Синдикатот, кога ќе имате такви компаративни прегледи, каков е погледот на тие класни структури, социјални групи, во Македонија ќе имаме реален поглед и не треба тоа да биде измени и дополни, тоа треба дури да биде и нов закон наспроти овој што претставува Закон за јавни собири од 1995 година.

Значи, се работи за есенцијално право на граѓаните и тука јас не се согласувам дека неколку пратеници, па дури и повеќе пратеници од политички партии имаат право да мислат така како што мислат, и имаат право такада мислат, меѓутоа немаат потврда во граѓанството затоа што тие не знаат колку е тоа севкупно мислење на сите граѓани, позитивно или негативно насочено кон ова што тие сега се обидуваат да го претстават како нивен агол на гледање кон Предлог-законот за јавни собири. Едноставно не е местото на претставниците на политичките партии да зборуваат за граѓанска демократија, тие може да кажуваат, меѓутоа мора да ги консултираат граѓаните.

Кои се тие докази што ни беа тука предочени освен тие неколку страници каде што ние ќе се увериме дека граѓаните во голем обем поддржуваат ваква иницијатива, ваков Предлог-закон во скратена постапка. За тоа ние немаме поддршка од граѓанството, односно вие како предлагачи немате поддршка. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ѓорчев.

Една минута контра реплика пратеникот Грковска Славица.

Повелете госпоѓице Грковска.

**Славица Грковска:** Имавте ли вие поддршка господине Ѓорчев како бивш минситер за земјоделие, за реформите што ги правевте на пример кога ја затворавте Скопската млекарница?

**Слободан Најдовски:** Процедурално господине Ѓорчев, повелете.

**Марјан Ѓорчев:** Лага, значи невистина, за ова би добиле кривична пријава. Марјан Ѓорчев никогаш не ја затвори Скопска млекарница. Последниот директор се викаше Гојко Рафајловски и беше член на СДСМ, да знаете еднаш за секогаш кој ја затвори Скопса млекарница.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ѓорчев, но за кривична пријава, пратеникот не одговара за она што е изнесено. На многумина јас ви укажувам. (Реакција на некои од пратениците во салата). Во ред, во ред, за тоа можете да дискутирате. Тука во ред.

Продолжуваме со расправа, има збор пратеникот Мешков Љупчо, повелете.

Вие бевте за реплика господине Глигоријвски. Во ред, вие имате.

Вие госпоѓа Бонева се пријавивте откако господинот Ѓорчев доби збор. А со оглед на тоа што господин Глигоријвски беше пријавен, јас мислев дека е за збор. Тогаш повелете три минути реплика.

Пријавени за збор беа господин Мешков, потоа беше Тома Глигоријвски. За реплика се пријави само господинот Ѓорчев. Јас мислев дека господинот Глигоријвски е за збор, а не за реплика.

Тогаш три минути реплика, а вие госпоѓа Бонева ќе добиете збор по господинот Мешков.

Повелете господине Глигоријевски.

**Тома Глигоријевски:** Благодарам господине потпретседателе, се извинувам ако сум задоцнил со пријавувањето, меѓутоа сакав да дадам кратка реплика на госпоѓица Славица Грковска како предлагач. Таа своето излагање последно, го заврши со зборовите: "не знам дали опозицијата не сака да разбере или не може да разбере". Мене ми е јасно дека после овие три дена расправа на опозицијата и е јасно и дека може да разбере, меѓутоа дека не сака да разбере и дека воопшто не траба ни ние ни таа како овластен предлагач за измените на Законот да се труди и да им објснува затоа што само губиме време и во овие три дена по неколку пати сосема коректно и добро излагање и изнесување на фактите зошто се нудат измени на овој Закон мислам дека е повеќе беспредметно да се изнесуваат дополнителни факти со оглед на тоа дека не очекува и вториот дел од расправата, расправата по амандманите.

Затоа репликата ми е повеќе како апел до госпоѓица Грковска да се воздржи и од натамошните пријавувања за дискусија и од натамошните реплики и од натамошните контра реплики, би бил благодарен. Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господин Глигоријевски.

Има збор пратеникот Мешков Љупчо.

Повелете господине Мешков.

**Љупчо Мешков:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, кога размислував околу тоа што треба да кажам во врска со предложениот закон, појдов од две работи. Првата е, дека не сум оптоварен со дневно-политичките настани толку многу затоа што овој закон е закон и ќе се однесува на многу други протести и јавни собири кои што и во иднина ќе се случуваат, за разлика од некои колеги кои што многу беа оптоварени со тоа што сега се случува и можеби заради тоа сакаа да допринесат со дискусиите во актуелноста на овој закон. Значи, јас како правник гледам на закон кој што има примена и после овие настани кои што дај Боже и позитивно еве се завршуваат за некои работи, значи примена овој закон ќе наоѓа и во иднина, потоа.

И, второ, морав да се побунтувам против овој закон како припадник на либералната доктрина во сите оние случаи каде што се врши ограничувања на човековите права и слободи, јас реагирам и така ќе биде и во овој случај и затоа ме чудат некои расправи од колегите од ЛДП кои што даваат поддршка на еден ваков закон и ги занемаруваат основните поставки на либералната доктрина.

Прво што би сакал да кажам за овој закон е дека, од она што како правник направив една подлабинска анализа на законот и на одредбите, мислам дека се работи за еден закон кој што пред се е неквалитетен и како таков е тотално неприменлив. Тоа ќе се обидам да го објаснам со неколку свои аргументи.

Прво, не е применлив, ако самиот закон внимателно го читате, внатре ќе прочитате дека, на пример, соодветни места, кои се тие соодветни места, каде се пропишани тие соодветни места, дали ќе се носи подзаконски акт или ќе се пропишат тие соодветни места.

Кои се тие оправдани причини заради кои што барањето за одржување на јавен протест може 48 часа пред неговото одржување да биде, кои се тие оправдани причини.

Второ, што се подразбира под близина на детски градинки, здравствени установи, дали се подразбира пред нив, на 500 метра, на 100 метра, на 1000 метра и тн. и тн. Значи овој закон изобилува со непрецизности кои јас морам како правник да кажам ќе го чинат многу тешко применлив потоа во практиката и во праксата.

Во членот 1-а, ќе одам по ред по законот, предлагачите велат дека правото на јавни собири може да се ограничи заради тоа и тоа, а тоа другото е дека ќе бидат ограничени правата на слободно движење на другите граѓани, значи другото што се става наспроти на ова што значи социјален бунт или штрајк или јавен протест како сакате наречете го е другите работни луѓе да можат навреме од работа да стигнат дома на пример, или да потрошат еден литар бензин повеќе ако одат по алтернативни патишта. Значи, ако направиме една компарација по она што значи комодитет на другите граѓани и ако го споредиме со протестот и барањето на луѓето на протестот кои најчесто се од егзистенционална природа, се разбира дека таквите работи не се достојни компарација и воопшто не може да се компарира. Се разбира и уставотворецот кога го правел Уставот и тој можел да ги ограничи овие права и слободи во овој дел во организирањето и учеството на јавните протести и собири, меѓутоа тој тоа не го сторил, не го сторил затоа што тој бил свесен и знаел дека такво ограничување практично не е можно, па дури одел до таму што не дал овластување ни со закон тоа да се прави. Значи, ако Уставот стриктно не дал такво право, и не дава таква можност со закон да се врши ограничување, значи повеќе од јасно е дека уставотворецот имал предвид дека вакви ограничувања се неможни да се прават.

Во членот 4, дали свесно или несвесно господа предлагачи, учесниците на протестот сакате да ги прикажете како негативци. Значи ако се излезени на протест во близина на некоја здравствена установа на пример, тие се такви луѓе кои што нема да го пропуштат возилото на брза помош па ќе дозволат човекот да умре, да почине во возилото. Или пак на пример ако се во близина на детска градинка можеби ќе киднапираат некое дете. Целта не знам што ви е, но така како што тоа го регулирате, како да сакате да ги претставите во една негативна конотација. Познато е кога се блокираат патиштата за возилата на полицијата, за возилата на брза

помош, за итни случаи не се врши забрна, туку се пропуштаат луѓето да поминат.

Зошто луѓето го прават тоа на магистралните патишта. Заради тоа што еден протест се прави тој за да предизвика ефект, за да се создаде ефект за да може Владата како одговорна за состојбите да седне и да разговара со тие луѓе кои што имаат проблеми. Зошто ако тој протест нема ефект, а се направи на некое место, еве сега да не кажам пример, еве на Хиподром, еве пред Александар Палас, тогаш јас не знам колку Владата ќе биде загрижена да седне со тие луѓе и да разговара. Се разбира дека јас најмалку посакувам да има протести, да има јавни протести, дај Боже да ги нема воопшто, меѓутоа секогаш ги имало и веројатно и понатаму ќе ги има, а тие се резултат се разбира на револтот на луѓето и нивната желба да седнат и да разговараат со одговорните за да бидат нивните проблеми надминати.

Членот 6, овде сакам да го спомнам, во таа конотација примерот со Јапонија. На пример во Јапонија кога некој вработен сака да протестира тој само врзува една бела лента околу челото и продолжува да работи. Тој не штрајкува, туку продолжува да работи. Но, тој што е одговорен за состојбите тоа го гледа, го перципира и седнува со него да разговара за проблемот, за да го решат проблемот. Ние сеуште не сме стигнати до таму да можеме да се компарираме со Јапонија, меѓута кај нас токму затоа луѓето го прават протестот за да направат ефекти да ги чуе тој што треба да ги чуе.

Членот 6 по мене е посебна приказна и јас сега би ги прашал предлагачите дали со членот 6 се нормира правото на полицијата да врши претрес кај учеснците, а вие знаете дека членот 6 зборува дека покрај она што веќе е регулирано во постојниот Закон да не можат да носат оружје, дека не може да се носи дрога, алкохолни пијалоци и уште не знам што не. Се разбира дека овие работи се веќе нормирани во закон кој може на јавно место, во возило или било каде да носи дрога или оружје, тоа се знае дека не може. Меѓутоа, вие токму оваа забрана ја лоцирате токму кај овие учеснци на протестот, да не речам сега точно со цел и со каква идеја ни е јасно. И кога покрај тоа ќе ја врзете и опозицијата како организатор на тие протести целта што сакате со тоа да ја постигнете е многу јасна и провидна.

Казнените одредби член 7,8 и 9 колку што гледам ги заостурвате, некаде се зголемуваат и паричните казни и јас сум сигурен дека поради материјалната состојба на луѓето кои се револтирани и да не речам прават социјален протест, јас не знам како тие луѓе можат и постојните да ги платат, а камо ли и овие казни. Ако е целта да се заплашат луѓето да излезат на протест, тоа е друга работа или ако мисли дека Буџетот ќе се пополни на овој начин токму од оние луѓе што најмалку имаат, тоа е друга работа, но ве уверувам дека ваквите работи создаваат спротивен ефектр кај луѓето и Буџетот за жал во овој дел ќе остане празен бидете сигурни зошто тие луѓе сигурно не ќе можат да ги платат таквите казни.

И на крај за целиот закон, јас реков и на почетокот дека сум против донесувањето на овој закон затоа што прво тој е противуставен, второ е неприменлив, трето уште повеќе ќе ги заостри состојбите и како што претходно спомнав ќе ги кнфронтира граѓаните едни спроти други и што е можеби најважно со овој закон сега вие предлагачите создавате можност за интервенција на полицијата врз масите, врз учесниците на протестот. Оти, ако тие луѓе спонтано изразувајќи го револтот, три или четири илјади се соберат на место на кое вие велите не може да се соберат создавате основа полицијата да интервенира во таквите случаи за да го брани законот, ако го почитува законот и ако е за правниот поредок. Јас мислам дека сте свесни за последиците што се може да произлезе од таквата интервенција, од таквите работи.

И најпосле само да завршам со прашањето, дали ако овој закон ваков каков што е беше донесен 2004 година пред новогодишната прослава на Плоштадот, дали знаете што ќе се случеше со организаторот заради тоа што на таа прослава загина девојче заради оружје иако е забрането носењето на оружје, а знаете кој беше организатор на тоа.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мешков. Сакате сфатете го како реплика за да можете да ми реплицирате по однос, еве да го вклучам и времето по однос на тоа што рековте дека пратениците од Либерално-демократската партија со донесувањето или со изглсувањето на овој закон се против јавните собирања и протестирања, само да ви кажам дека и вие и неколку дискутанти од опозицијата се демантирате. Ние сме за регулирање на собирите. Господин Ѓорчев, се извинувам што сега го спомнувам, дискутирајќи во својата дискусија рече дека во Франција се прават блокади и земјоделците застануваат и сите ја блокираат десната лента. Самото тоа потврдува дека левата лента е слободна за сообраќај и овозможено е движење на сите останати граѓани. И, затоа да расчистиме, јас прифаќам во оваа изборна година дека можеме да си ставаме во уста изречени зборови на ваков или онаков начин, но да кажеме дека, јас кажувам во свое име и во име на колегите од ЛДП, никој не е против јавните собири и протестирања, туку е за начин на регулирање . Нека протестираат, како што вели господин Ѓорчев, на десната страна, на левата ќе можат успорено останатите граѓани на Република Македонија да ги извршуваат своите секојдневни обврски.

Така да мислам дека неправилно се толкува или така се сака да се толкува. Благодарам.

Така да, господине Мешков повелете една минута контра реплика.

**Љупчо Мешков:** Господине потпретседателе или не сме се разбрале, јас не реков дека сте вие против јавни собири, јас реков дека како припадници на либералната доктрина поддржувате закон со кој се ограничуваат основните слбоди и права. Значи, тоа се две различни работи. Не реков дека сте против јавните собири, туку реков дека поддржувате донесување на закон со кој се врши ограничување.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Бонева Силвана.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседателе. Бидејќи колегите реагираат пак либре, јас се јавив за реплика. Му дадовте реплика на претходниот колега Тома Глигоријевски и ако тој се јави после на почетокот на господинот Ѓорчев па самиот кажа, јас се извинувам што задоцнив, можеби тоа го слушнавте и од тие причини се јавувам да не остане недокажано нешто а и после вашето елаборирање за тоа зошто сте поддржувачи на овој закон.

Најпрвин ќе се осврнам на кажувањето на госпоѓицата Грковска која кажа дека со овој закон тие сакаат да направат балансирање на правата на граѓаните. Меѓутоа, сметам дека не може да се обезбеди тоа со одземање на правата на едни за да се задоволат правата на другите граѓани. Тоа е декларирање на нееднаквост на граѓаните, бидејќи самите велите дека законот го носите за да ги заштитите правата на тие граѓани на кои што им се попречува слободното движење од страна на луѓето кои што протестираат. Само да ве потсетам дека во моментов во постојниот закон, значи тоа сега го зборувам не само за вас бидејќи вие добро тоа го знаете, меѓутоа за јавноста во постојниот закон имаме член 4, член 5 и член 6, посебно член 4 и член 6 со кои што се ограничува, значи се ограничува во одреден степен правото на граѓаните, односно му се дава правото на Министерството за внатрешни работи да реагира тогаш кога ќе оцени дека се загрозува животот, здравјето, безбедноста, личната сигурност и имотот на граѓаните, кога се врши или поттикнува да се вршат кривични дела утврдени со закон, кога се загрозува животната средина и она што е најспорна за која што вие цело време се повикувате, Министерството за внатрешни работи, тоа е став 2 од членот 6 вели, дека ќе го прекине одржувањето на јавниот собир, ако во случај на неговото одржување е спротивно со меѓународните договори, со кои е предвидена обврска за непречено одвивање на сообраќајот. Значи, и во постојниот закон имаме одредби со кои што се кажува дека на граѓаните им се обезбедува непречено слободно движење. Министерството за внатрешни работи е тој што треба да го почитува законот, а не со друг закон да им го одземате правото на граѓаните да протестираат онаму каде што тие сакаат или да ги насочите да протестираат само таму каде што ќе одредите вие и тоа без јасно утврдени критериуми. Кој е тој што цени во која постапка, кога ќе му биде одговорено на организаторот на собирот дека не смее да го држи тој јавен собир на тоа место на кое што бара. Значи, правите едни драстични ограничувања, а веќе тоа што сакате да го постигнете го има во постојниот закон.

Исто така, во член 4 јасно стои став 1 заради заштита на правата на граѓаните, нормалното одвивање на сообраќајот, снабдувањето на населението со лекови, храна, гориво и слични неодложни потреби како и заради почитување на обврската од меѓународнит договори, организаторот на јавниот собир е должен да обезбеди одржување на редот на јавниот собир и да организира редарска служба. Доколку тоа сам не може да го обезбеди, треба да бара од Министерството за внатрешни работи. Ако пак самиот организатор не постапува, обврска има Министерството за внатрешни работи да постапува. Јас не знам што е тоа што е нејасно, зошто беше овие два дена овој театар тука, како божем ние заштитници на правата на граѓаните, другите сите им ги ускратуваат правата, кога е јасно набележано во законот. Значи единствената цел што сака да се постигне со овој Предлог на закон е целосна забрана на собирите и да се заплашат граѓаните, едноставно воопшто да не им текне да излезат на собири. Бидејќи самите овде си кажавте дека ги снимате, се води евиденција кој од каде и со што учествува на тие собири. Не ли е тоа закана? А јано е дадено во постојниот закон во кој случај може да интервенира Министерството за внатрешни работи во кои случаи можат да се ограничуваат тие права. Значи, да не остане нејасно дека ние како политичка партија стоиме зад тоа дека треба да им се попречува правото на другите граѓани. Ние јасно кажуваме дека овие одредби веќе се содржани во законот. Правото го има Министерството за внатрешни работи да реагира во секој случај кога ќе види дека се загрозуваат правата на граѓаните. Повторно ќе кажам нема воопшто потреба од оваа дискусија, ниту има потреба од носење на дополнување на Законот за јавни собири. Ставот кој што ви беше пред 3-4 месеци е многу исправен и повторно ќе кажам препрочитајте си го мислењето на вашата Влада и таа истото нека го препрочита, нека си го повтори тоа што го кажала тогаш дека Уставот на Република Македонија не дозволува вакви ограничувања. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Лилјана Поповска.

**Лилјана Поповска:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, мислам дека многу работи се кажани, не би ги повторувала. Би сакала само да го искажам ставот на нас како пратеници на пратеничката група на Демократската обнова на Македонија,

ДОМ. На сите мислам ни е јасно дека целта на овој закон не е внесување ред во општеството, туку дека е контрола и тоа политичка контрола на граѓаните. Овој закон е темпиран да се донесе токму сега, непосредно пред изборите за да може партиите од владеачката коалиција да ја имаат комплетната контрола на граѓаните. Истовремено, се инсистира за внесување на администрацијата, на партиски војници во избирачките одбори за да може да се има контрола на избирачкиот процес. На ваков начин со ограничување на јавни собири, ќе се спречи и можноста за евентуално реагирање што било пред тоа или потоа, доколку нешто не би било ред на изборите. Мислам дека е сосема јасна тенденцијата и дека е максимално некоректно и се работи за класично ограничување на граѓанските права. Практично што кажува овој закон ваков каков што е. Тој прави максимална рестрикција на можноста граѓаните да го искажат својот став јавно и пораката е, не протестирајте на улица, протестирајте си дома. Има многу иронија и многу цинизам во овој Предлог закон особено ако се земе предвид дека првичната верзија на еден ваков закон што беше предложен од колеги пратеници беше одбиен од Владата и од другите колеги пратеници. Имавме речиси консензус во Парламентот дека таков еден закон е непримерен и беа наброени ред работи кој што сега опозицијата ги кажува и се обидуваме да докажеме дека држат. Тогаш и колегите од владеачките партии беа согласни во огромно мнозинство дека тоа е така. Сосем и јасно и доволно индикативно тоа што сега како што течеше развојот на настаните, како што се зголемува граѓанското незадоволство поради неуспешните потези на Владата, поради не успевањето на Владата да исполни макар нешто од економските ветувања, од социјалните ветувања. И, кога граѓаните немаат друг начин освен да излезат и организирано со протести да го искажат својот став, токму сега се предлага и се спрема носење на еден ваков закон каде што на граѓаните ќе им се порача дека не смеат да протестираат, дека ако протестираат ќе биде тоа проследено на соодветен начин и во крајна линија ќе биде забрането да се протестира и да се изрази нивниот став.

Значи, уште еднаш како колеги, како пратеници од ДОМ сме против овој закон и сме против обидот на владеачките партии за потполна контрола над граѓаните, над нивното мислење, над изразувањето на нивниот став, на нивното слободно однесување на јавен простор. А, инаку како што беше веќе спомнато во други закони сосем прецизно е регулирано кога постојат реални основи за ограничување на некои собири кои што би го нарушувале јавниот ред и мир. Толку. Понатаму мислам дека нема потреба да се повторуваме. Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Поповска.

Има збор пратеникот Рамадани Исмет.

Повелете, господине Рамадани.

**Исмет Рамадани:** Почитуван потпретседател, почитувани колеги, јас додека поаѓав кон говорницата ги разбирам моите колеги кои ми поставуваат прашање колку ќе дискутирам. Моето излегување овде на говорница не значи дека ќе дискутирам малку подолго, затоа што имав повеќе трпение да ги слушам колегите во текот на овие денови и од позицијата и од опозицијата. Предлог е изменување и дополнување на Законот за јавните собири. И врз основа на тоа што слушнав и врз основа на тоа што е напишано доаѓам до едни мои констатации како пратеник. Секое настојување на пратениците од страна на парламентарното мнозинство со овој закон да се постигнат позитивни ефекти што се однесува на јавните собири, на блокадите на патиштата мене ми изгледа дека е работа која што ќе доживее неуспех. Работата е тотално неуспешна затоа што според мое искуство и искуство на Република Македонија во овој правец што се однесува на собирите и на блокадите, овој предлог само ќе постигне реакција да овие блокади, заземат еден правец каде што можеби за жал ќе се дојде до ситуација да има и интервенција и да заземат сосема погрешен правец кој што нема да се застане до блокади и до мирни протести, туку може да земат и други правци. И, нормално дека е оправдано тука да се сомневаме многу е оправдано да се сомневаме дека опозицијата може да се меша во разни форми. На крајот на краиштата секој протест кој што оди во насока на несогласување со власта е дел од опозицијата. Тие се граѓани и ние не можеме ним да им сугерираме и да ги спречуваме и да немаат политичко убедување за некои прашања кои што за нив значи одбивање односно спротивставување на некој акт или делување на Владата или на власта. Меѓутоа, од друга страна и ние како опозиција на нашите јавувања доколку сакаме да бидеме до крај конструктивни и доколку сакаме да бидеме во интерес на она да сепак се кристализира до крај да се дефинира и да се исчисти тоа што значи несогласување на граѓаните и дејствувањето на политичките партии од страна на опозицијата, значи тука треба да бидеме внимателни и во нашите јавувања и на крајот на краиштата и тука на говорница. Јас во оваа прилика би сакал од предлагачите или од еден предлагач да ми објасни две дефиниции за кои што можеби или не сум многу паметен или во оваа ситуација не ги разбирам. Дали јавен собир е, ќе ве молам ова да се разјасни, дали е тоа блокадата на еден пат или блокирањето кое што го спречува движењето на граѓаните. Дали ова е јавен собир или можеби, е нешто друго. И се поставува прашање како законот го дефинира јавниот собир на граѓаните и како го дефинира блокирањето на улиците или патиштата. Според мене, ова се две прашања и врз основа на тоа што е напишано во предлогот. На пример членот 4 јас многу убаво разбирам дека јавните собири не треба да се одржуваат пред здравствените

установи, пред училиштата итн, меѓутоа кога доаѓа збор за магистралните патишта иако патиштата сега не знам дали е ова јавен собир кој што е протестирачки или е нешто друго, затоа што блокадата или блокирањето на патиштата било да се магистрални или во градот внатре може да се направат и со 5-6 лица или 3-4 возила. И јас имам моја дилема. Ќе ве молам јас сум многу искрен и до крај сакам да бидам јасен. Дали може оваа форма на изразување на незадоволство со блокирање на патот со 10 лица и 2-3 возила, дали ова влегува во редот на квалификувањето како јавен собир. Дали може да се квалификува како протестирачки собир и тука или треба да се направи дикстинција, значи јасно во законот да се подели од категоријата на јавните собири или според мене насловот на законот не кореспондира со последната алинеја од член 4 што значи блокирање на автопатишта односно на магистралните патишта. Ќе ве молам, еден од предлагачите доколку има можност да ми даде дополнително објаснување. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок: Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните собири.

Пред да преминеме на гласање ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Најверојатно пратениците очекуваа дека и денес цел ден ќе дискутираат.

Ги повикувам уште еднаш пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

(Објавувам пауза до 15,00 часот).

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа.

Молам пратениците да седнат на своите места.

Молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници, а ги повикувам останатите пратеници да влезат во салата.

Момент, да влезат и останатите.

Молам пратениците да влезат во салата, за да преминеме на гласање.

Молам пратениците да влезат во салата за да можеме да гласаме по овој закон и да ги поминеме амандманите. Со оглед на тоа што следнава недела ќе немаме седници, барем да имаме време да зборуваме за тутунопроизводството, бидејќи беа премногу бучни пред почетокот на седницата.

Затоа сега ги повикувам пратениците да влезат во салата.

(Пратеници влегуваат во салата).

Во салата се присутни 61 пратеник.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник, гласале 58, 55 за предложениот заклучок, нема воздржани, 3 се против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на ова седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник, гласале 57, 54 гласале за, нема воздржани, 3 се против.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Предлагачите на законот пратениците Славица Грковска, Аднан Јашари, Ќенан Хасипи и Роза Топузова Каревска поднесоа амандмани на член 1 за менување на новиот член 1-а, член 3 за менување на воведната реченица и за заменување на зборовите "член 4" со зборовите "член 2-б" и за менување на член 4 истите ги повлекоа.

Предлагачите на законот пратениците Славица Грковска, Аднан Јашари, Ќенан Хасипи и Роза Топузова Каревска поднесоа амандмани за менување на член 5, за бришење на член 7, за менување на член 8 и за менување на член 9 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 1 за менување на новиот член 1-а, член 3 за менување на новиот член 2-а и за бришење на член 4.

Предлагачите на законот писмено известија дека ги прифаќаат овие амандмани на Владата и тие се составен дел на тесктот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 5, за бришење на став 1 и став 2, член 7 во новиот член 8-а и за бришење на член 9.

За овие амандмани предлагачите писмено известија дека не ги прифаќаат.

Отворам претрес по амандманот на член 5 за бришење на став 1 и став 2, поднесен од Владата на Република Македонија.

Овој амандман предлагачите не го прифатија.

Молам претставникот на предлагачите госпоѓица Грковска да се произнесе.

Со оглед на тоа што веќе се има писмено изјаснето дека не го прифаќаат, молам дали некој друг бара збор?

Констатирам дека нема други пријавени за збор и го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

(По објавувањето на видео бимот на резултатите од гласањето).

Еве доказ дека пратениците не ја слушаат Владата.

Од присутни 64, гласале 56, 3 за, 2 воздржани, 51 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 во новиот член 8-а поднесен од Владата на Република Македонија.

Овој амандман предлагачите не го прифатија.

Молам дали некој друг бара збор.

Констатирам дека нема пријавени за збор, го залкучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гасаме.

Од присутни 64 пратеници, 56 гласале, од нив 2 за, 3 воздржани, 51 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 9 поднесен од Владата на Република Македонија.

Овој амандман предлагачите не го прифатија.

Молам кој бара збор?

Констатирам дека нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 65 пратеници, гласале 56, ниеден за, 2 воздржани, 54 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Процедурално бара збор пратеникот Оровчанец Ѓорѓи.

Повелете господине Оровчанец.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Јас прашувам дали во овој момент Владата на Република Македонија падна, бидејќи мнозинството гласаше против својта Влада?

**Слободан Најдовски:** Благодарем господине Оровчанец.

Има збор пратеникот Бонева Силвана.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитуван потпредседателе,

Во има на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ и Либералната партија, во знак на протест против носењето на овој недемократски закон, спротивен на Уставот на Република Македонија со кој што се органичуваат слободите и правата на граѓаните на Република Македонија, ве известувам дека нема да учествуваме во гласањето по овој закон.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Се извинувам, но можете да кажете само во име на вашата пратеничка гурпа. Другата пратеничка гурпа ќе си каже.

Констатирам дека нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 64 пратеници, гласае 62 пратеници, 57 за, 1 е воздржан, 4 се против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните собири.

**Минуваме на точката 15 - Информација за состојбата со откупот на тутунот од реколтата 2005 година.**

Предлагачи се пратениците Благоја Гешоски, Роза Топузова-Кареска, Жарко Караџоски, Никола Камчев, Коста Прешоски и Блаже Стојаноски.

Информацијата и Извештајот на Комисијата за замјоделство, шумарство и водостопанство ви се доставени, односно поделени.

Пред да отворам претрес, кој во име на предлагачите ќе образложи?

Тоа е господинот Гешоски Благоја.

Има збор пратеникот Гешоски Благоја.

Со тоа е отворен претресот по Информацијата.

**Благоја Гешоски:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитувани колешки и колеги пратеници,

И денеска, впрочем како и неколку пати во изминатите три години во овој наш парламентарен состав на законодавниот дом на Република Македонија, на дневен ред говориме за состојбите во тутунската индустрија, за состојбите со откупот на тутунот или воопшто за состојбата на тутунопроизведителите. Тоа сме го правеле говорејќи за информации, меѓутоа и во неколку наврати на предлози за изменување и дополнување на Законот за тутун.

Ние, поднесителите на оваа информација, што ја доставивме до Собранието и стана точка на дневен ред, прво сакам да кажам зошто ја поднесовме оваа информација.

Состојбите со откупот со тутунот од реколтата во 2005 година навистина беа сложени и откупот на тутунот, бидејќи во оделни региони во Република Македонија не се вршеше, тоа посебно беше изразено во прилепскиот регион, создаде страв и паника кај тутунопроизведителите од причини што, она што го произвеле во реколтата 2005 година и го сработиле во домашни услови не можеа да го продадат и со тоа да го валоризираат својот труд. Таквата состојба предизвика протести, јавни собири што беа манифестирани со блокада на магистрални и регионални патишта или со еден збро ја усложни состојбата, посебно со регионите каде што не се вршеше откуп на тутун.

Дека оваа година немаше динамика на откуп на тутун, говори податокот што е наведен во информацијата, каде што се вели дека минатата година до први февруари во прилепскиот регион биле откупени околу 7 000 тони тутун, а оваа година беа откупени до први февруари само 350 тони.

Значи, тоа е една од причините поради која ние поднесителите на информацијата ја доставивме Информацијата до Собранието.

Друга причина е што јас, колешката Роза Топузовска-Кареска и колегата Жарко Караџоски имавме една средба со тутунопроизводители од Кривогаштанскиот регион и како заклучоци од таа средба ние се обврзавме како претставници на граѓаните да доставиме ваква информација и да се расправа во Собранието на Република Македонија по оваа точка. Значи нашето ветување пред гласачите сме го оствариле.

Тогаш кога е поднесена оваа информација не беше на повидок разрешница на проблемот бидејќи не беше започнат откупот на тутунот. Меѓутоа во меѓувреме се одржаа средби или преговори помеѓу тутунопроизведителите и Владата поточно премиерот на Владата господинот Владо Бучковски, на кои што преговори на два наврати присуствувавме и јас и после околку девет часа разговори и преговори Владата и тутунопроизведителите изнајдоа решение со кое се надмина ваквата состојба.

Од ова место во името на тутунопроизведителите би сакал да изразам благодарност до Владата и премиерот Бучковски за неговото разбирање за проблемите на тутунопроизведителите и за тоа што започна откупот во најголемото откупно претпријатие Тутунскиот комбинат во Прилеп кое што во изминатите неколку денови се одвива во најдобар ред иако имаше такви кои што се обидуваа да кажат дека откупот не е онака како што посакувале. Најмногу поради тоа што после тие преговори се заклучи дека овогодишната реколта на тутун ќе има сунвенција или премија за тутунопроизведителите која што ќе изнесува 30 денари по килограм тутун. Значи, ова се новите моменти кои што се случија од поднесувањето на нашата информација до овој ден. Меѓутоа сепак сметавме како предлагачи дека е добро оваа информација да биде на дневен ред на Собранието од причина што нејзините заклучоци значат и конкретни за Владата на Република Македонија.

Од заклучоците повеќето се спроведени и инспекциските служби се на терен, реков дека премијата од овогодишната реколта потврдено е да изнесува 30 денари по килограм, и она кое што останува а е многу важно, Владата во периодот кој што претстои да го достави законот за тутун, со кој што закон за тутун за прв пат ќе биде регулирано она кое што досега никогаш не било регулирано во Република Македонија а со што ќе се надминат ваквите проблеми на тутунопроизводителите.

Имено, во новиот Закон за тутун ќе постои одредба со која што ќе биде гарантирано дека трите денари од акцизата на тутунот во иднина кој и да биде на власт во Република Македонија ќе мора да бидат за премија на тутунопроизводството во Република Македонија.

Значи, ова се отприлика причините поради кои што ја поднесовме Информацијата. Меѓутоа јас би сакал да се задржам малку на вкупните состојби во производството на тутун во Република Македонија бидејќи кажав, неколку пати сме дискутирале на таа тема што говори дека состојбата во производството на тутун не е само оваа година сложена и тешка, туку таа со години station наназад се усложнувала и едноставно тоа што ни се случува е последица на грешки или на чекори кои што се направени во минатото.

На средбите со тутунопроизводителите нешто што се појави како проблем, а посебно мене ме загрижува, тоа е фактот дека во изминативе 15-тина години малкумина од нас разбрале дека транзицијата значеше една промена не само на системот на уредување во државата туку и на свеста и за жал покажа, што како парламентарен дом нас треба да не загрижи дека граѓаните многу малку се информирани за законските одредби, за нивните права и обврски кои што произлегуваат од законите и едноставно за нефункционирање во многу сегменти на нашето живеење. Така да, во недостаток на познавање на своите права и во услови кога тутунопроизводителите имаа реален проблем кој што го разбираме потполно бидејќи јас и моето семејство сме обработувале тутун се најдоа некои лажни душегрижници кои што се обидоа да профитираат на маката на тутунопроизводителите и јас би апелирал до тутунопроизводителите да не дозволуваат ни во иднина, никогаш некој да си поигрува со нивната мака и да се обидува да печали политички поени, бидејќи нема ништо понечовечко од тоа на туѓата мака да собирате политички поени.

Луѓе кои што никогаш не виделе тутун и луѓе кои што никогаш не работеле тутун, или едноставно немаат легитимитет за да се борат за правата на тутунопроизводителите, тоа го правеа во изминатиот период од само ним познати цели односно политички профитерство.

Ваквите средби покажаа дека актуелните одредби од законот за тутун малку се почитуваат од страна на тутунопроизводителите и од страна на откупувачите и сигурно во тој дел ќе треба многу да се поработи за да во иднина не ни се случуваат вакви и слични проблеми. За мене беше несфатливо претставниците на тутунопроизводителите или самопрогласените нивни лидери кои што беа организатори на блокадите на патиштата да одбиваат да дојдат и да се сретнат со Владата и да преговараат се со цел да се изнајде решение за проблемите со откупот на тутунот во реколтата 2005 година.

Тоа уште еднаш покажа дека ваквите личности немаат намера да им помогнат на

тутунопроизводителите и јас еднаш апелирав меѓутоа тоа ќе го повторам уште еднаш, да тутунопроизводителите согласно законот бидат организирани во своите тутунски здруженија кои што имаат право да ги основаат, меѓутоа и таму има обврска да ја плаќаат членарината во тие тутунски здруженија и преку нив и легално нивните избрани претставници, како што сме ние пратениците се борат за своите права, бидејќи тоа се покажа како успешен рецепт за решавање на проблемите. Реков, за мене беше несфатливо, можам и да спомнам, човекот кој што ги организира протестите со блокирање на граничен премин во Ново Село мислам дека се вика Никола Стаменков, да одбива да дојде на преговори во Владата, едноставно има две причини. Едната е тој не е тутунопроизводител, а другата е немал таква наредба од неговите политички ментори и едноставно се плашел од разрешница на проблемот. И денес гледаме како се разочарани и незадоволни оние кои што имаа друга намера со манипулацијата на тутунопроизводителите и кои што сакаа да реализираат и да профитираат малку поинаку, се разочарани од договорот кој што е постигнат помеѓу Владата и тутунопроизводителите.

Сигурно дека ќе има многу дискусии по оваа точка на дневниот ред, вчера колегата Камчев на Комисијата за земјоделие, шумарство и водостопанство го пренесе апелот на тутунопроизводителите дека тие се задоволни од она што се случи како преговори меѓу тутунопроизводителите и Владата и го изнесе нивното барање, ние денеска не полемизираме и политизираме околу проблемите во тутунопроизводството се со цел да не ги злоупотребуваме тутунопрозиводителите во нашите меѓусебни партиски и политички битки.

Јас само ќе го надодадам задоволството на тутунопроизводителите од прилепскиот регион од договорот кој што е постигнат и од отпочнувањето на откуп на тутунот од реколтата 2005 година од Тутунскиот комбинат во Прилеп, а на сите оние кои што имаат намера се уште да создаваат раздор и да шират некакво незадоволство помеѓу тутунопроизводителите им порачувам да се тргнат настрана, да не се играме со судбината и со маката на 30-тина илјади семејства во Република Македонија кои што се занимаваат со производство на тутун и она што останува како наша задача овде како пратеници да го изгласаме законот за тутун кој што ќе ги реши проблемите на тутунопроизводителите за еден подолг период, да се обврземе и да им го ветиме тоа бидејќи сепак носењето на еден таков закон и системското решение на она што значи субвенција и премија за тутунот во идните реколти е наша задача и наша обврска.

По две-три враќања на законот за тутун и Владата очигледно сфати дека тутунот е стратешка култура за Република Македонија, дека кон него треба да се гледа малку поинаку отколку кон другите земјоделски култури во Република Македонија бидејќи тој не е само земјоделска гранка туку 30 илјади семејства кога се занимаваат со него, тоа значи социјален дел и економски аспект како за тие 30 илјади семејства во Република Македонија така и за државата бидејќи девизниот прилив се мери во милионски суми. Јас како еден од предлагачите сигурно ќе се вклучам и подоцна во расправата која што ќе следи, меѓутоа одовде уште еднаш ќе повторам, дел од заклучоците кои што ги поднесовме се усвоени и прифатени или се применети на терен, меѓутоа, сепак како Парламент треба да ја усвоиме оваа Информација бидејќи тоа значи конкретно задолжување за Владата а не како и денеска некој со недоверба да говори дека она кое што било договорено или јавно кажано во Владата на Република Македонија дека е предизборен маркетинг и предизборен трик. Јас ги уверувам сите тутунопроизводители дека ќе ја добијат премијата која што е ветена во висина од 30 денари и дека новиот закон ќе ги релаксира односите во тутунопроизводството. Меѓутоа, законот ќе мора да го почитуваат сите и тутунопроизводителите и откупните претпријатија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Гешоски.

3 минути реплика пратеникот Србиновски Илија.

Повелете господине Србиновски.

**Илија Србиновски:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Познато им е на сите граѓани во Република Македонија дека земјоделието претставува основен столб за развој на државата, особено една од тие гранки е тутунопроизводството со кое се занимаваат околу 30 илјади граѓани во Република Македонија од населението од кој е најсиромашен дел во овој дел од населението и мора да се каже дека на овие луѓе единствен избор на пари е тутунот. Значи, ние знаеме дека на тутунарите маката им трае со години, но како оваа година што никогаш не било, со вакви ниски цени. Мислам дека оваа Информација што ја поднесуваат пратениците од владеачката партија претставува едно лицемерие на самата власт, затоа што ако сакаше власта, ова можеше да го реши веднаш затоа што од кога излегоа тутунопроизводителите, 15 до 20 дена штрајкуваа на патиштата, правеа блокади и тогаш власта не се огласи према нив, не дојде да разговара туку викаше дали се овие или оние, не сакаше воопшто да се позанимава со овој проблем. И сега, пред тоа имаше Комисија за земјоделие поднесено една Информација која повторно парламентарците од позицијата не сакаа да ја прифатат таа Информација од Комисијата за земјоделие што ја подложивме, некаде околу 30 денари заштита цена и нормално и закон за тутун, и тоа не сакаше да се прифати. Меѓутоа, кога видоа дека тутунопроизводителите излегоа со голем протест и да прават блокади на патиштата,

дури тогаш дојдоа до едни преговори и веднаш сега пратениците од владејачката партија прават некое лицемерие да покажат ете, дека за тутунопроизводството се интересираат.

Јас мислам дека ако се исплатат овие пари, добро ќе биде, само да не биде едно, да не се изразa со тежок збор, бидејќи колку што за пченицата што ја исплатија, толку и тутунот ќе го исплатат. И затоа, мислам дека оваа Информација е едно лицемерие на тутунопроизводителите кои знаеле дека имаат огромна мака, огромна сиромаштија во тој слој на луѓе, и според тоа, ако ги немаат тие маки, ако беше добро платен тој тутун, тие немаше да излегуваат, да прават блокади. Меѓутоа сепак, ќе видиме натаму, времето ќе покаже дали ќе биде исплатена оваа премија или не ќе биде исплатена, тое ќе видиме, времето ќе покаже. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Србиновски.

Една минута контра-реплика пратеникот Благоја Гешоски.

Повелете господине Гешоски.

**Благоја Гешоски:** Благодарам.

Колега Србиновски, ја разбирам вашата загриженост, бидејќи вашите планови за манипулирање со тутунопроизводителите не успеаа, и сега кога е најдено решение, јасно е дека вие ќе се обидувате да оспорувате и се уште да ги залажувате тутунопроизводителите, се со цел, да го подгревате нивното незадоволство или да ја одржите тензијата. Меѓутоа, ве прочитаа тутунопроизводителите и сигурен сум дека нема да веруваат во она кое што го говорите.

За мене е несфатливо да вие ако пратеник мислите и овде говорите дека можела Владата да изнајде решение. Кажете ми согласно кој закон можеше Владата да изнајде решение онака вие како што говорите и да го разреши проблемот. Со донесувањето на законот за тутун ќе се создадат тие услови и затоа немојте да се служите со дезинформации дека оваа година била најниска откупна цена на тутунот, ќе ви докажам подоцна дека не е така.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Гешоски.

Има збор пратеникот Жарко Караџоски.

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам потпретседателе, веднаш на почетокот на расчистиме една работа. Оваа Информација не ја поднесле пратениците на владеачкото мнозинство, ја поднесле пратеници и на опозиционите партии во кои што спаѓаме јас како потписник и Блаже Стојаноски. Зошто потпишавме токму ние, затоа што доаѓаме од прилепскиот регион и заради тоа што како што кажа колегата Гешоски, бевме на некој начин задолжени како пратеници кои доаѓаме од тој регион, од една средба која што ја оствариvме ние тројцата пратеници во Кривогаштанскиот регион каде што и почна протестот. Значи, сме зеле збор, сме излегле пред граѓаните да ги слушнеме нивните маки и она што како пратениците можеме да го направиме единствено освен да сееме магла е да отвориме овде расправа по однос на она што како пратеници имаме право, а тоа е да поднесеме информација така како што ние ја гледаме и да ја натераме на некој начин Владата со одреден притисок од страна на пратениците и на Собранието да преземе одредени мерки во правец на заштита на тутунопроизводителите. Тоа беше нашата намера и тоа беше нашата цел и тоа ние го направивме дури пред она време пред да излезе конечниот став на Владата таков каков што излезе. И познато е почитувани колеги, дека претходните од ден или два дена кога се расправаше за дневниот ред, еве конкретно јас инсистирав да оваа точка ја разгледуваме понапред, иако беше последна точка на дневен ред, за да на некој начин извршиме притисок со Владата да преземе одредени мерки кои што јас мислам а и така е, ги има согласно законот.

Значи, апсолутно немам намера на макаta на тутунопроизводителите да нижам овде политички поени. Не е никаква новина и не е никакво чудо Собранието да разгледува Информација за состојбите со откупот на тутун без разлика за која реколта станува збор. Јас почитувани колеги ќе ве потсетам, во сите овие 8 години како сум пратеник, ретко се случило некоја година да не се разгледува Информација за состојбите со откупот на тутун. Значи и во она време кога бевме позиција, кога имавме наша влада и сега кога сме опозиција. И сега сите ќе се прашате зошто. Зошто секоја година Собранието излегувало со Информации, зошто се дискутирало по информации. Токму од овие причини кои што ги кажав. Секогаш Информацијата служела како средство, начин или притисок до Владата да преземе одредени мерки а граѓаните и тутунопроизводителите, па и ние овде како пратеници да се запознаеме каква е состојбата со тутунопроизводството во Република Македонија.

Е, сега не мора многу да се биде паметен, и не мора ни многу, кој знае колку да се чита, земете ги само хронолошки извештаите на Собранието, информациите кои што беа поднесени овде и заклучоците кои што се донесени, па ќе видите каква била состојбата со откупот на тутун, затоа што секоја информација ја разгледувала Комисијата за земјоделство и секоја информација овде со дискусии завршувала со одредени заклучоци. Видете ги, споредете ги тие информации и ќе дојдете до заклучок дали денеска состојбата е слична, полоша, подобра и т.н. затоа што во тие информации, за разлика од овој нов деловник, во претходниот Деловник пратениците имаа право да бараат Владата да достави Информација, па да речеме со едни поконкретни бројки да расправаме, отколку сега ние што ги пишуваме, па може да не бидат

валидни, и во тие информации имавме приказ на целата состојба во целиот регион во Република Македонија. Ако сакате почитувани колеги, за да не се правиме кој е поголем херој, која партија колку е поопозициона или колку е повладеачка, јас ги имам тука сите информации, ако сакате една по една ќе ви ги читам. Ќе земам само репер една работа. Еве ви овде информации од Владата на Република Македонија за состојбата на откупот на тутунот реколта 2002 година. Точно во она време кога Владата на господинот Георгиевски, нели си замина од политичка сцена, а дојде оваа која што сега премногу вети. И во таа информација која е напишана на повеќе од 20 страни има графикони, има показатели во кои што можете да видите кои биле цените во тоа време. Значи, ајде да не зборуваме напамет, да зборуваме со бројки. Еве ги графиконите од договорените цени, сите вие може да ја побарате оваа информација, да не испадне дека измислувам, па ќе видите дека ...

**Слободан Најдовски:** Ве молам тишина, за да може господинот Караџоски да дискутира.

**Жарко Караџоски:** Значи ќе видите кои биле цените по класи, која била просечна и т.н., дали имало стимул или немало стимул и т.н. и тука е се забележано. Значи, ако одиме 2002 година цена на тутун за тип Прилеп, зборувам, од 167 денари прва класа па се до некаде 23 денари најниската класа, споредете ја со оваа денеска што се случува па вадете го заклучоко дали цените се зголемиле или се намалиле и колку се направило нешто за тутунопроизводството во рамките на овие 4 години, зборувам за 2002 година.

Има тука многу показатели, несакам да потсетувам, да го губам времето, кој е заинтересиран може да ја прочита. Значи, не сакам да се сфаќа погрешно кога се зборува за тутунот и тутунопроизводството, да не се заборави една работа дека 10% од населението во Република Македонија егзистира токму од оваа култура. Не оти тутунот е доходовен и не оти е лесен за работа, туку затоа што друг излез нема. Како е тргнато со економската политика во Република Македонија особено овие последни години, друга алтернатива и нема, освен тутунот. Ама како оваа година помина и како врви ќе отпадне и таа алтернатива. Токму заради тоа, се случија протести.

Почитувани колеги, би сакал да ве потстам, значи дека немам намера со поднесувањето на оваа иформација да делам демагогии, како што некој сака да каже, туку дека сакам да расправам со аргументи и како што кажав на некој начин да се изврши притисок на Владата и сега јавно ќе ја потсетам, нема тука претставници на Владата, но ќе знаат, веројатно ќе слушнат, но еве и сите пратеници и граѓаните на Република Македонија ќе ги потсетам. Жарко Караџоски како пратеник, само во овие четири години има поднесено и информации и расправал зе која информација што ја поднел, поддржал секој пратеник кој што барал такви инфорамции. Има поднесено и лично два закона за тутунот, за кои што сега некој зборува дека Владата ќе го донела законот за тутунот кој го чекаме четири години. Во тие закони, кои што како пратеник ги поднесов, предлагав решенија кои што сега Владата ги нуди како спасителни решенија. Законите почитувани колеги, еве ги пред мене и тие ако треба да ви ги прочитам, меѓутоа, само ќе ви ги раскажам, затоа што едниот е во септември 2004 година, другиот мислам дека беше пет-шест месеци порано, па бев обвинет од пратениците од мнозинството, како сеам демагогија, како правам политички маркетинг итн., како моите одредби во моите закони би биле глупи, поточно Владата во никој случај нема да може да ги поддрже, затоа што сум барал заштитна цена, сум барал субвенционирање, сум барал редовен рок на отплата, сум барал рок кога треба да отпочне откупот и кога треба да заврши и што ако тоа не биде и сум барал замислете државата да го гарантира откупот на начин како што сега Владата ги нуди како спасителни решенија. Ех, сега само ќе ве потсетам за да не кажувате потоа најверојатно ќе се јавуваат за реплики и да ми кажуваат како и сега делам политички маркетинзи, земете ги законите и прочитајте. Да сме здрави и живи ќе го видиме и тој владиниот предлог и верувам дека најголем дел од овие одредби ги има земено. Господинот Гешовски кажа Владата конечно сфати. Ама кога? Кога се собра пред Влада, кога ги блокираа улиците или кога, зошто не сфаќаше кога господинот Караџоски нудеше закони. Можеше, ако не чинеше текстот, ако во тие оредби имаше нешто што не е логично, со амандмани да интервенираа, а не анблок, да биде отфрлен.

Значи, тоа беа предлозите кои што Караџоски ги предлага. И ќе ви кажам и ќе ве потсетам дека тие закони не беа поддржани. Не беа поддржани. Ќе ве потсетам уште нешто почитувани колеги. Се носеше во ова Собрание и закон за земјоделство, односно измени на Законот за земјоделство. И тоа веднаш СДСМ кога заедно со своите коалициони партнери дојде на власт. Што предвиде тој закон. Тој закон го укина Фондот за земјоделие. Сега повторно некој се сетил, од Владата после toклу изминати години, кога ветува таму 30 денари ќе дадеме субвенции, а на тоа што премиерот ветува па минисерот за финансии вели нема да дадеме 30 денари, затоа што немаме од каде да дадеме, нека си најде Дурако од неговиот Буџет, и сега се случуваат превирања. Читајте денеска во Дневник има натпис. Значи премиерот ветува, министерот за финансии не дава, министерот за земјоделие нека си бара кај знае. Што знае тој пак, може да најде сосема нешто друго освен пари за земјоделие.

Имате министер за земојоделие во оваа Влада. Кој што на протестите, каде што земјоделците протестираат, буквално во сите сегменти човекот никаде го нема. Ама апсолутно никаде го нема, и

на сите ни е јасно дека министер во сенка по земјоделие веќе ќе стане и премиерот тоа е одамна познато, меѓутоа што да прави човекот кога нема сила да го реконструира. Но тоа е прашање за друга прилика. Зборот ми е, кога се носеше тој закон, значи се укина Фондот за земјоделие, сега многу е лесно почитувани колеги да ветите ќе ти дадам толку оти ти бараш толку. Ти бараш 60 јас ќе ти дадам 30 денари. Меѓутоа од каде. Ако имаше фонд за земјоделие, не беше спорно од каде. Сега е спорно. И затоа ќе ни се случуваат препирките во Владата на релација министер за финансии, министер за земјоделие и на крајот судијата кој што треба да пресуди ќе биде премиерот. Пак ќе слушаме коментари, како што ги слушаме овие денови како што ви читам. Дали се три денари замислете премиерот и комплетната Влада им ветува на тутунопроизводителите дека ќе ви исплатиме субвенции, односно премија од закон кој што не е донесен во Република Македонија. Очигледно во оваа Република многу видовити луѓе станаа. Значи закон е предложен тој е на дневен ред на една од седниците. Кој знае кога ако го слушам претседателот на Собрание рече ќе чека подобри денови за седница. А, кои се тие подобри денови, незнам. Најдбро знае тој. Меѓутоа ние, односно Владата чека Петко да се роди, па после да даде пари. Како да знае дека Пеетко ќе се роди. Што ако биде Перса? Прашањето е во тој закон се предвидува некакви три денари од кутија на цигари. Значи, првото прашање дали законот ќе биде прифатен, дали Собранието ќе го усвои, па и ако го усвои, кога ќе го усвои, кога сега минисерот, односно заменикот министер за земјојделство, шумарство и водостопанств, кажува ако тој закон Собранието го усвои побрзо, повеќе пари ќе собереме, ако тој закон се усвои подоцна, помалку пари ќе собереме. Значи, сума сумарум, каде се парите. Никој во оваа држава, во овој момент не знае колку пари ќе се соберат. А ветува, дури и математика се направи колку може да изнесува премијата. Три дена се одложија разговорите кај премиерот, да се утврди дали имаме доволно средства да дадеме 30 денари. Меѓутоа, од каде, немаме закон, немаме основ да дадеме три денари од кутија цигари. Треба прво Петко да се роди, па после капа да му кроиме. Тоа е едната работа.

Второ, почитувани колеги исклучиво ви се обраќам на парламентрното мнозинство да ве потсетам на времето кога се носеше законот за стокови резерви, сега господинот Гешоски, јас се извинувам, што го користам, но тоа е дел од Парламентарното мнозинство, значи, што го повикувам, кажува, законот за тутун, кој сеуште Владата го нема донесено и кој сеуште мисли да го донесе е спас за земјоделството. Повторно ќе кажам, има многу видовити во оваа држава. Тој закон ќе ги донесе спасителнните решенија. Тој закон ќе гарантира на тутунопроизводителот заштитна цена, ќе му гарантира редовен откуп итн. Како тоа ќе го направи Владата, кога во законот за стокови резерви го укина тутунот како стратешки производ. Како може Владата да одвои средства, да ве прашам еве вака вие кои повеќе разбирате од таа проблематика, како во овој момент Владата може да одвои средства и да ги даде на тутунопроизводителите независно по кој основ. Дали тоа ќе биде стимуланс, како сакате крстете го. Како? Нема фонд, нема биро за стокови резерви, затоа што во Законот за стокови резерви, тутунот не е влезен како straешки производ. Тоа е трето прашање. Ова е второ.

Да ве потсетам, ако некој повторно ме повикува дека сум демагог, Жарко Караџоски со неговта пратеничка група поднесе амандман за тутунот да влезе во законот за стокови резерви, поточно да не се брише. И да остане добро од општ интерес, за кој што ќе се грижи државата. Тој амандман беше одбиен. Нормално, затоа што потекнува од Караџоски и неговата тајфа, како што не нарече некој.

Според тоа, немам намера да делам политика. Имам намера да зборувам со аргументи и да ги отвориме очите сега, кога сме на крајот од мандатот да видиме што сработивме во целиот манат, па после да се удираме во гради. Значи, најглупо и најнеблагодарно е во овој момент да се фали премиерот. Тој не треба да се фали, тој треба да се засрами. Ќе ви кажам зошто. Лесно е кога ќе дојде криза, поттикната од немање пари, поттикната од немаштија, да се најде некој во улога на спасител, ама на празни муабети. Допрва ќе видиме. Јас се плашам дека од сето ова што се вети, кој знае што ќе излезе и заради тоа почитувани колеги пратеници избрзавте Законот за јавни собири да го изгласате, кога ќе се освестат оние што протестираат, доцна ќе биде, за тоа што законот ќе стапи во сила, нема да ги повторат истите работи. Нема да можат. Нема да смеат. Тие ќе можат, ама нема да смеат.

Трета работа која сакам да ја спомнам. Ги има многу, само да се ссетам и присетам. Имајте трпение. Да ве потсетам почитувани колеги. Кога го гласавме Буџетот за 2005 година. Нели тоа беше на крајот на 2005 година. Дали сте свесни, овие пратеници кои што сега бераат гајле за тутунопроизводителите, дали сте свесни дека во Буџетот нема предвидено она што сега го ветивте? Свесни сме. Дали памтите дека опозицијата, повторно ќе кажам лично јас, поднесов амандман од кој бара пренасочување на одреден дел на средства за стимуланс на тутунопроизводството. Тоа го направи и Комисијата за земјоделство и господинот Марјан Ѓорчев и незнам кои други. Го направивме со амандмани. Дали се сеќавате како поминаа тие амандмани и колку од нив ни беа прифатени. Ништо тие беа одбиени и за жал, не изгласани. Значи, ги кажувам аргументите врз основа на кој тутунопроизводителите треба да се надеваат на нешто. Во Буџетот нема пари, Фонд за земјоделство не постои. Законот за стокови резерви не предвидел преку нивни средства да го

откупи тутунот. Во ситуација согласно член 25 од Законот за тутун каде што вели: "Доколку комбинатите не се во состојба да го откупат тутунот или паднат во ликвидација, тој тутун го откупува Бирото за стокови резерви". Таква одредба постои во законот, но во стокови резерви стратешки производ не е тутунот. Значи, објективни причини имаме да делиме демагогија, како премиер на влада и да ветуваме. Ние ќе ви платиме тоа, ќе ви дадеме тоа, ќе ги пуштиме инспекциите. Кој ви бранеше да ги пуштите и до сега. Сега, со самото тоа што се кажува, Владата ќе се заложи сега инспекциските органи да имаат поголема контрола и со самото тоа се признава дека немало контрола. Па затоа, некој манипулирал таму со проценката на тутунот. Тоа го слушам од господинот Гешоски, но го слушам и сите овие денови во јавноста, па дури и премиерот го спомнува. Изгледа не е доволно информиран. Во Република Македонија почитуван колега постои закон за тутун. Зошто велите кога ќе го донесе Владата, односно Собранието законот за тутун. Имаме закон. 1996 година е донесен тој закон. 1996 година значи ВМРО не бил на власт. Јас ќе ве потсетам и кои биле причините зошто тој закон е донесен. Токму, 17 декември 1996 година. Еве го законот, потпишан од Тито Петковски, тогашен претседател на Собранието. Зошто се носи овој закон? Токму заради ваквите проблеми кои што сега ни се случуваат. А се случувале и претходно. Некој, односно тогшното здружение на тутунопризводителите и така натаму, сакале да бидат заштитени. Сакале маката да им биде вреднувана. Што предвидел толку битно тој закон. Ќе прочитам само два члена, иако не е голем, некаде е околу 30 члена меѓутоа, јас ќе ви прочитам само два:"Член 3, тутунот како вид на индустриско растение е добро од општ интерес за Републиката. Член 4, Републиката го поттикнува производството на тутун во регионите во кои постојат природни услови за производство на тутун". Нема да ви читам повеќе, доволни се и овие, со тоа што овие два члена се намерно ставени да се знае дека тутунот не може да се поистоветува со друга земјоделска култура од иск причини. Тој што работел тутун знае, тој што не работел може да нагодува.

Сега ќе ве потсетам почитувани колеги и почитуван колега Гешоски и колешка Топузова, вас како прилепчани посебно и затоа што сме потписници на оваа иницијатива. Едниот министер за земјоделие доаѓаше од вашата партија. Господинот Славко Петров. И првиот предлог во време на оваа коалиција на закон за тутун нов, содржаше следно: Се брише членот 2, се брише членот 3, се брише членот 25, каде шт се утврдува она што сега го прочитав, а во членот 25, дека за откупот на тутунот гарантира Рерпубликата преку Бирото за стокови резерви. Тоа беше вашата политика. Сега да не сееме демагогии, да ги отвориме очите и да зборуваме објективно. Јас се сеќавам многу добро имав полемика со тогашниот министер. Кога тој воведуваше дека тутунот, како и сите други земјоделски култури, треба да биде слободен на пазарот и неговата цена треба да биде одредувана, согласно пазарните услови. И таков беше целиот текст на тој закон. Го носам тука ако треба и тој да ви го доставам. Дури во тој закон се заговараше и странски фирми да можат да откупуваат тутун и тоа така слободно што буквално да не исполнуваат било какви услови, што директно се поткопуваа нашите комбинати. Особено, тутунскиот комбинат во Прилеп, како еден гигант, кој што ги чувствува последиците, токму заради една таква материја, која што некој ја наговести, која што можеби ние пратениците на некој начин ја спречивме, но токму тоа придонесе особено овие години ова да се случува со откупот на тутунот, што главниот гигант Тутунскиот комбинат во Прилеп не може да ги следи дивите откупувачи. За мене се диви, согласно сегашните законски одредби.

Имам една сугестија до сите, до себе и до вас како пратеници, но и до Владата. Да не се правиме почитувани клеги, почитувана Влада, херои на маките на некого, туку да се погледнеме во огледало и да речеме, сами да се прашаме себе си. Дали ние го решивме проблемот, или ние со нашето неработење, или нашето не знаење го продуциравме проблемот. Дали тоа што тутунонпроизводителите овие три години молчеа, односно немаше вакви протести, значеше дека откупувачката цена и целото откупување на тутунот беше во ред? Или значеше дека биле задоволни. Или, токму тие три години и токму целата оваа политика придонесе ова веќе да не можеше да се издржи, па се кренаа протести.

Јас морам да ве потсетам почитувани колеги. Незнам каква е состојбата во другите региони, но гледајќи од таму од каде што доаѓам, од Прилеп, можам да ви кажам дека никогаш полошо не било, кога станува збор за откуп на тутунот. Никогаш полоша, и никогаш понеизвесна. Ние до вчера, како граѓани на Прилеп, немавме поима дали тутунскиот комбинат во Прилеп ќе почне да откупува. Значи, немавме поима. Слушавме приказни. Месец дена го слушавме директорот на тутунскиот комбинат, сега екс директор кој кажуваше чекаме пари од Владата, чекаме пари од Владата, чекаме пари од Владата. Од друга страна ја слушавме Владата, нема да ви дадеме пари, бидејќи не можеме затоа што нема начин итн. Тоа го чекавме месец дена. Па тоа не ли ја креваше тензијата на тутунопроизводителите? Да ве потсетам, почитувани колеги. Не беше одамна седницата за пратенички прашања. Лично го поставив прашањето до господинот Бучковски, премиерот на Република Македонија дали Владата ќе помогне со средства, со оглед на тоа што цел град зборува дека чека пари од Владата. Дали Владата ќе обезбеди средства?

Знаете што одговори господинот Бучковски?

Господинот Бучковски одговори - Владата нема да даде средства за откуп на тутунот. Особено не во Тутунски комбинат Прилеп затоа што нема начин како тоа да го направи. Не можело да се даде гаранција затоа што Владата не смее да гарантира за приватни претпријатија. Друг начин нема, самиот кажа, нема, затоа што немаме фонд и трето, немаме во стокови резерви предвидено стратешка култура, тутун. Тоа беше неговиот одговор.

Е, сега многу е чудно како тоа господинот премиер, за неполни десет дена, зборува поинаку за да ги смири протестите. Излегува и кажува,јас навистина се чудам и затоа не верувам дека нешто ќе биде излегува и кажува. Владата обезбеди средства да Тутунски комбинат, од понеделник ќе почне со откуп на тутун. И, сега јас го прашувам господинот премиер, а и вас да размислите, како бе сега ги обезбеди. Па нели до вчера немаше законски. Не го објаснив. Сега јас се прашувам дали Владата даде гаранција? Ама ако ги читам законите испаѓа дека Владата не може да даде гаранции, туку Собранието на Република Македонија дава гаранција. На кој начин пак ги даде парите, ако воопшто ги дала, кога немаме фонд, кога немаме некој друг начин, што значи може да биде приказни. И да видиме како тоа ќе се одвива.

Исто така, на истата таа седница кога беа пратеничките прашања. Овдека и премиерот, но и Владата комплет ја убедуваше, и мене како пратеник, ама и цела македонска јавност дека цената на тутунот е доволна, дека е повисока од сите други години и дека Владата нема начин, нити средства, нити начин како таа да влијае врз тутунски комбинати. Значи, Владата нема начин како да влијае на тутунските комбинати во едно пазарно стопанство да ја одредуваат цената. И, сега одеднаш повторно премиерот излегува со ветување, да Владата помогне и просечната цена ќе биде 150 денари. Па како го најде сега начинот, до вчера на постоеше начинот.

Зошто ги отворам овие проблеми. Не е целта само да ја критикувам Владата. Туку да ја разгледаме состојбата објективно. Дали она што се ветило е да се стише буната, или е ветено да се оствари. Некој ќе каже, ќе дојде време ќе видиме. Но, ако го согледам начинот на кој се вети дека ќе се плати, значи едниот дел сега, другиот кој знае кога, на рати, пред избори, или не знам како, не ми дава надеж дека е тоа некоја сигурна математика, освен ветување за да се смири бунт, знаејќи дека еден закон кој што дојде сега, во иднина ќе ги спречи бунтовите и знаејќи дека нема начин како тоа да го реши. Значи, како пратеници, токму тука треба да ги насочиме нашите заложби.

Е, токму тука, почитувани колеги, во нашите заклучоци тоа е и кажано. Нашите реков. Во нашите заклучоци кажавме на кој начин може да се поминат. Да не ги читам заклучоците, поделени се, сте ги виделе, на кој начин. Со тоа што Собранието ќе ја задолжи Владата, усвојувајќи ја оваа информација и заклучоците, Владата веќе има обврска тоа да го направи, а не затоа што ветил Бучковски, пред некој си таму што протестира. Затоа што сега ќе има задолжение од Собрание. А, како што знаеме уставно, Владата одговара пред Собранието. Па, нека не ги исполни ветувањата, односно заклучоците, се знае која е одговорноста. Ветувањата може да не ги исполни. Никој ништо не може да му направи, освен што нема да гласа повеќе за него. Ама тоа е друга одговорност. А, ова е сосема друга.

Значи, да не зборувам уште многу има да се кажува. Ако оваа Влада сакала да ја решава состојбата во земјоделството и ако ја решавала состојбата во земјоделството, до вакви состојби немаше да дојде. Јас би ве потсетил на едно минато време, на едно минато време пред едно четири години кога беше некоја друга влада. Би ги потсетил и граѓаните кои произведуваат тутун. Дали тогаш му се случило да чекаат до ниедно време, до крајот на јануари откупот на тутун да не почне. Дали му се случило.

Исто така би ги прашал која е цената која му врвеше последните тие години, кога таа Влада на господинот Георгиевски беше на власт и министерот Ѓорчев како министер за земјоделие, дали просечната цена не беше задоволителна, дури и 160 денари во просек? Дали таа Влада не даде субвенции? Даде. И, се прашувате ли зошто? Затоа што имаше начин како тоа да го направи. Имаше Фонд за земјоделие, имаше во Бирото за стоковни резерви начин како да се откупува тутунот и тн. Па, дури кога дојдовме на власт, поточно кога таа Влада дојде на власт и оној заостанат тутун го откупи по 140 денари и тоа се е од прва класа, само да не страдаат тутунопроизводителите. Тој тутун стоеше со години во Бирото за стоковни резерви.

Сега, од една страна, оваа Влада се прикажува домаќинска, како претходната, пред неа, заради таквата работа ја задолжила Република Македонија, па сега тие големите штедачи, заради тоа што треба да ги вратат долговите немале повеќе да интервенираат. Па одеднаш, ќе интервенираат. И, одеднаш, ветија дека ќе интервенираат. И дури како Влада се премислија, оној закон што го најавија за тутунот, она како што кажав, сега, преку ноќ ретерираа, па сега ќе останат одредбите со кои што Владата, односно државата Република Македонија ќе гарантира за откупот на тутунот.

Јас би ви рекол, почитувани колеги, а еве и до премиерот и до Владата имајте храброст и признајте, не може се да знаете. Тоа што некој подобро работел пред вас, не треба да го уништувате. Тоа што после четири години сфаќате дека со уништувањето на Фондот за земјоделите направивте огромни штети на земјоделството, тоа дури сега го согледавте. Па признајте дека е така. Исправете ја грашката, вратете го Фондот. Тоа што во Стоковите резерви

тутунот не е стратешки производ, го гледате сега после четири години. Па признајте го, вратете го назад. Народот ќе ви прости, ама после осум години, не сега. Направете така како што некој пред вас направил. Ако некој нешто добро направил, не мора тоа да се уништи. Не мора. Без разлика дали е од Георгиевски. Применете го. Затоа што покажало резултати. Или, не верувајте му на Георгиевски и на таа Влада, видете како е во Европската унија. Прочешлајате по тие закони таму и видете дали не постои Фонд за земјоделие, дали државата не се грижи за стратешките производи и тн., дали таму тутунот е фрлен со останатите земјоделски култури, дали постои некаде во европските земји да имате закон за тутун кој вели како се откупува тутун, кој може да откупува тутун, а да имате диви откупувачи? Па после е криво некому што цената е таква каква што е. Кој ќе ги спречи тие диви откупувачи? Фактички никој не ги ни спречува да го купи социјалниот мир, ама затоа цената е таква каква што е.

Значи, една од причините поради кои оваа Информација е поднесена е преку расправа, почитувани колеги, исклучиво преку расправа да дојдеме до некое решение со што ќе ја натераме Владата како исклучително надлежна институција за оваа проблематика да го решава проблемот. Ама, на начин како што се решава, а не со празни ветувања.

Затоа, господине Гешоски немојте да го фалите господинот Бучковски уште сега. Чекајте нека скокне прво, па после нека рече оп. Вие, уште малку ќе му дадевте златна медаља за освоено прво место на Олимпијатата, иако уште не е е почната. Дајте, да видиме што излезе од ова што се вети, па дури тогаш да го правиме херој. А, зоШто да го правиме херој, тоа му е нему работа. Тој требаше и целата Влада не требаше да дозволи тоа да се случи. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски.

Госпоѓо Топузова вие сте на ред, но барате реплика.

После тоа сте вие за дискусија господине Ѓорѓиев и господинот Џелили за реплика.

Повелете, реплика три минути за пратеникот Топузова-Каревска Роза.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам потпретседатреле.

Но, нема техничка можност како да се пријавиме за реплика а како за дискусија и токму поради тоа овие минути ќе ги искористам за реплика на мојот почитуван колега и сограѓанин Жарко Караџоски и се согласувам со него дека навистина не треба да се правиме хери на макиите на некого како што тој рече односно во конкретниот случај на тутунопроизводителите.

Со оглед на тоа дека поднесената Информација, односно заклучоците што ги имаме веќе се усвоени од Владата, можеби ќе речете дека е непредметно да се дискутира по оваа Информација, но сепак е добро да се проговори за тутунопроизводителите и тутунопроизводството, затоа што во овој момент се наоѓа во една незавидна ситуација и таа ситуација треба да се решава затоа што од година во година ни се усложнува. А, и ако не говоревме за Информацијата немаше да имаме можност да ги слушнеме визионерските способности на мојот почитуван колега Караџоски, кој многу одамна укажувал, зборувал и ги предвидувал сите ситуации што сега ги имаме.

Но, истовремено, сакам да го прашам колегата Караџоски, вели, како Владата ќе ги решава проблемите и ветува а нема да ги исполни. Ако ние ги пишувавме овие заклучоци и ги доставивме до Владата, заедно со Информацијата, барем јас очекувам дека тоа е начинот на кој што Владата треба да ги реши проблемите. И, ако стои тука, дека Собранието ја задолжува Владата на Република Македонија да ги разгледа можностите за исплата на средства од Буџетот на Република Македонија, утврдени во ресорот на Министерството за земјоделство и тн. да не го цитирам целото име и од зголеменаста акциза на цигарите, значи да најде средства што ќе ги распредели на тутунопроизводителите во вид на премии за откуп на тутунот. Значи, очекувавме дека Владата ќе го направи тоа. Ако не очекувавме, зошто тоа го пишувавме?

И сега, кога тоа се реализира, кога се одделија онолку средства колку што всушност, навистина бевме и јас и вие, колегата Гешоски, присутни таму, тие бараа 60 денари, но рекоа дека ќе бидат задоволни и со 30 денари, значи од кога се реализира тоа, сега вие - од каде Владата ќе ги најде тие средства? Па, зошто ги пишувавме тие заклучоци? За да се реализираат.

Второто прашање, велите Собранието ја задолжува Владата активно да го вклучи Инспекторатот при Министерството за земјоделство. Тој е вклучен. Бил вклучен, но не бил активно. Од моментот кога Владата го вклучи активно, вие велите зошто е вклучен активно? Па, затоа што тоа го бараме.

На крај, вели, Собранието ја задолжува Владата да го ажурира носењето на законот за тутун и во нејскоро време да го достави до Собранието. Навистина, ова за мене е најголемата придобивка од оваа Информација, затоа што само со носење на закон за тутун ова ќе се реши.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓа Топузова - Каревска, ќе имате време да дискутирате. Се надевам дека предлагачите ќе се согласата што потпишале.

Една минута контра реплика пратеникот Караџоски Жарко.

**Жарко Караџоски:** Почитувана колешке, излегов на говорноца за да можеме да се гледаме.

Во една хумористична серија беше кажано вака - да знаеше овој народ како да гласа, немаше да

дојде до ова дереџе. Според тоа, јас не сум видовид, но многу ми беше јасно уште кога дојдовте на власт што ќе се случи.

А, по однос на ова што сега зборуваме, и јас велам дека треба да ги усвоиме заклучоците а не Бучковски да ветува нешто што не е усвоено.

Трета работа, еве го весникот. Поповски порачува Дураку да бара пари за тутунарите. Па, нели вчера вети пермиерот, а сега Поповски кажува друго? Кај да ги бара, ваму во Липково, во езерото?

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Ѓорѓиев Драган.

Повелете господине Ѓорѓиев.

**Драган Ѓорѓиев:** Благодарам господине потпретседателе,

Неколку пати господинот Караџоски го спомна постојниот Закон за тутун, го спомна Фондот за земјоделие, па ќе сакам аргументирано со неколку прашања да слушнам од него одговори.

Тој беше пратеник кога Постојниот закон од 1996 година беше на сила, односно беше пратеник на парламентарното мнозинство. Сакам да одговори што направи во период од четири години од 1998 до 2002 година во однос на изменување на тој закон, во однос на почитување на одредбите што се, како што е добро од општ интерес, поттикнување на земјоделите и тн., и исклучувајќи ја при тоа единствено одредбата, односно одлуката донесена на 2 јули 2002 година каде што се повикуваат на суша и воени дејствија, срамежливо со 15 денари по килограм тутун. Освен овие 15 денари, што вие направивте четири години за стимулирање на тутунопроизводството? Вие како пратеник, вие како опозиција што тогаш бевте на власт, вие како Влада, вие како Министерство за финансии, како Министерство за земјоделие и тн. Што, освен таа Одлука донесена 30 дена пред парламентарните избори пред почнување на кампањата?

Понатаму, колку пари одвоивте од Фондот за земјоделие? Очигледно не ви е јасно. Нула денари имате од 1998 до 2002 година одвоено пари за земјоделието, мислам конкретно за тутунот. Нула денари. Нека ме исправи некој, со документ, во период од 4 години. Десет пати го спомнавте Фондот за земјоделие а вие нула денари имате одвоено за стимулирање, за поттикнување, за тутунопроизводителите, за премија и тн.

Понатаму, Предлогот од Славко Петров не го вративте вие, туку ние како Комисија за земјоделие и позиција и опозиција. Членовите на Комисијата го вратија законот, во нашите дискусии укажавме дека не е добар, дека не го решава проблемот со тутунопроизводството и тн. Вие не бевме учесник, да, во расправата, во Комисијата не.

Јас ќе имам дискусија после тоа, затоа што бев пријавен и ќе кажам повеќе аргументи.

Сакам да одговорите на дел од тие прашања, затоа што целата ваша дискусија беше сконцентрирана на тоа како вие сте направиле толку за тие 4 години, толку пари, толку премии, толку субвенции, а вистината е дека нула пари имате од Фондот за земјоделие, 15 денари за суша и воени дејствија за тутунот, значи не е за поттикнување и стимулирање и не предложивте ниту еден закон, ниту една измена вие како пратеник, член или измена, а тоа го правите кога не сте на власт, во септември, месец дена пред избори, да поентирате пред гласачите. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ѓорѓиев.

Господине Караџоски, една минута да одговорите ако сакате на овие прашања.

**Жарко Караџоски:** Почитуван потпретседателе, јас сакам да одговорам и можам да одговорам, но една минута ми е многу малку за да можам да одговорам за се она што ме праша.

Господине Ѓорѓиев, она што Владата на Горгиевски го направи, има објавена Бела книга, па прочитајте. Верувајте, ако сакате да ви доставам експозе, токму за ова што прашувате.

Што направи вашата Влада од Црвенковски, Костов, Бучковски па до ден денеска и минута е многу да се каже. Еден збор - елементарна катастрофа.

**Слободан Најдовски:** Во ред господине Караџоски.

Господинот Џелили Агим има три минути за реплика. За реплика е пријавен само уште господинот Џелили.

Господинот Џелили па после тоа господинот Гешоски. Не знам кој е пријавен, со оглед на тоа што на екранот се пријавените дискусии, не знам кој е за реплика, па затоа јас прашувам.

Три минути пратеникот Џелили, па потоа господинот Гешоски.

**Агим Џелили:** Благодарам господине потпретседателе.

Изгледа дискусијата на господинот Караџоски побуди еден поширок простор за реплики.

Почитуван колега Караџоски,

Вие сакате во оваа несреќа да создадете задоволство. Несреќа е за тутунопроизводителите, додека задоволството е тоа дека сакате да правите политика врз тутунопроизводителите како и врз министерот, говорејќи за министерот Дураку и фалејќи го заменикот министер, додека заборавате дека проблемот со тутунот веќе цели децении е во круг, во разни вокабулари, почнувајќи од владините, до парламентарните вокабулари и, на крајот на краиштата Садула Дураку не е виновен дека тутунот како култура не е во светскиот тренд

и не случајно и ние доносовме закони со кои што секако дека ја санкциониравме употребата на тутунот и ова придонесува за самото производство на тутунот. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Џелили, една минута контра реплика за пратеникот Караџоски Жарко.

**Жарко Караџоски:** Господине Џелили, најмалку сакам да зборувам за што е виновен годподинот Дураку. Да ви кажам едно, за тоа за Што е виновен не е место да се расправа овде во Собранието, најверојатно на суд тоа се расправа. А, дека несреќа во Република Македонија има, несреќа е токму тој господинот Дураку што е министер за земјоделие. Несреќа е почитуван колега што и ДУИ заедно со СДСМ и ЛДП е на власт.Тоа е несреќа. Се другот е среќа.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски.

Три минути реплика за господинот Благој Гешоски.

**Благој Гешоски:** Благодарам потпретседателе, колега Караџоски, велите да не сееме магла и демагогија од говорницата и да не профитираме на маката на тутунопроизводителите. И јас ве повикав на тоа и се залагам да биде така, меѓутоа ништо не е друго вашето обраќање освен демагогија со вас својствена театралност, нешто што многу пати го гледале граѓаните и нашите гласачи.

Вие сте правник, законот од 1996 година за тутун измени неколку изменин, се направија многу други закони во Република Македонија и тој стана неприменлив во многу сегменти, како што е сегментот дека тутунот треба да се откупува во стоковите резерви. Тоа го знаете како правник. Од тие причини се наметна потреба за донесување на нов закон за тутун. Либерализацијата на пазарот исто така која што е во согласност со законите на Европската Унија и нивните препораки мораше да се либерализира пазарот за тутун во Република Македонија. Ова се факти. Факт е дека ова парламентарно мнозинство е тоа кое што го врати и не го прифати предлогот на законот за тутун бидејќи не беше таков, и ние сметавме не само дека вие сте сметале, бидејќи не предвидуваше стимулација за тутунот и за тутунопроизводителите.

Исто така факт е дека во стоковите резерви кога сте биле вие на власт е правен таков криминал, квалитетен тутун е заменуван со неквалитетен и тој сеуште лежи во магацините на стоковите резерви и никој не сака да го купи на меѓународен тендер ни за 30 денари, а сте го платиле по 140 денари. Тоа е криминал и за тоа исто така се одговара на суд. Не сакам да се убедуваме дали во нашето време, во времето на господинот Црвенковски, во времето на Бучковски, на Георгиевски што било сторено ќе кажат и останатите колеги. Ве прашувам вас што вие сторивте кога бевте претставник на државниот капитал во Тутунски комбинат и како го штитевте државниот капитал тогаш. Ова е последица што се случува денеска и на тоа време. Во тој период цигарната фабрика во Прилеп произведувала месечно околу 800 тони цигари нешто што е огромна бројка, меѓутоа исто така во то период кога сте биле вие претставник на државниот капитал Тутунски комбинат кога се повече линија, бележи 20.000.000 евра загуба. Така го штитевте државниот капитал. Земавте кредити, одобрувавте позајмици од кои што сега се гуши во камати Тутунскиот комбинат. Кажете вие што сторивте, а не да кажувате кој друг што направил.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Гешоски.

Една минута контра реплика пратеникот Жарко Караџоски. Повелете.

**Жарко Караџоски:** Господине Гешоски, ме прашавте што сторив за Тутунски комбинат, ќе ви кажам со еден збор, многу повеќе од Фанципот тој што сега го менуваат. Факкт, знаете ли што е факт господине Гешовски, нешто што е докажано. Ова што го зборувате за Бирото за стокови резерви е измислица затоа што не е факт, затоа што не е докажано. Нема пресуда, нема судска одлука, кога ќе има бујрум ќе правиме моабет. Друго, факт е господине Гешовски јас што ќе ви кажам. Факт е дека вие гласавте за Законот за тутун кој што го поднесе Славко Петров како министер за земјоделие, гласавте против, и факт е дека зборувавте против тој закон и бевте критикувани дека сте по радикален дури од мене. И да ве прашам нешто јас која Влада две години во процедура носи еден закон, и сега и текна сега да го усвои на крајот на мандатот.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски, продолжуваме со расправата , има збор пратеникот Ѓеоргиев Драган.

**Драган Ѓеоргиев:** Благодарам господине потпретседателе и почитувани пратеници,

Огромната важност на тутунопроизвотството во Република Македонија не ја оправдува ниту една Влада која што изминатите 15 години стратешки, системски не ја реши оваа проблематика. Имајќи само предвид дека повеќе од 100.000 граѓани на Република Македонија работоспособни, повеќе од 30 до 40 илјади семејства се занимаваат со тутунопроизводството.

Во исто време , имајќи ја предвид извозната компонента на тутунопроизводството и учеството на бруто домашниот производ, исто така и приходите на буџетската страна во однос на Република Македонија од страна на акцизата по кутија на цигари, ќе се добие впечаток дека ова е земјоделска гранка која што суштински влијае не само на социјалната, економската состојба во Република Македонија туку и на политичкиот амбиент во нашата држава.

Од тие причини ние како парламентарно мнозинвство во изминатите години и како пратеници во Комисијата за земјоделство,

шумарство и водостпанство и како пратеници во Собранието од страна на позиција еднаш беше врате Законот за тутун предложен од тоашниот министер Слвако Петров со укажување дека во тој Закон мораме да имаме предвидено обезбедување на финансиски средства кои ќе се насочат стриктно за тутунопроизводството.. Дали тоа ќе биде преку обезбедување на конкретни финансии и од каде, или обезбедување на премија и таа премија треба да се обезбеди конкретно од таму и од таму.

Меѓутоа, во досегашните дискусии од опозиционите пратеници беше искажано дека ние во договорите со тутунопроизводителите сме ветиле нешто кое што нема да го исполниме. Напротив, мора да се спомне дека законот за здравствена заштита беше донесен во 2005 година во декември и во него недвосмислено е кажано дека 9 денари по кутија цигари поради зголемена акциза ќе одат пет денари за здравство, три денари за земјоделство и еден денар за екологија. Тоа значи дека уште во декември 2005 година оваа Влада сметала во новиот закон за тутун да бидат обезбедени пари за поттикнување и стимулирање на еден одржлив развој на тутунопроизводството.

Додека во изминатиот период од 1998 до 2002 година кој што сакам да го споредуваме затоа што во голем дел од дискусијата на господинот Караџоски, тој бараше споредба од тогаш кога тие биле на власт и сега кога ние сме на власт, не е ништо направено во законот за тутун, во постојниот закон за тутун во насока на едносистемско или стратешко решавање на проблемот со тутунопроизводството така да тутунопроизводителите кои што се занимаваат со таа култура да бидат сигурни за секоја наредна година за зголемување на површините за зголемување на производството, а тоа би значело зголемување на работно ангажирање, зголемување на девизен прилив, зголемување на бруто производ итн.

Исто така, секако треба да се спомнат и цените затоа што беа спомнати и сигурно ќе се споменуваат и од идните дискутанти кои што сега се пријавени. Да не се манипулира дека просечните цени во периодот од 1999 до 2005 година, биле такви или такви, јас само ќе ги спомнам. Во 1999 година просечна цена по килограм тутун беше 99 денари, 2000-та година имаме 116 денари просечна цена, 2001 година имаме 122 денари, реколта 2002 година 73 денари, реколта 2003 година имаме 115 денари, реколта 2004 година имаме 137 денари, реколта 2005 година се откупува уште и ќе ја кажеме кога ќе заврши. Јас сметам дека нема да биде под 130 денари просечната цена и плус тоа што е ветено како 30 денари по килограм тутун.

Ако се споредат овие периоди по квартали во години ќе се види дека повисока просечна цена и тоа значително е во периодот од 2003 до 2006 година. Бројките се тие, кои има други бројки нека ги изнесе, да ги споредиме итн. Единствено нешто, тоа ми беше спомнато во репликата, меѓутоа сакам да го кажам затоа што ја имам одлуката што претходната Влада односно денешната опозиција кога беше на власт, единствено нешто што има направено за тутунот е една одлука во која што се повикува на последиците од сушата и воените дејствија во Република Македонија донесена на 2 јули 2002 година, пред изборите, во очи на изборната кампања и таа одлука е 15 денари по килограм тутун. Тие пари не се обезбедени од Фондот за земјоделие што е спомнат, таа одлука е кратка и јасна ,се повикува на суша и воени дејствија, не на законот, и на доброто од општи интерес, и на поттикнувањето итн.

Околу протестите сакам исто така да кажам некои мои видувања и аргументи. Навистина производството на тутунот е специфична и тешка земјоделска култура и може да се одгледува во одредени региони и реони во Република Македонија, таму каде што не вирее друга земјоделска култура, таму каде што нашите производители или немаат друга алтернатива барем во моментот иако во некој друг нареден период од 10, 15 години во кој што период мораме да го стимулираме тоа производство или да го одржуваме можеби ќе се изнаоѓаат разни алтернативи со други земјоделски култури и почви. Меѓутоа во моментот тие луѓе во тие рурални средини немаат други алтернативи и тоа што го работат треба да биде стимулирано од државата затоа што и носи на државата, тоа е инвестиција која што се враќа. И затоа тутунопроизводството мора и треба да се реши со некој нов закон за тутун. Јас веќе имам информации дека овие денови ќе стигне тој нов закон за тутун во кој што практично се обезбедуваат средства кои што ќе служат за стимулирање на тутунопроизводството.

Во прилепскиот регион таму каде што не отпочна откупот на тутунот таму мораме реално да кажеме дека тутунарите немаат веќе други средства и мораа да го искажат својот револт преку протест, меѓутоа тоа мораше да биде мирен протест кој што односно преку кој што ќе се побара средба со Владата и разговори со Владата.

Ние како собраниска комисија за земјоделие уште првиот или вториот ден реагиравме ,беше свикана седница за земјоделство, шумарство и водостопанство, собраниска, и имајќи ја предвид итноста на тој момент и на тие случувања беа донесени заклучоци со кои што ја обврзувавме Владата, значи информацијата не беше пропратена до Собранието затоа што ќе одземе и време и може да се разговара со денови не исклучувајќи ја и оваа можност, значи и оваа информација е за поздравување затоа што Собранието има поголема тежина, меѓутоа Комисијата си го направи своето, донесе заклучоци кои што се слични со овие заклучоци и ги пропрати во Владата и до Министерството за

земјоделство, шумарство и водостопанство. Тие заклучоци беа тоа што после Владата го договараше и до договори со тутунопроизводителите. Двата основни заклучоци беа повикување на државниот инспекторат, вклучување на теренот интензивно заради остварувањето на обврските од договорите посебно на откупните претпријатија кои што не вршеа реална проценка на мострите на цената и кои што не сакаа дел од нив да ја исполнат обврската преземена во договорите каде што беше нагласено дека откупот односно исплатата да се врши во рок од 7 дена. Тоа беа главните проблеми и дополнително во Прилеп проблемот беше што динаммиката на откуп беше мала и тоа беше реален проблем и не беше почнато со откуп на тутун.

По директните разговори со Владата и после прифаќањето на Владата и укажувањата и од пратениците и од самите тутунопроизводители многу брзо со две средби и со неколку часови разговор Владата понуди конкретни мерки и конкретни решенија. Тие решенија се остварливи затоа што преку акцизата во делот на собирањето на таа акциза во месеците во кои што ќе доаѓаат ќе се соберат финансиски средства и тоа што е ветено треба и мора да се исплати 30 денари по килограм тутун.

Од тие причини оваа Влада може слободно да каже дека неоправдано се доцнеше со донесувањето на нов закон за тутун, меѓутоа во насока на донесување на еден добар закон за тутун, тутун кој што барем во наредните 10-тина години ќе ги реши проблемите со одржлив развој и поттикнување на тутунопроизводството. Тоа ќе биде направено и исто така оваа година 2005 затоа што новиот зкон за тутун ќе се донесе за еден месец и за 2005 година ќе бидат исплатени 30 денари за килограм тутун. Претходната власт тоа не го направи, таа нема оправдување да поентира на маката на тутунарите и да се лепи на нивната мака затоа што таа ништо не направи во 2002 година. Ние го решаваме овој проблем системски, стратеашки и тоа ќе го почуствуваат нашите тутунопроизводители и наредната година и 2008 година, и 2009 година каде што слободно ќе знаат, да, ние ќе садиме поголеми површини, ќе имаме поголемо производство, меѓутоа нашето производство ќе има премија по килограм тутун затоа што по закон државата, власта, извршната власт ќе биде обврзана да исплаќа премија по килограм тутун. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Стојаноски имате реплика, повелете имате две минути.

**Блаже Стојаноски:** Господине Ѓоргиев оваа дискусија која што ја кажувате ја слушам сите овие 3 години одкако се формира оваа Влада на СДСМ, ДУИ и ЛДП. Постојано велите дека треба да се решаваат прашањата и тие прашања еднаш треба да бидат завршени, решени. Закон не е донесен што значи ние немаме регулатива со која што би можеле да се решат овие прашања. Од друга страна два пати имавме предлог за изменување на Законот за тутун со кои што предлози за измени еден од предлозите беше можноста за субвенции за тутунопроизводителите, тогаш беа одбиени иако ВМРО-Народна партија постојано инсистираше тоа да биде донесено. Понатаму, она што го кажувате во однос на цената на тутун, зборувате, правите споредби колку била 2000-та, колку 2001 година, колку е 2002 годинам меѓутоа за да направите споредба , таа споредба мора да ја правите врз основа на вкупните трошоци на производството. Јас ќе ве прашам колку беше тогаш цената на нафтата, колку беше цената на лековите, колку беше цената на јавниот превоз, на детерџентите, на сите оние производи кои што сега се многу поскапити, а кои што претставуваат зголемување на трошоците и на производството на тутун и на тековното живеење на тие производители на тутун затоа што факт е дека кај нас тутунот не е само производ од кој што се профитира туку е производ кој што претставува коректив за социјалната состојба во која што се наоѓаат граѓаните кои што произведуваат ваков вид производ. Затоа сметам дека она што го зборувате како споредба треба да го направите во целост, целосна споредба и на тој начин да видиме каква беше состојбата тогаш, каква е состојбата сега и таа споредба апсолутно ништо нема да им значи на тутунопроизводителите доколку реално не почувствуваат решавање на проблемите и можност за производство на тутунот кој што ќе значи сигурност во однос на најсниската откупна цена, која што ќе значи реални субвенции, реална помош од страна на државата, а не помош која што се појавува во услови на блокирање на патишта, во услови на не донесен закон и во услови кои што навистина неможат да претставуваат сигурност за идната реколта, за идното производство и се она што претставува помош и подршка за зголемување на можностите на тутунопроизводство во Република Македонија и потикнување на тутунопроизводството во državaва.

Затоа сметам дека тоа сето што го кажавте, истото го кажувавте и пред е години, сега сао го повторувате. Факт е дека за овие 3 години ништо не се направи во полза на тутунопроизводството. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Една минута господине Георгиев.

**Драган Георгиев:** Благодарам претседателе, господине Караџоски очигледно не бевте овде да ги слушате дискусиите. Вака, во декември 2005 година е донесен закон за здравствена заштита во кој што се предвидени три денари за поттикнување на земјоделството. 2005 година, декември, ви повторувам, ако сакате ќе ви го доставиме и законот. Преку тој закон, јас не знам што ќе зборувате после десет дена кога ќе стигне законот и од овие средства кога ќе бидат наменети за тутунопроизводството. Едноставно

ме интересира како тогаш ќе се одвиваат вашите дискусии.

Еве една споредба. Од 1999 година имавте цена 99 денари. Реколтата во 2004 137 денари. Над 40% има повисока цена во однос на 1999 година. Ја спомнавте нафтата. Нафтата по хектар учествува 30 литри. Тоа е 005% во вкупното производство, а зголемена е да кажеме, 100%. Тој мал процент не влијае врз цената која што вие ја кажувате.

**Љупчо Јордановски:** Господине Србиновски имате три минути реплика.

**Илија Србиновски:** Почитуван претседателе, почитуван колега вие постојано велите дека оваа Влада, направи се, системски ќе направи се, меѓутоа, поминаа три години, јас мислам дека веќе во права лага влегувате, затоа што оваа информација е изнудена информација, затоа што ако не станаа тутунарите на митинзи и на штрајкови, мислам дека немаше ни да ви текне за оваа работа. Кажете која култура ја плативте во Република Македонија. Дали го плативте грозјето, дали ја плативте шекерната репка, дали пченицата па сега и тутунот. Камо да се платат. Меѓутоа, ова ми изгледа по народната: "Мижи Асан да ти баам". Истото е и ова. Се фалите за 30 денари. Не е 30 денари, ако навистина ја сватите сериозно работата, видете колку плаќа Хрватска, видете колку плаќа Србија и со тој закон што се фалите дека треба да се донесе, видете колку треба да се даде премија. Дали 30 или 60 денари.

Кажувам дека ова е изнудена информација, од што нема каде да одите, ова беше на тутунопроизводителите нивната мака која ги донесе да дојдат до овој степен и затоа дојдоа до овие промени. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Најдовски, повелете имате збор.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе,

Мене ми е мило што триесетина пратеници од партиите кои што ја подржуваат Владата ќе ме слушаат и ми е жал што само 7 до сега пратеници од опозицијата по ваква битна тема ќе ме слушаат.

На почетокот би сакал да кажам дека во многу лош тајминг расправаме за оваа инфорамција, исто како што беше за претходниот Закон и дека оптоварени од изборната година, оптоварени од чувството за изборите, се сомневам дека можеме рационално и квалитетно да расправаме.

Јас ќе се обидам да не дискутирам во наводници би рекол, со чувство, бидејки можеби со два, тројца пратеници од овде имаме најмногу право со чувство да зборуваме за оваа тема, бидејки во моето семејство долги години исклучив придонес и егзистенција била од тутунот. Но сакам да зборувам без оптоварен со чувства, затоа што ако зборуваме така нема да донесеме квалитетни предлози и квалитетни решенија. Би апелирал до сите да се обидеме да зборуваме неоптоварени со изборите кои што ни доаѓаат и кои што ни се во пресрет. Мислам дека тогаш ќе имаме некој квалитет од оваа расправа.

Се согласувам со господинот Караџоски кој што зборуваше дека неколку години сме имале вакви информации. Точно е во периодот кога бев пратеник 1994-1998 година, немаше месец декември или јануари, да не се побара, тогаш јас бев во опозиција, информација. Истото ни се повторуваше и сега, со исклучок на минатите две години, кога проблемите не беа толку изразени. Од 1990 година наваму немаше месец јули да не се побара инфорамција кога ќе беше откупот на пченицата, за откуп на пченицата. Без разлика дали една или друга партија била во тој даден момент во позиција или опозиција. Ова го кажувам заради тоа што најчесто овие проблеми ги расправаме тогаш кога треба да бидат разрешени. За откупот на пченицата не се поднесува информација во јули, или за откупот на тутунот не се поднесува информација во месец јануари, кога работотите треба да бидат завршени. И тоа не оптеретува сите нас. Повторувам, сите нас, без разлика на која партија е во позиција или на валст, не оптеретува да можеме рационално и квалитетно да расправаме, бидејќи тогаш се пробелмите најизразени. И затоа велам, чувствата ќе бидат сосема други ако расправаме во една порелаксирана атмосфера, ако за откупот на тутунот расправаме во  март месец кога најголемиот дел од откупот е завршен и кога почнува припремата за следната реколта. Исто ќе биде и за пченицата ако расправаме во август, кога ќе заврши откупот на пченицата, ќе започнува следната реколта за пченицата и тогаш ќе можеме многу полесно да расправаме. Затоа јас ќе кажам, како јас гледам на пробелмот.

Ние, и со денешната инфорамција, јас го почитувам трудот на господата пратеници што ја поднесоа оваа информација, и самите рекоа најголем дел од заклучоците се веќе остварени, но сметам дека нема да ја постигнеме целта. Причините се следниве. Не можеме ние откупот на тутунот да го гледаме изолирано.

Прво, ни тутунопроизводството не можеме да го гледаме изолирано од тутунската индустрија. Се настрана од овој  контекст, поврзаноста на тутунопроизводството и на производството на тутунски производи, односно тутунската индустрија, нема да не одведе во вистински правец.

Второ, не можеме да го гледаме тутунопроизводството изолирано од она што се случува на светскиот пазар со тутнот, со продажбата на тутунот, со продажбата на тутунските производи.

Затоа, прво што треба да направиме, да ги гледаме комбинирано, однсоно да ја гледаме врската помеѓу тутунската индустрија и тутунопроизводството. Тогаш, откако ќе се согледаат потребите и можностите на тутунската индустрија, ќе можеме да го планираме

тутунското производство во Република Македонија.

Одлагањето на трансфорамцијата на тутунските комбинати во Република Македонија не доведе до овој степен. Да не кажуваме, јас не сакам да зборувам, оваа или онаа влада. 15 години се одлага трансформацијата на Тутунскиот комбинат Прилеп, се сམениле многу влади, атхок решенија се нуделе. Сега овој проблем доаѓа до се поголем израз. Оттука прво што треба да се направи е под итно трансформацијата на Тутунскиот комбинат Прилеп и поврзување со големи производители или трговци на тутун од светски размери. Се друго ќе биде само зборување на празно.

Следната работа што сметам дека треба да се направи е прашањето околу интервенцијата на државата. Земјоделството воопшто е познато како гранка каде има најмногу дирекни интервенции на државата, или она што велиме државен интервеционизам. Но сметам дека и во овој Парламент, а и пошироко во Република Македонија од одредени кругови тоа се сваќа дека државата треба да биде таа која исклучиво ќе го организира земјоделието, ќе сади, ќе откупува и на крајот ќе продава земјоделски производи. Не, дами и господа. Го има државниот интервенционизам, но го има само со донесување на закони со кои се регулираат рамките на одвивањето на земјоделското производство. Тоа ќе го птврдам со следното:

Во Република Македонија секоја година, под притисок, на ваков или онаков начин се интервенирало при откупот на тутнот и без разлика на оваа или онаа влада, годинашното определување на премијата, ако се исплати 30 денари, е најголемо до сега што се определило. Премија во Република Македонија, на поинаков начин имало во 2002 година, 15 деанри од килограм, но, морам да викажам дека н аголем дел производители тогаш не им се исплатило. Производителите од Битолскиот регион кои го продадоа тутунот, во Ресен и во Охрид не знам и ден денес дали ги имаат земено и парите кои им следуваат по цената за продаден килограм тутун, а камо ли премијата. Но, да го оставиме тоа настрана.

До сега во државата интервениравме на два начини, или преку премии, или преку откуп на тутун за државните стокови резерви. И двата начини не вродија плод, и откупот за државни стоковни резерви и премиите. Значи ние екцесно сме го решиле проблемот за оваа година, или за месец или два, но стратешки за долг период не сме го решиле проблемот, што значи и третиот начин на државен интервенционизам од страна на владите на Република Македонија било издавањето на гаранции на тутунските комбинати за подигање на кредити за откуп на тутунот. Сите три начини до сега се покажале грешни. Сите граѓани на Република Македонија и сите тутунопроизводители го платиел цехот на некои директори во тутунските комбинати, кои неквалитетно работеле.

Трансфорамцијата на Тутунскиот комбинат-Скопје покажа по кој правец треба да се движат другите. Тој проблем го немаме со Тутунски комбинат-Скопје. Го имаме проблемот со Тутунски комбинат-Куманово, и ден денес расправии, она во печатот што го читаме, го имаме со Тутунскиот комбинат-Прилеп.

Значи, и со давањето на пари од државата за стоковните резерви, со откупување и со гаранциите што ги давале при откупот, не сме ја постигнале целта, туку, напротив, како држава сме изгубиле пари и затоа сме ги довеле во таква ситуација тутунопроизводителите. Потсетете се на Тутунскиот комбинат, или дел како е, во Крушево. Паднаа гаранциите кои ги даде Република Македонија од почеток, од сите пари на граѓаните на Република Македонија и од парите на тутунопроизводителите, за некои директори и тој тутун е неквалитетен, тој сега не може да се продаде, што значи и тој начин е погрешен. Не можеме на таков начин да го решиме тутунопроизводството. Затоа моето размислување, не значи дека сум во право, но ќе го изнесам моето размислување.

Република Македонија, без разлика на позиција или опозиција, треба да ги седне стручњаците, експертите од оваа област со кои располага и конечно да ја изработи стратегијата за тутунопроизводството, поврзана со производството на тутунските производи и потрошувачката на тутунски производи. Само на таков начин ќе можеме да изнаоѓаме решенија. Се друго би било екцесно, би рекол, учество кое ќе нема далекусежни резултати. Каква е моменталната сосотјба? Ние не можеме да го разгледуваме прашањето на тутунопроизводството во Република Македонија, издвоено од општата состојба во светот, со тутунот.

Прво, општ тренд во светот е опаѓањето на потрошувачката на тутунски производи. Само да ве потсетам колеги пратеници, јас сум единствениот пратеник кој гласаше против законот за заштита од пушење, не за тоа штоне сакав да придонесам за заштита на здравјето на граѓаните, туку реков дека ќе нанесеме штета со тој Закон, по однос на рекламирањето на цигарите во Република Македонија. Италија, Ирска, Кипар или не знам уште која земја, 4 земји се кои го имаат забрането рекламирањето и ние сега, како онаа ангдотата-жабата пред коњот, се иссиливме, една Германија има поднесено и мислам дека доби на Европскиот суд, дека секоја држава посебно тоа треба да си го регулира. Единствен бев што гласав против. Тогаш никој не го прифати. Сега ќе ни се одражи на домашното тутунопроизводството, ќе ни се одрази на продажбата на домашните цигари, во однос на светски познатите марки. Ако е тренд намалување на пушењето цигари во светот, ако е тренд

намалување на потрошувачката на тутун, треба да бидеме свесни дека ние како држава, со нашите мали количини на тутун кои ги имаме во светски размери,не зборувам за домашни размери, не можеме да бидеме тие кои ќе диктираат цена на одреден тип на производ. Оттаму неопходно е поврзувањето на нашите тутунски комбинати со тие големи странски компании кои ја диктираат цената на светскиот пазар на тутун.

Следна работа. Јас не сум експерт, но од она што сум разговарал со луѓето кои се од оваа област, треба да се соочиме и со една друга работа. Мислење на експерти е дека опаѓал квалитетот на домашниот тутун и затоа нашиот проблем не е да го продадеме квалитетниот тутун на светскиот пазар и не се соочуваме со тој проблем. Ние се соочуваме со продажбата на понеквалитетните типови на тутун. Ако е состојбата таква воопшто и во Република Македонија и во светски размери, со тутунот и со тутунските производи, треба неколку работи, според мене да ги направиме, ако сакаме за следната и годините кои претстојат, да ги немаме проблемите.

Прво, треба да се регулира производството во Република Македонија по типови на тутун. Република Македонија, отука не се согласувам со оние кои се залагаат за субвенционирање на сите типови на тутун и субвенционирање на тутунот по килограм произведен тутун. Тенденција, секаде онаму каде што, после ќе се навратам на стимулацијата, но тенденција е и онаму каде што се стимулира производството на тутунот, да се стимулираат смао типовите кои имаат висок квалитет, типовите кои имаат висока цена и кои ги бара светскиот пазар. Останатите, напротив се дестимулираат за тие сорти да се отстранат. И на крајот на краиштата можеме да определиме стимулации за сите видови на тутун, но пазарот ќе потврди дека таквите типови на тутун не ги бара пазарот и тие на крајот ќе останат да пропаѓаат. Тоа е првата работа што според мене треба да се направи.

Второ, реално е, како што зборував, да се очекув аи понатаму да опаѓа потрошувачката на тутунот и тутунските производи во светски размери. Затоа, ако веќе стимулираме, премиите односно парите што Република Македонија, дали оваа Влада или некои идни влади, ќе ги издвојуваат, треба да бидат наменети во два правци. Прво да се субвенционираат , ќе повторам, само типовите кои имаат висока цена и второ, да се интервенира од страна на државата за преориентација на поголемото производство на тутун што се јавува кај нас, да се субвенционираат овие земјоделци за да се преориентираат во друга гранка однсоно други земјоделски производи. За период од неколку години државата треба да изгради стратегија, да им овозможи на тие луѓе да се преориентираат, заради тоа штопазарот ќе се заштити, нивното производство ако годинава го откупиме, во идната година не можеме да го откупиме. Тоа е начин на кој треба да се работи воподолг период. Затоа, во земјите од Европската унија каде има премија, точно е дека имапремија, но одредено е, мислам дека во Грција е најмногу, до 2013 година да даваат премија, но со тој период се намалува производството на тутун и се преориентираат земјоделците во производство на други земјоделски производи.

Она на што сакам повторно да се задржам е прашањето што овде го покренаа многу пратеници, а ќе дојде прашањето овде кога во собраниска процедура ќе дојде и законот за тутун. Тоа е прашањето за одвојување на парти или на одредена сума од 3 денари за тутунопроизводителите, 5 денари за здравството, 1 денар за екологијата. Лично јас жалам штоне бев тука кога се расправаше за Законот за здравствена заштита иако пратеничката група на ЛДП тогаш побара да се види најпрво мислењето од Министерството за финансии.

За жал, поголем дел на пратениците и од позицијата и од опозицијата не го поддржаа тој став на пратеничката група на ЛДП и опозицијата и позицијата го гласаа, во најголем дел тој Закон, без да размислиме за финансиските импликации.

(Дофрлање од место).

Има господине Стојаноски, точно го гледав листингот, јас сметам дека начинот треба да го бараме на друго место и поинаку, бидејќи вака предложениот начин, кога ќе дојде законот за тутун ќе зборуваме, мислам дека ќе доведе до намалување, а веќе првиот месец тоа ни го покажа до намалување на приходите од акцизите. Тоа е како резултат на различните цени што ги има во соседството и во Република Македонија. Одредена марка на цигари што во Република Македонија е 0,60 или 0,70 центи од еврото, односно во соседството е од 0,70 до 0,80 а кај нас е 1,30 до 1,35 евро, во ваква констелација на граници на Балканот тоа катастрофално се одразува на домашното производство, односно на домашните тутунски производи.

Би завршил со тоа што уште еднаш, велам не го избравме добро тајмингот за расправа по оваа тема и да се обидеме, барем во овој период што ни преостана како пратеници, да порелаксирано расправаме и да ги вклучиме експертите кои многу повеќе од нас се разбираат во оваа тема, кои нема да бидат колку ние што сме оптоварени партиско-полтички, па дури тогаш мислам дека ќе дојдеме до квалитетни решенија.

Ви благодарам на вниманието.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Најдовски.

Господине Гешоски имате реплика?

Три минути реплика, повелете.

**Благоја Гешоски:** Благодарам претседателе.

Можеби малку повеќе како дообјаснување од причини што колегата Слободан Најдовски неколку пати потенцираше дека ова е лош тајминг

избран за информација. Јас не се согласувам дека е така, бидејќи ние поднесовме информација за состојбите со откупот на тутунот од реколтата 2005 година. Ние не сме можеле да знаеме порано, пред два или пред три месеци каква ќе биде состојбата на тутунот, состојбата со откупот на тутунот додека не стартуваше откупот или, поточно, додека Тутунскиот комбинат од Прилеп, како најголемо откупно претпријатие, не ги отвори своите врати за откуп, со тоа не го наруши пазарот на тутунот, односно имаше многу поголема понуда отколку побарувачка на пазарот, од таа настанаа ваквите проблеми што подоцна се случија со тутунопроизводството, односно со организирањето на тутунопроизводителите.

Значи, оваа Информација мораше да биде сега разгледана.

Вие говоревте за стратегија, долгорочна, за тутунот. Се согласувам дека такво нешто е потребно, бидејќи согласно директивите на Европската унија и Република Македонија треба да го преориентира или да го намали своето производство, производството на тутун и тоа е еден долгорочен процес што не може да се случи преку ноќ. Го кажавте примерот со Грција, рековте дека тоа ќе го прави до 2013 година а веќе дваесетина години е член на Европската унија. Така што и ние ќе имаме еден долг период ни е потребна, една, би рекол, долгорочна стратегија во која што сигурно ќе се вклучат и експерти и стручњаци.

Инаку, и за ваше потсетување, дека секој кој има намера да посади тутун, должен е да склучи договор со откупно претпријатие. Тој договор значи обврска и за откупувачот и за тутунопроизводителот.

Во моето воведно излагање кажав дека овие состојби на површина извадија многу проблеми, бидејќи никој не го почитува она што се договориле. Однапред, во договорот се напишани цените, однапред е напишано која сорта на тутун производителот треба да ја засади, меѓутоа, на терен се случува нешто друго. Тутунопроизводителите засадуваат сорти што за нив се подоходовни, а не она што го бараат откупувачите. Затоа е потребна доследна примена на Законот за тутун. Меѓутоа, сигурен сум дека новиот закон за тутун што предвидува и ќе ги регулира односите од тутунско семе до финален производ цигара, тој системски закон, цел, ќе ги надмине ваквите проблеми што се јавија во овој изминат период. Благодарам.

**Љупчо Јордановски** : Благодарам.

Една минута господине Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Добро, само за појаснување, јас не реков дека е лошо избран тајмингот само заради тоа што не треба да расправаме, туку тоа го образложив со фактот, а мора со тоа да се согласиме и овие претходниве три дена и денеска, дека е период на изборна година, дека е период кога веќе се соочуваме со проблемите на откупот, па затоа велам дека во тој период секогаш сме оптоварени директно со чувствата кон гласањето и со чувствата кон притисокот што во моментот го создаваат тутунопроизводителите. Од тој аспект не можеме рационално и ефективно да расправаме, а не да оспорувам дека вие имате право. Напротив, јас ги поддржувам пратениците во секое време можат да поднесат барање за информација и да состават информација. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Манев, имате збор.

**Ефтим Манев:** Почитувани колеги пратеници,

Би сакал и јас да се вклучам и да се произнесам по оваа Информација, со тоа што ќе настојувам да бидам пократок.

Основно е, на почетокот ќе кажам, дека Информацијата е корисна. Иако, дали тајмингот е погоден или не, сметам дека истата е резултат на еден предизвик под принуда на самите тутунски производители кои што, незадоволни од откупот на тутунот, од цената што им беше определувана при откупот од страна на откупните претпријатија, како и нивното друго барање за определување на субвенција.

Не сум многу среќен од дискусиите на потписниците, во однос на Информацијата. Се виде голем расчекор помеѓу излагањата на господинот Гешоски па и Ѓорѓиев во однос на излагањето на Караџоски. Очигледно е дека двајцата потписници, барем од позицијата, непотребно, непотребно се впуштија во оваа состојба дека протестите биле непотребни, никој не вели дека се потребни, наведоа дека тие се предизвикани или поттикнати од позицијата, се со цел за добивање на поени во годината што е изборна, за гласање и дека сето ова ќе се завршело и без да ги има тие протести.

Сметам, жална е таквата констатација дека ќе му паднело на ум на било кој пратеник од овде, дека тоа ќе го направел самоиницијативно, во однос барем да се контролира откупот на тутунот, дали се врши според пропишаните цени, односно класи како и дали на истите ќе им се одобрела субвенција.

Сметам дека прават еден обратен маркетинг, што за жал никој не го добива. Едно треба да ни биде јасно дека и тутунарите и тутунските производители и сите граѓани во голема мера се определени во изјаснувањето и гласањето, а мал е бројот на граѓаните кој е неопределен. Тој дел се повикува во периодот на предизборието. Никој не може сите тутунари да ги добие за себе или да ги изгуби. Затоа не треба на тој дел барем, ако сака позицијата да биде реална, не треба да го поттикнува таквото нешто, барем во овие преостанати неколку месеци. Туку, да се потрудиме, да донесеме реални закони или вакви информации со заклуоци што служат за граѓаните на Република Македонија, па било кој да е на

власт, која партија, треба да им служиме на граѓаните.

Корисна беше дискусијата на Слободан Најдовски. Барем не спомна такво нешто. На кратко се произнесе по Информацијата. Укажа на работи што следуваат за работа а не се денеска предмет на оваа точка, бидејќи веројатно тоа би било при донесувањето на законот за тутун или евентуално закон за земјоделство, што има предложен еден ваков закон.

Би сакал да им укажам на потписниците, а и ние како пратеници, но најнапред тие да се обидат малку да ги подобрат заклучоците, да не бидат само форма.

Мислам дека заклучокот број 3 е многу нејасен, односно многу апстрактен, каде што се зборува дека на тутунарите Владата треба да им обезбеди еден вид, таканаречена субвенција, што ја предвидуваат во Буџетот. А слушнав дека Владата, при договорот со земјоделците, решила дека тоа ќе биде некој износ од 30 денари и дека ќе го предвиди со законот за тутун што ќе се донесе, наводно накнадно.

Реални се искажувањата на Драги Ѓорѓиев кој кажа дека вакви средства се предвидени со Законот за здравство, каде што е определена дополнителна акциза на цигарите и од која акциза три денари од кутија цигари одат за тутуновото производство. Тогаш, навистина не треба да се чека ниту тој закон за тутун, тој веројатно ќе биде за наредната реколта, не за оваа реколта, ако се носи во две фази, веројатно ќе се донесе во мај или јуни, ако Парламентот остане да работи барем до септември.

И затоа, на потписниците им предлагам во точката 3 да дефинираат дека субвенциите што прифатила Владата ќе изнесува 30 денари по килограм тутун и истата да се исплати после откупот на тутунот во рок од месец или два, тоа некаде до крајот на мај.

Мислам дека другите заколучоци, во голем дел се реализирани, по однос на откупот, каде што откупните претпријатија биле во доволна мера неконтролирани, тие како во висината односно класата на цените, класата на тутунот им давале пониски класи, ги поткраднувале на вага со одбивање на повеќе килограми тутун од бала дали на влага, дали на било што друго, се со цел таквите претпријатија да заработат поголем профит. Ние имаме Закон за тутун и сега. Не сме без закон. Тој Закон за тутун, тутунот го прогласи како култура од општ интерес во Република Македонија. Тој се субвенционира. Не значи ако не успеавме во овие три изминати години да донесеме закон, бидејќи се предлагаше закон, што не треба да се донесе таков, само треба да се донесе закон да престане Законот досегашен за важење за тутун, и да нема, таков беше предложен, па веројатно се преслуша Владата и го повлекоа тој закон. Сега, каков ќе поднесат, ќе видиме.

Затоа, да не должам многу, мислам дека Комисијата треба да си земе како ангажман, до завршувањето на расправата по оваа точка, да ја преформулира оваа одредба што е од битно значење за што можеби и предлагачите стравуваат, може и тутунарите стравуваат, можеби и ние стравуваме, можеби е едно ветување, добро ветување за да престанат протестите. Менувањето на Законот за јавни протести, за јавни собири укажува дека може да има таква последица, да не се постапи по овие заклучоци, а да не можат, едноставно, да излегуваат овие граѓани на главните патишта, автопатишта. Сето тоа укажува на едно сомневање. Затоа, сепак, Собранието, на еден начин да ја ратификува таа спогодба меѓу Владата и тутунарите, со што ќе има поголема обврска отколку да биде дно лажно или несигурно ветување. Благодарам,

**Љупчоо Јордановски:** Благодарам господине Манев.

Според пријавеното, има две реплики.

Господине Ѓорѓиев, вашата реплика е прва.

Повелете, имате три минути.

**Драган Ѓорѓиев:** Благодарам претседателе.

Почитуван господине Ефтим Манев,

Две исправки. Јас сум сигурен дека не сте ја следеле доволно мојата дискусија, посебно во однос на протестите. Моето искажување беше дека тогаш, кога тутунопроизводителите немаат друг начин да го побараат она што им следува, како што беше случајот во Прилеп, тогаш кога динамиката на откупот течеше бавно и кога Тутунскиот комбинат не откупуваше тутун, тие, преку протест, легитимно побараа средсба со Владата и со премиерот и врз основа на тоа се договорија на таков начин, како што се договорија. Тоа беа моите зборови, а не како што вие ги искажавте.

Второ, во една работа сакам да ве исправам, во делот на Законот за здравствена заштита, трите денари се однесуваат за развој на земјоделството. Така стои во Законот. Тоа е завршна фаза, Законот е донесен и е во сила. Не е за тутунопроизводството. Додека, новиот закон за тутун, првата фаза помина во ова Собрание, затоа што рековте прва фаза и втора фаза, да појаснам, првата фаза помина, па сега се очекува да дојде во завршна фаза во форма на предлог на закон, со што обезбедувањето на тие финансиски средства, што беше алтернатива во првата фаза, очекуваме дека ќе помине и со тоа ќе се обезбеди сигурни пари, три денари од акцизите, од кутија цигари за развој и поттикнување на тутунопроизводството. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика господине Манев.

**Ефтим Манев:** По однос на исправката што ја изнесе Ѓорѓиев, му благодарам што е така,

бидејќи се корегира. Мене повеќе во сеќавање ми останал неговиот прес, каде што дословно го зборуваше тоа, погрешни се протестите на тутунарите, бидејќи еве како на лесен начин завршиле.

Веројатно, штом тоа го пишува, во весник е, штом се исправате, во ред е. Нема проблем.

По однос на цената од три денари, веројатно во тие три денари ќе се најде колку има за тутунарите. Ќе се најде. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Три минути господине Гешоски, повелете.

**Благоја Гешоски:** Благодарам.

Ќе се обидам да биде и пократко.

Почитруван колега Манев,

Не мислам дека е поинаку, освен дека не сте го следеле моето излагање од причини што јас ниту еднаш во него не спомнав и не кажав дека биле неоправдани протестите и барањата на тутунопроизводителите. Напротив, јас имав средба со тутунопроизводителите. Оваа Информација произлезе како наше задолжение или наше ветување пред нив дека ќе ја поднесеме ваквата информација и дека нивните барања се оправдани, од причина што јас одлично познавам што значи маката на тутунопроизводителите. Во тој дел сметам дека, можете да го погледнете и стенограмот, ќе се уверите дека е така и дека никогаш не сум кажал дека протестите се неоправдани, бидејќи кога луѓето чувствуваат страв дека нема да се откупи нивниот тутун, немаше друг начин како да ги искажат своите проблеми.

Можеби не се согласувам со начинот на кој што тоа се манифестираше, да Прилеп како град биде херметички затворен и да целиот живот биде блокиран во него, меѓутоа тоа беше тема на претходниот Закон.

Што се однесува до третиот заклучок не се согласувам со вас дека е нејасен, заклучокот и те како е јасен, ја упатува Владата од каде може да ги обезбеди средствата и се знае колкави се тие средства. Ние не можеме да ги утврдиме, тоа ќе го направи Владата која што ја задолжуваме да изготви програма за исплата. Согласно програмата ќе биде предвидено колку се тие пари. Во Република Македонија годишно се чини дека се трошат околу 200 милиони кутии на цигари, по три денари од секоја кутија цигари и тие пари би се поделиле рамномерно на тутунопроизводителите.

Оваа година тоа е договорено да биде на ниво од 30 денари, што не значи дека догодина доколку се соберат повеќе пари премијата би изнесувала повеќе. Затоа не е добро да се врземе со фиксна сума 30 денари. За оваа година, за реколтата 2005 година е така договорено, а во законот ќе стои дека три денари од секоја кутија на цигари ќе се одвојува за стимулирање на тутунопроизводството односно за премија по килограм на тутун. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Една минута господине Манев.

**Ефтим Манев:** Господинот Благој кажа дека протестите се поддржувани, иницирани од опозицијата. Ако е така нека биде јасно на секој дека опозицијата ако тоа го направила, не се плаши. Јас кажав дека опозицијата и зборував не денеска туку и порано дека ги поддржува протестите, ги поддржува, а не отишла со лица кои што протестираат. Тоа е едната работа.

А, тоа што зборува дека дали три денари или колку тоа ќе биде со тој закон. За оваа година имаме ние 30 денари по килограм и треба да се прецизира по мене, ако не сакаат тие веројатно ќе предложиме ние амандмани, да се прецизира до кога тоа Владата ќе го исплати. Ако го исплаќа две години, од тоа ништо.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Паљошкоски, повелете имате збор.

**Ѓорѓе Паљошкоски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Ако се тргне од тезата дека тутунот како вид како индустриско растение е добро, од општ интерес за Република Македонија произлегува дека во оваа стопанска гранка се вклучени повеќе сегменти и аспекти и тоа: социјален, економски, стопански и друг. Зошто тоа? Затоа што во производството на тутунот на ниво на Република Македонија се вклучени околу 40 илјади индивидуални земјоделски домаќинства или 200 илјади тутунопроизводители, на ниво на државата, кој се занимаваат и произвдуваат тутун и непосредно ја обезбедуваат својата животна егзистенција за себе и за членовите на своето семејство.

Оваа традиционална земјоделска култура една од носечките која е вклучена со добар дел во бруто општествениот производ на Република Македонија и секогаш обезбедува девизен прилив од странскиот пазар на кој се продава, а во својот квалитет и конкурентност учествува со добар процент и во вкупното светско производство на ориентален и најквалитетен тутун.

Производството на така нареченото жолто злато отсекогаш било гордост и достоинство на македонските тутунопроизводители, кое и денеска застапено во поголемите земјоделски региони во Република Македонија. Но, навистина треба да се загрижиме за ниската откупна цена на тутунот бидејќи оваа година во струмичкиот и прилепскиот регион навистина се откупува тутунот по најниска цена. Никогаш пониска цена од денешнава не била забележана откако се знае за оваа земјоделска индустриска култура откако се произведува на земјоделските површини во Република Македонија. Во право се тутунопроизводителите кои со голема доза на загриженост и протест и незедоволство од

откупната цена на тутунот кај самите нив бидејќи нивниот вложен труд максимално е потценет, девалвиран и воопшто неплатен од страна на купувачите. Во право се бидејќи нивниот тутун се откупува навистина по ниски цени.

Откупната цена кога се движеше од 120 до 130 денари за еден килограм и плус исплатена премија од 15 денари по еден килограм што успеа претходната Влада да го обезбеди, а се надевам на општо задоволство на сите тутунопроизводители низ цела Република Македонија. Значи, може да се констатира дека цената со премијата за еден килограм продаден тутун достигна цена до 140, до 150 денари во претходната Влада.

Понатаму, зошто се загрижени тутунопроизводителите, бидејќи животните трошоци, животниот стандард им опадна, а на сето тоа тутунот се откупува од тутунопроизводителите со навистина ниска цена. Тогаш, сите ние народни избраници, а особено Влада на Република Македонија со ресорното Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство треба да се запраша за оваа катастрофална и лоша состојба за крајна ниската откупна цена на тутунот и другите земјоделски производи.

Дали во наредниот период треба и тутунопроизводителите да се прогласат за социјална категорија која ќе падне на товар на буџетските средства на Република Македонија. Со тоа, наместо да се намалат средствата наменети за примателите на социјалната помош тогаш треба оваа Влада да ги зголеми овие средства на новите социјални случаи од редовите на тутунопроизводителите во Република Македонија. Нема простор ниту пак оправдување за Владата на Република Македонија.

Па затоа, на Собранието му предлагам оваа Информација за состојбите и откупот на тутунот од реколтата 2005 година да ја усвои.

Собранието да ја задолжи Владата на Република Македонија да обезбеди средства со ребаланс од Буџетот на Република Македонија. На тутунопроизводителите да им исплати на име премија од 30 денари по откупен килограм тутун и да им обезбеди навреме исплата на откупениот тутун од седум дена од денот на откупот.

Имам сознание дека завчера е постигнат договор помеѓу Владата на Република Македонија и тутунопроизводителите дека ќе се обезбеди премија од 30 денари од одкупен килограм тутун и дека ќе се обезбеди навреме исплата на откупениот тутун во рок од седум дека од денот на откупот од страна на откупните организации.

Исплатата на премијата на тутунопроизводителите од 30 денари по килограм ќе ја добијат најдоцна до април или мај месец оваа година. Тоа го вети Владата односно премиерот. Ќе ја потсетам Владата на Република Македонија односно премиерот да не остане со истото ветување што ветуваше на земјоделците, преку мелничките фирми ќе им исплати по еден денар по килограм откупена пченица, но до ден денес не е исплатено и се плашам тој договор со тутунопроизводителите да не биде исто како пченицата. Тоа ќе излезе дека се ветува, а во суштина ништо не се завршува односно не се исплаќа од страна на Владата на Република Македонија.

Јас знам дека сите тутунопроизводители на ниво на Република Македонија дека нема да ја добијат ветената премија од 30 денари од страна на оваа Влада затоа што не е за прв пат ветено, а да не се исплати. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господинот Исни Шаќири не е тука, господинот Стојаноски не е тука, господинот Ѓорчев не е тука ...

(Реакција на некои од пратениците во салата)

Значи, како реагирате брзо, повелете господине Стојаноски имате збор.

**Блаже Стојаноски:** Благодарам господине претседателе.

Најпрвин сакам да го почнам мојот говор со благодарност до ова Собрание што ни овозможи да зборуваме за оваа информација во еден актуелен момент, во момент кога навистина тутунопроизводителите се соочуваат со отпочнувањето на откупот на тутунот и потоа сите оние тензии кои настанаа на почетокот од оваа седница успеавме оваа точка да ја ставиме на место кое што ни овозможи да дискутираме за неа во ваков момент.

Она што на почетокот сакам да го искажам е одговорот на прашањето зошто оваа информација се предлага сега, затоа што ескалираше проблемот со откупот на тутунот, ескалираа проблемите кои што ги тиштат тутунопроизводителите, се зголемија и проблемите внатре во Тутунскиот комбинат конкретно во Прилеп како најголем откупен комбинат во најголемиот регион за производство на тутун во државава. Ова од причини што навистина сите тие проблеми кулминираа во овој период и доведоа до протести на тутунопроизводителите кои што, дали некој ќе ги оправда или не, меѓутоа факт е дека тие беа принудени на овој начин да го свртат вниманието на Владата кон нив затоа што факт беше дека и покрај сите укажувања, покрај сите прес конференции и покрај јавните изјави кои што ги даваа здруженијата кои што се занимаваат со проблемите во тутунопроизводството и во земјоделието воопшто Владата немаше слух да седне и да се позанимава со решавањето на овој проблем како што впрочем немаше слух да се занимава со овој проблем во последните три години откако е формирана оваа Влада на Социјал демократскиот сојуз, ДУИ и Либерално демократската партија на Македонија, затоа што факт е дека оваа Влада не најде сили ниту да

направи еден закон кој што ќе ги регулира на законско ниво односите во областа на тутунот, на тутунопроизводството на овој дел од земјоделското производство и на тој начин навистина со засукани ракави да влезе во решавање на акутните и многу тешко проблеми со кои што години наназад се соочуваат тутунопроизводителите.

Уште еден аргумент плус во контекст на ова, јас би ве запрашал дали некој се сеќава на името на министерот за земјоделство затоа што факт е дека никој од нас не знае зошто тој човек зема плата во Министерството за земјоделство, бидејќи во услови кога во земјоделството воопшто, зборувам за откупот на тутунот во овој момент, меѓутоа тоа важи и за проблемите на лозарите, и за проблемите на производителите на жито и за проблемите на оние кои што произведуваат ориз и други земјоделски производи него го нема никаде. Се бара министерот за земјоделство, каде се наоѓа, последен пат беше виден при промоцијата дека во Република Македонија нема птичји грип и од тогаш го снема.

Затоа јас тука би го повикал и премиерот господинот Бучковски јавно да излезе и да преземе ресорот земјоделие и на тој начин средствата од Буџетот кои непосредно се даваат за плата на овој министер да се насочат онаму каде што се неопходни, а тоа е за давање на поддршка на тутунопроизводителите.

Што е причината на протестите што дојде од страна на тутунопроизводителите, што е причината за блокирањето на патиштата и што е причината з аона што беше израз за толку силно незадоволство од страна на граѓаните на Прилеп, од страна на граѓаните на Ново Село од Струмичко, блокирањето на патишта кон граничниот премин кон Република Бугарија и на магистралниот пат Прилеп - Градско.

Првата причина која што доведе до овие протести беше начинот на проценка на тутуно. Сите знаеме дека согласно законските одредби проценката на тутунот се врши согласно мостри кои што се верификуваат од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и тие мостри треба да претставуваат пример врз основа на кој што ќе се врши проценката на тутунот од страна на проценувачите на откупните претпријатија. Меѓутоа фактот што до пред една недела некаде, само во прилепско од седум илјади тони произведен тутун беа откупени само колу триста петшеесет тони тутун, дефинитивно тоа значи дека производителите на тутун од прилепско не веруваа во легитимната проценка, во објективноста на проценувањето на тутунот од страна на откупните претпријатија. Тоа значи дека дирекно се злоупотреби една позиција која што треба да биде средена, така да се изразам, од страна на Владата затоа што Владата е таа која што треба преку инспекциските органи да врши контрола на откупот на тутунот, да врши контрола на проценката на тутунот, да врши контрола на почитувањето на договорите за откуп на тутун, затоа што факт е дека оние кои што требаше согласно законот да ги претставуваат тутунопроизводителите, а тоа се нивните претставници на откупните пунктови, немаше од каде да бидат финансирани, апсолутно никој не застана во заштита на интересите на тутунопроизводителите, откупните претпријатија ја искористија својата привилегирана монополска позиција и ги откупуваа и воопшто ситуацијата е потреба на глад за пари затоа што вкупната сиромаштија во која што живее овој слој на населението е навистина на високо ниво и од тие причини дојде до нарушување на процесот на проценка на тутунот, на произведениот тутун и девалвирање, намалување на вредноста на произведениот тутун, и ако ништо друго јас тоа би го нарекол профитирање на грбот на тутунопроизводителите, профитирање на маката на овие луѓе.

Втора причина која што доведе до оваа ситуација е отсуството, не само во однос на потребата државата да врши контрола преку инспекциските органи во областа на откупот на тутунот туку и целосно отсуство на било каков интерес од страна на државата за регулирање на вкупните состојби со откупот на тутунот. Тука би сакал да истакнам, барањата кои што ги дадовме на два пати преку поднесување на барања за измени на Законот за тутун, каде што се бараше точно дефинирање на времето кога ќе почне откупот на тутунот со цел да може на законски начин, со законска обврска откупните претпријатија да мораат да отпочнат со откуп на тутунот, со цел да не се доведуваат тутунопроизводителите во ситуација на уништување на она што го произвеле заради односот кон нив од страна на тутунските претпријатија и заради временските услови кои што неминовно работат на штета на квалитетот на тутунот и на штета на она што ќе претставува краен исход од нивниот труд, а тоа е цената која што треба да биде постигната преку предавањето на тутунот на откупните комбинати.

Затоа сметам дека тргањето настрана на државата од регулирањето на овие прашања, значи времето за отпочнување со откуп на тутун, потоа цената, гарантираната цена која што треба да биде пресметана врз основа на производствените трошоци за одреден тип на тутун при производството на тутун. Тоа ние го немаме затоа што ние немаме односно Владата нема стратегија за решавање на овие проблеми, сеуште се поведува на една ситуација која што ја имаше затекнато уште од порано и на решавање на гаснење на пожарите како што ќе се појават. Јас сум свесен овој пожар кој што се појави околу протестите на тутунопроизводителите во Прилеп немаше да се случи доколку Владата навреме интервенираше, навреме реагираше и се обидеше навреме да ги реши овие состојби преку навремено поднесување на Законот за тутун со кој би се регулирале овие прашања, потоа преку

ефикасно функционирање на нејзините инспекциски органи со постојано присуство на откупните пунктови на оние три комбинати кои што вршат откуп во тој момент во Прилеп и на тој начин директно ќе влијаеше врз намалувањето на тензиите кои што произлегоа од вкупните состојби со откупот на тутунот.

Покрај ова фактот што поддршката на Владата која што требаше да се однесува на субвенционирање или премии како што се нарекува за производство на тутун се сведе само на давање на пари согласно волјата на премиерот, премиерот одлучил дека нема да биде 60 денари туку ќе бидат 30 денари, дека тоа ќе се направело од еден закон кој што во иднина требало да биде донесен, што укажува дека директно се уништува или се дерогира позицијата на Парламентот, затоа што во ниеден момент не може да предвиди премиерот како ќе биде гласањето во овој Парламент и дали навистина парламентарното мнозинство ќе даде поддршка на ова прашање иако декларативно бар досега никој не искажа ниту збор против оваа идеја.

Затоа сметам дека ветувањето на премии на овој начин како што се направи дефинитивно преставува едно признание од страна на Владата, дека нема стратегија за решавање на вкупните проблеми во областа на тутунопроизводството.

Затоа прашањето што го поставувам сега до премиерот Бучковски е како ги одреди 30 денари за исплата по килограм тутун. Зошто не се 40, зошто не се 50, зошто не се 60 како што бараат тутунопроизведителите или зошто не се утврди еден начин врз основа на кој директно ќе беа остварени заклучоците кои што се предлагаат по основа на оваа Информација, а тоа е да го прифатеше она што го предлагаше господинот Ѓорчев како претседател на парламентарната Комисијата за земјоделие и на тој начин да извршеше ребаланс, односно измена на распоредот на средствата во Буџетот на Република Македонија со што директно преку буџетска подршка ќе се овозможеше подршка на земјоделското производство воопшто, а во тие рамки на тутунопроизводство.

Меѓутоа за жал, тоа не се случи. Владата во тој момент велеше и преку изјава, сакам ова посебно да го потенцирам, затоа што остана тоа незабележано. Министерот за финансии во Владата на СДСМ и ДУИ јавно изјави дека: тутунопроизводството, односно земјоделското производствот воопшто, претставува само 7% или учествува само со 7% во бруто домашниот производ на Република Македонија. Оттука тој заклучил дека под подршка на земјоделството не е потребна заради малото негово учество во вкупниот бруто домашен производ во Република Македонија. Ова е логиката што ја има вашата Влада господа, ова е она што јавно го изјави на една телевизија, на телевизија А1, ќе ве потсетам, министерот за финансии господинот Никола Поповски. Ако е ова пристапот за воопшто решавање на проблемите во земјоделието, вклучувајќи ги тука и проблемите во областа на тутунопроизводството. Јас не можам да кажам ништо друго туку ова што се случува сега е само гаснење на пожар за кој што се сомневам дека трајно ќе ги реши проблемите во оваа област, затоа што премијата која што сега се ветува од 30 денари, прво не е законски подржана, сеуште, иако има ветување дека тоа ќе се стори. Понатаму програма нема донесено, затоа што програмата треба да следи после донесувањето на законските одредби и трета работа што сакам да ја кажам е тоа дека таа премија од 30 денари не е заснована на реални параметри за подршка на тутунопроизводството.

Врз основа на што, уште еднаш прашувам, премиерот Бучковски изнесе пред јавноста тврдење дека со триесет денари се решава проблемот во иднина. Вклучувајќи го тоа, фактот дека многу малку се спомнува, а тоа е дека Владата со ниту еден денар средства, на овој начин од Буџетот на државата не учествува во подршка на тутунопроизводството. Од Буџетот на овој начин како што се предлага сега не се дава ниту денар повеќе од она што беше досега дадено.

Ако е така јас не гледам како, некој излегува и вели дека Владата ги решила проблемите со тутунопроизводството, дека Владата дава реална подршка, а од друга страна ги покачува цените на цигарите, пак народот е тој преку тие пари што ги даваат пушачите, што ќе ги плати оној друг дел од народот што го произведува тутунот. Тоа не преставува сериозна политика на Владата која што треба да се води во областа на производството на тутун на една сериозна Влада.

Затоа се надевам дека она што беше ветено, ќе биде брзо реализирано. Тука зборувам околу донесувањето на законот за тутун, меѓутоа законот како закон нема да значи ништо ако не се одржи решенија кои што трајно, долгорочно ќе ги решат или ќе се обидата да ги решат проблемите со кои што се соочуваат земјоделците во Република Македонија, тутунопроизведителите.

Понатаму дека брзо ќе се регулира прашањето на изготвувањето на програмата и доделувањето на оние, барем на оние средства кои што се ветени како некаква, каква таква, јас би ја нарекол парична помош од социјален тип до тутунопроизведителите. Иако сметам дека револтот кој што беше искажан од страна на тутунопроизведителите со блокирањето на патиштата не беше израз само на револтот што беше кај нив присутен заради лошото водење на откупот на тутунот, заради ниските цени на тутунот, заради лошиот начин на откуп на тутунот, туку сметам дека револтот беше израз на едно вкупно незадоволство кое што го има македонскиот земјоделец, македонскиот тутунопроизводител. Затоа што факт е дека тој се наоѓа во најтешка состојба, најтешка егзистенцијална состојба, дека нема можности за

вработувања, дека нема никаква подршка од страна на државата, апсолутно се чуствува маргиналец во сопствената држава.

Затоа една од причините сметам дека е не само тутуот, откупот на тутунот, туку и вкупните состојби на сиромаштија, на социјално незадоволство кое што го тиштат овој народ и една состојба на безперспективност во која што се наоѓа. Затоа уште еднаш од оваа говорница би и препорачал на Владата преку инспекциските служби, на друг начин директно да влијае врз проверка на договорите за откуп на тутун, на нивната содржина, директно да влијае врз подготовката на откупните пунктови за откуп на тутун, затоа што не е можно секаде да се врши откуп тоа е регулитано каде се може да се врши откуп на тутун. Да врши директна контрола на почитувањето на критериумите за откуп на тутун, на проценката на тутунот, затоа што само таа преку инспекциските органи е во можност директно да преземе некои конкретни мерки, да изрече санкции врз откупните комбинати, кои што би го прекршувале законот за тутун, а од друга страна да ги заштити на тој начин, преку почитување на законот, оние луѓе, тутунопроизведителите кои што одат да ја ценат нивната мака која што ја вложиле во производството на тутун, маката на нивните семејства кои што ја вложиле во садењето на тутунот, во копањето, во берењето, во нижењето, во сушењето, во пеглањето, во сите оние фази од производството на тутун.

Затоа сметам дека оваа Информација заедно со Заклучоците ќе биде едногласно донесена од овој Парламент и дека Владата, ако се донесе вака ќе ги почитува Заклучоците, од кои посебно истакнувам на почитување на заклучокот број 3, затоа што факт е дека имавме Заклучоци во однос на раселените лица, па има се уште многу проблеми во тој дел. Заклучокот број 3 кој што гласи: "Собранието ја задолжува Владата на Република Македонија да ги разгледа можностите за исплата на средства од Буџетот на Република Македонија утврдени во ресорот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство".

Стапка за поттикнување на земјоделието. Значи овој дел посебно го истакнувам затоа што оној друг дел за кој се однесува Заклучокот, а тоа е средствата од зголемената акциза за цигарите, изготување на програма што овие средства ќе ги распредели на тутунопроизведителите во вид на премии за откупениот тутун од реколтата 2005 година, сметам дека нема да преставува само обична лага туку и ќе биде имплементирана во пракса. Ви благодарам.

(Со седницата продолжи да раководи потпретседателот на Собранието на Република Македонија, господинот Слободан Најдовски).

**Слободан Најдовски:** Благодарам господини Стојановски.

Господине Ѓорѓиев за реплика.

(реакција од пратениците)

Реплика господинот Ѓорѓиев Драган и госпоѓа Топузова Каревска.

Три минути реплика за господинот Ѓорѓиев Драган. Повелете господине Ѓорѓиев.

**Драган Ѓорѓиев:** Благодарам господине потпретседателе,

Претходните дискусии во изминатите години навистина добар дел од нив беа аргументирани од господинот Блаже Стојаноски со конкретни податоци, со конкретни бројки, издржани, итн. Меѓутоа оваа дискусија наспроти тие претходни дискусии навистина одразува еден голем број невистини, еден голем број на извртени случаеви, кои што во репликата ќе ги споменам.

Господинот Блаже Стојаноски се повикува на тоа дека државата сега кога им треба не стои зад тутунопроизведителите, се трга на страна со тутунопроизводстото, не донесува нов закон за тутун, не донесува одлука за премии, итн, што во суштина е обратно. Тие сакајќи како опозиција да добијат во делот на овие протести и блокади, во делот на преговорите се покажа обратно. Овој пат навистина и тоа како што можеше најдобро да се случи добија тутунопроизведителите. Значи тие добија. Јас морам да споменам дека доби и власта, во однос на подршка од страна на тутунопроизведителите. Директно предку разговори и преку барањето на тутунопроизведителите покажа и овој пат дека позитивно ќе бидат решени скоро сите барања на тутунопроизведителите и дека еден пат, за секој пат ќе биде тргнато ова прашање за подолго време. Преку донесување на нов закон за тутун, тоа што вие господине Блаже Стојаноски не го направивте тогаш кога бевте на власт, кога бевте директор кога вашата партија беше на власт. Тогаш кога не ги решивте проблмите со тутунопроизведителите, овој пат, оваа година, започнато од 2005 година, кога се донесе Законот за здравствена заштита, затоа што продолжуваат вашите дискусии во иста насока. На сите ваши дискусии ќе ги поставам истите прашања. Што направивте вие од 1998 година до 2002 година, дали го изменивте законот во полза на тутунопроизведителите и освен премија од 15 денари по килограм тутун на 2 јули 2002 година пред изборите, која што ако се продолжи со истакнување на оваа премија ќе ги кажам фирмите на кои што не беа исплатени до крај и каде што имаме тужбени барања.

Значи што вие направивте, колку исплативте, а тоа што ние ќе го решиме тоа е веќе одлучено и за десетина дена ќе се донесе новиот закон за труд.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ѓорѓиев.

Една минута контра реплика пратеникот Блаже Стојаноски.

Повелете господине Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Господине Ѓоиев, искажа една извртена ситуација. Јас само би одговорил на неколку прашања. Дали откупот беше во ред, дали се одвиваше согласно законот пред протестите. Дали тутунот се ценеше објективно. Дали имаше ветувања за премија кој што сега ги има за 30 денари. Дали Тутунскиот комбинат во Прилеп вршеше откуп. Вистина ли е дека од 7000 тона само 350-360 тони беа откупени вкупно во Прилепско. Значи, револтот што го имаат тутунопроизведителите произлегуваше од овие состојби. Факт е дека ниту инспекциските органи во државава не излегуваа на лице место пред да се случи овој протест. Значи некој преку протест успеја да ја принуди Владата да превземе мерки која што беше должна да ги превземе согласно законот кој што е важечки.

**Слободан Најдовски:** Благодарам, господине Стојаноски.

Три минути реплика Роза Топузова-Каревска.

Повелете госпоѓо Каревска.

**Роза Топузова-Каревска:** Почитуван потпретседателе,

Она што беше кажано околу проблемите со откупот на тутунот, навистина тутунопороизведителите беа соочени со тие проблеми и тоа го согледавме сите ние поготово и претениците кои што отидовме на самото место кога бевме повикана од страна на тутунопроизводителите. Факт е дека имаше проблеми со откупот на тутунот и токму поради тоа ја подготвивме оваа Информација. Ако немаше проблеми, немаше зошто сега Собранието да расправа по некои информации ние да поднесиме. И навистина проблемите се тие што се наведени кои што ги спомена колегата Блаже Стојаноски.

Меѓутоа, што е мојата дилема. Можам да се сложам со него дека навистина долговечно ќе се решат само со донесување на законот за тутун и тоа е најдоброто нешто што го има во оваа Информација да се ажурира што е можно побрзо, Владата да го достави законот за тутун до Собранието и тоа да го донесе затоа што тоа е единствениот начин за решавање на проблемите.

Но, не ми е јасно, дали беа искрени намерите на колегата Блаже Стојаноски кога се потпиша на оваа Информација каде што се бара Собранието да ја задолжи Владата да ги разгледа можностите за исплати премија врз основа на средствата кој што ги има во Буџетот утврдени во ресорот во Министерството за земјоделство и со зголемување на акцизата. Владата го направи тоа пред да и биде доставено и одреди премија од 30 денари.

Всушност, затоа не е премијата 40, 50 или незнам колку денари, туку врз можностите што ги има, направи согледувања, ги зеде во предвид сите параметри и врз основа на тоа ја одреди висината. Сега кога се одреди таа висина на премијата, најверoccurовратно колегата Блаже Стојаноски не е задоволен, затоа што тутунопроизведителите ја добија таа премија и со тоа е задоволен најголем дел од нивните барања и сега нема повеќе да протестираат, да стојат да го блокираат целиот Прилеп, како што беше со случајот до сега.

Ќе повторам, сметав дека оваа Информација ја поднесовме со искрени намери да им помогнеме на тутунопроизведителите, а не само да сееме демагогија и да ги носиме тутунопроизведителите во заблуда и сега со огромен скептицизам да искажуваме нема да биде исплатена оваа премија. Тутунопроизведителите беа присутни на договорот се даде ветување и јас очекувам дека ветувањата ќе се исполнат и ќе се исплатува до динамиката која што тогаш беше договорена. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Топузова.

Една минута контра реплика, господинот Блаже Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Околу заклучоците вас ќе ве прашам. Средства во Буџетот на Република Македонија колку има издвоено Владата за тутунопроизведителите. Одговорете ми врз основа на точката 3 од овие заклучоци.

Второ, кој се тие критериуми врз основа на што ја утврди висината. Зошто не беше прифатено барањето од 60 денари. Затоа што едно евро даваат и во Бугарија, и во Србија, сунвенција на тутунот.

Трета работа, да не беа овие Влади, за сите овие Влади на СДСМ, на ДУИ и вашата Влада, немаше да има потреба блокирање на патишта. Јас не сум задоволен што се блокираат патиштата, туку сум незадоволен што луѓето се наоѓаат во толку тешка ситуација, во таква сиромаштија и сега се злоупотребува нивната мака за политички цели.

**Слободан Најдовски:** Благодарам, господине Стојаноски.

Овде денес завршуваме. Продолжуваме утре во 11.00 часот.

Прв за дискусија утре е господинот Србиновски за да знае да дојде на време.

(Седницата прекина во 18,00 часот)